Митрополит Струмички Наум

# Нови личносни односи

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2016

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија

Издавањето на книгата го овозможи црквата
„Св. Григориј Палама и Св. Димитриј Мироточив“
Струмица

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата е издадена по повод
педесет години од возобновувањето
на автокефалноста на
Македонската Православна Црква –
Охридска Архиепископија
и е посветена на
преподобен Гаврил Светогорец,
Епископ Велички.

# ПРЕДИСЛОВИЕ

# КНИГА – ЛИТУРГИЈА

*Кон една практична теологија*
*на доброто*

Еве ја најновата книга беседи на Митрополитот Струмички Наум, пред нашите телесни и духовни очи. Пишувани од седмица во седмица, тие беседи сочинуваат негова Summa theologicae, како впрочем и досегашните негови колекции од беседи.

Во книгите со беседи на Митрополитот Струмички Наум, барем според мојот личен досегашен опит, се препознава едно исклучително начело на холизмот (мистично-филозофско учење за Едното и Целината, кое е праоснова и на христијанската теологија): во секоја поединечна беседа, во секој фрактал, се отсликува целината. А кога делот ја содржи целината (а тоа значи – и другите делови и нивното *органско* единство), тогаш таквата книга многу личи на Светата Литургија. Во Литургијата, сите ние, во целина како Тело Христово (Црква) се спасуваме огледувајќи се еден во друг и во целината, спасувајќи се еден преку друг и еден со друг, преку целината. Впрочем, тоа Владиката и самиот убаво го опишува во една беседа во која ја опишува смислата на Светата Литургија:

„Како што би рекол нашиот преподобен Ава Јустин, толкувајќи го свети апостол Павле (парафразирам): во Црквата на Светиот Дух, како Тело на Богочовекот Христос, секој молитвено и благодатно се спасува и се восовршува преку сите и со сите, и сите се спасуваат и се восовршуваат преку секого и со секого. Затоа што секој, по благодатта на Светиот Дух, живее во сите и сите живеат во секого“.

Поимот на целината, се разбира, овде е клучен, затоа што целината ја сочинуваме сите ние, а таа целина Го отелотворува Бога. На двонасочната релација дел – целина се крие симболиката на божественото во човекот и на човечкото во Бога (Он дојде на земјата за да пострада како човек); на двонасочната релација дел – дел, се крие комуникацијата на човек со човек, т.е. она „љуби го ближниот свој“. На едно место Владиката Наум вели: „човек не може да спаси човек“. Тоа значи дека спасувањето е можно само преку целината (Бог), но таа се достигнува преку другите, преку деловите. Точно е дека човек не може да спаси човек, како што е точно дека ниту натриумот, ниту хлорот се солени; но кога ќе влезат во органска целина (ние сме органи на организмот на Црквата), се добива – натриум хлорид, т.е. сол.

Така, една преку друга и со друга, живеат и беседите во книгите на Митрополитот Наум – литургиски, во единство на совршен организам. Една беседа „се спасува“ преку сите други, затоа што својата смисла ја добива дури преку нив, па нејасните, „темни места“ од една беседа ни стануваат јасни дури по читањето на некоја друга. И така е со

сите беседи, кои во љубовен однос една кон друга („љуби го ближниот свој“) навистина ни симулираат Света Литургија, односно колективно спасение. Тоа е она што привлекува во архитектониката (внатрешната композиција) на сите досегашни книги на Владиката – тие се модел на Евхаристија.

### *Доброто и злото:*<br>*теистичка и атеистичка перспектива*

Така е тоа на формален план, а на содржински план, и оваа книга, како и сите претходни книги на Владиката се занимава со единствената и најважна тема на секој теолог – *доброто*. А, бидејќи доброто и злото се соединети како две страни на една иста паричка (како и зборот и поимот во јазикот), и невозможно е да се расправа за едното ако не се спомене другото, тоа значи дека беседите на Митрополитот редовно, покажувајќи му го патот на човекот кон обожението (тесен пат на доброто и себежртвувањето), мораат да укажат и на опасностите на злото кое демне на тој пат.

Но, како и за сите човечки прашања кои се предмет на филозофско промислување, така и за прашањето за доброто и злото постојат две концепции, меѓу кои постојат ненадминливи бездни и разлики. Едната концепција е теоцентрична и православна, и Го става Бог како извор на доброто. Според теолозите, секое зло се случува со Божјо допуштение, бидејќи Бог не ја нарушува нашата слобода, а заради постигнување виша цел – вишо добро, непо-

имливо за обичниот разум. Втората концепција, пак, е антропоцентрична, и го поставува човека како извор, како алфа и омега, како единица мера и на доброто и на злото.

Некои теисти, особено дуалистите, го застапуваат гледиштето дека и доброто и злото се супстанцијални (дури и хипостазирани во *личноста* на Бог и *фигурата* на ѓаволот)[1], додека световните филозофи веруваат дека доброто и злото не се супстанцијални, туку релациони категории – добиваат смисла едното по однос на другото. Ова е, се разбира, *опасна релативизација на поимот на злото*, затоа што, на пример, еден злосторник кој само ја убил својата жртва може да тврди дека бил похуман од друг кој претходно ја силувал, ја убил, а потоа и ја искасапил со нож. Таквите релативизации на позитивистичката секуларна филозофија доведоа и до апсурдни ситуации, во кои може да се говори за „подобро“ и „за полошо“ зло; световната филозофија не може да го реши овој проблем сѐ додека на апсолутните, бинарни опозиции како што е „добро – зло“ гледа релативно, како на „степенести“ опозиции. Можеме да говориме за потопли и постудени температури, за помлади и постари луѓе (степенести опозиции), но за базичните епистемолошки поими не

[1] Световните, атеистички филозофи многу лесно, кога ја опишуваат теологијата, ја користат формулацијата дека доброто е олицетворено во *фигурата* на Бога, а злото во *фигурата* на ѓаволот. Нема потреба да ги исправаме и да докажуваме дека Бог е личност, а ѓаволот само фигура; Владиката низ повеќе свои беседи говори дека со Бог градиме *личносен* однос (затоа што Бог е личност), а со ѓаволот *наемнички* однос (затоа што тој е само фигура на „работодавач“).

може да се зборува со речникот на скалестата опозиција, туку само со речникот на апсолутните, бинарни или мултилатерални опозиции. На пример, никаква смисла нема да се тврди дека еден мртовец е повеќе мртов од друг, ниту дека бакарот е повеќе метал од алуминиумот.

Таквата релативизација на поимите посебно е невозможна ако станува збор за етичките поими; особено јасно се гледа тоа врз примерот на поимите „добро“ и „зло“. Иако од искуство знаеме дека постојат „подобри“ и „полоши“ луѓе, сепак, не можеме да зборуваме за „полошо“ и „подобро зло“ или за „полошо“ и „подобро“ добро: во тој случај стануваме *економисти на гревот или доблеста* и калкулираме со „полезноста“ на едно добро или со „штетноста“ на едно зло. Според таа „економија на доброто“, оној кој во раката на питачот ќе остави пет златници (а имал петстотини во џебот) направил поголемо добро од оној кој дал еден златник, а во џебот имал – само еден. Второв дал сѐ, а првиот една стотинка. Немаме право на такви *економски* фалсификации на доброто, зашто јасно е дека вториот човек многу повеќе сочувствува со питачот отколку првиот.

Или, ако расправаме за злото – да го земеме примерот со убиството, кое е санкционирано уште во Светото Писмо како смртен грев, преку Заповедите. При убиство, не може да има степени на „хуманост“. Ако тоа се дозволи (како што прават световните филозофи, а посебно адвокатите, кога за добри пари настојуваат да покажат дека нивниот клиент можеби е злосторник, ама не баш најлош, за

да извлечат што помала казна), ќе се дојде до апсурдни, жални, богупротивни, ужасни искази како што е оној на Јозеф Менгеле, кој објаснува зошто ги убивал еврејските деца со нивните мајки, како знак на хуманост![2]

Според тоа, со поимите на „доброто“ и „злото“ нема никаква релативистичка игра, нема „демократија“, „релативизација“ или „разлабавување“. Тие антирелигиозни, филозофско-интелектуални гимнастики, карактеристични особено за постмодерните филозофи (главно филозофијата на дваесеттиот век), ги плативме со целосен морален пад: многу поими кои беа камен-темелници на човековото *добро* однесување сега се „излизгаа“, па дури зборуваме со еден нов вокабулар на моралот, во кој дури и гревовите се прогласуваат за доблести!

Затоа, оваа книга на Владиката доаѓа како обид работите да се постават повторно на нивното вистинско место: доброто да се издели строго од злото, а злото да се препознае и избегнува. Нема компромис, како што вели и Владиката, во една своја беседа:

---

[2] Еве го тој монструозен исказ: „Кога ќе се роди еврејско дете или кога во логорот ќе дојде мајка со дете, јас не знам што да правам со детето. Не можам да го ослободам, бидејќи нема повеќе Евреи кои живеат на слобода. Не можам да го оставам во логорот, бидејќи не постојат услови кои на детето ќе му овозможат нормален развој. Не е хумано детето да се испрати во крематориум, а да не ѝ се дозволи на мајката да биде таму за да биде сведок на смртта на детето. Затоа во крематориум ги испраќам и мајката и детето“. Цитирано според James Glass, *Life Unworthy of Life: Rational Phobia and Mass Murder in Hitler's Germany*, Basic Books, New York, 1997, стр. 172.

„Богочовекот Исус Христос ги победи ѓаволот, гревот и смртта – и тоа ги победи за нас и наместо нас, и го обезбеди нашето вечно благобитие. Ѓаволот, неговите демони, неговиот слуга – антихристот, гревот и смртта се поразени. Наше е само слободно, со вера и на дело да избереме дали ќе учествуваме во победата на Богочовекот или во поразот на ѓаволот, и никакви други победи или порази не постојат на овој свет, и никаков друг суштински избор немаме. И секој избор на ова се сведува".

Значи, нема преговори меѓу доброто и злото; и покрај сите напори на постмодерната филозофија да нè убеди (од Ниче, па наваму) дека не постојат стабилни идентитети, ова не проаѓа на теренот на етиката. А најмалку проаѓа кај теистите; атеистите нека релативизираат колку сакаат и што сакаат, барајќи слобода и демократија дури и во промовирањето на противприродните нешта како „демократски права": брачни заедници меѓу лица од ист пол, па дури и посвојување деца (на кои со тоа им се наметнува хомосексуална ориентација без самите да ја изберат), менување на полот, клонирање, евтаназија, смртна казна... Секој е одговорен за својот избор.

Сепак, иако нема преговори меѓу доброто и злото, особено во теологијата на Владиката Наум (која се разбира, се должи на неговите славни претходници – Светите Старци), тоа не значи дека некои луѓе ни се чинат како „подобри", а други како „пolоши". Тоа, велат проповедите на Владиката, зависи од степенот на очистеност на срцето од нивните

страсти. И се разбира, од видот на страстите кои кај нив уште не се очистени, односно преобразени. Со тоа, теологијата на Владиката Наум покажува дека силите на душата, доколку не се користат правилно (тие сили на душата се дадени како средства за наше добро), се претвораат во страсти. Три се тие сили на душата: една словесна (умот) и две бесловесни – волјата и желбата (копнежот). Ако се злоупотребуваат, првата води кон самољубието, втората кон сребробољубието, а третата кон сластољубието. А тие страсти, една со друга се потхрануваат и раѓаат. Според степенот на нивната заузданост/преобразување, цениме дека некој е подобар или полош човек. Тоа значи дека самите сме одговорни за тоа зауздување, односно за тоа колку сме добри или лоши. Владиката тоа го кажува јасно:

„Преобразувањето почнува од умот (словесната сила), па преку бесловесните сили на душата (волјата и желбата) и целата душа, па сè до самото наше тело.

Страстите се болест на душевните сили, како и нивна злоупотреба, кои преку навиката станале наша втора природа. Со наш труд и со помош на Божјата благодат, страстите треба да се преобразат во добродетели, та сите наши душевни сили да дејствуваат здраво – согласно Божјата волја. За ова е потребен духовен подвиг во Црквата, под вистинско духовно водство. (...)

Правиме разлика меѓу грубите страсти – како што се видовите на сластољубие, и суптилните – како што се среброљубието и славољубието“.

## *Знаењето*
## *како пат кон доброто*

Во разликувањето на доброто од злото клучен поим е *знаењето*; впрочем, уште Аристотел сметал дека злото доаѓа од незнаењето. Може да се случи човек да чини зло, а воопшто да не знае дека прави зло, затоа што не го спознал доброто (моралниот кодекс на *Заповедите*, односно *Законот* според кој треба да живее човекот). Познат е примерот од световната антропологија – момчето наречено Виктор, дивјак кој израснал надвор од секаква цивилизација, во природата.

Момчето кое имало околу 12 години, излегло на 9 јануари 1800 година од шумата Сен-Сернен во Франција и било фатено од цивилизираните луѓе; момчето не знаело да зборува, не сакало да престојува во затворена просторија, вршело нужда стоејќи и без најава, ја кинело облеката кога ќе го облекле, ги касало луѓето кога ќе му се доближеле. Така, тоа момче се покажало како момче кое ниту е неморално, ниту морално, туку а-морално (не знаело што е морал; не знаело ни за човекови, ни за Божји закони). Грабало сѐ од другите луѓе, но не можело да се каже дека краде, затоа што тој поим, крадење, не му бил познат, па во тоа негово грабање немало присвојување туѓ имот со предумисла. Момчето не покажувало никаква емпатија кон другите луѓе; да бил израснат во морална средина, со право би бил наречен „радикален егоист“, но тој, едноставно, се наоѓал во предморален стадиум.

Но, ние не живееме во предморален ста-

дијум, за да ни биде простено. Ние сме одговорни за своите постапки, и посебно за своето незнаење. Ние (а тоа ни го кажува и оваа книга на Владиката) мора да знаеме што е добро, а што зло. Ние мора да ја спознаеме моралната природа на човекот. А каква е моралната природа на човекот?

## *За двојнаша природа на човекош и за слободнаша волја*

И световните и црковните филозофи се соочени пред само четири логички можни одговори на прашањето: каква е моралната „природа“ на човекот: 1. човекот е добар по природа; 2. човекот е зол по природа; 3. човекот не е ни добар ни зол, туку нешто трето; 4. човекот е и добар и зол во исто време.

Но, тоа е само логика на можностите. Во пракса, јасно е дека се раѓаме морално неутрални, како момчето Виктор, а дури потоа стануваме или зли или добри, или можеби и едното и другото, што е најверојатно. Јасно е дека 1 и 2 се идеални конструкции кои не постојат во животот. Можеби постојат само во книжевноста, каде има ликови кои се само добри или само зли, но во вистинскиот живот сите луѓе се и добри и зли; некои се повеќе добри, некои се повеќе зли, но сите се *и* добри *и* зли. Третата претпоставка е бесмислена – веќе кажавме дека не постои трета можност во изборот меѓу доброто и злото, зашто веќе врз примерот на Менгеле се покажа тоа: би следувало, доколку оваа

логичка можност има смисла, во пракса да кажеме дека Менгеле не бил ни добар ни зол, туку – музичар, чевлар, генерал, рибар... со што овие „трети нешта“ неправедно би ги лишиле од можноста да бидат – добар или лош човек.

Претпоставката 4 (луѓето се и добри и зли во исто време) им е заедничка на повеќето световни, но и на *сите* теолошки ориентирани мислители. Таа претпоставува дека се раѓаме морално неутрални (ниедно доенче не може да биде обвинето за себичност), но дека потоа почнува во нас да се јавува вагата на злото и доброто. Што ќе претегне, зависи од воспитанието и од средината, велат, најчесто, световните филозофи. Владиката Наум, како претставник на една модерна теологија сосема ѝ припаѓа на оваа претпоставка за двојната природа на човекот, но тој тврди дека злото се победува само со Бог, и дека Светата Тајна Крштение е првата победа на доброто над злото во срцето на секој човек:

„Според Преданието на Светите Отци и учењето на Црквата, демонот го зазема центарот на нашето срце пред Крштението. Но, кога човекот на Крштението ја прима благодатта Божја во центарот на срцето, тогаш демонот се изгонува надвор од центарот и се сместува во околината на срцето. Сѐ додека срцето е заробено од страстите и сѐ додека доволно не се очисти, односно додека човекот не дојде до вториот степен на духовниот раст – молитвата на умот во срцето и просветленоста, демонот останува во околината на нашето срце, го држи заробено преку страстите и затворено за умот“.

Значи, внимавајте – и според Владиката Наум

цел живот (или барем поголемиот дел од животот) ќе бидеме *и добри и зли*, барем ние, кои се обидуваме да се исчистиме од страстите. Цел живот ќе се бориме со злото, зашто и по Крштението, демонот, иако изгонет од центарот, „се сместува во околината на срцето“. И чека шанса да се врати.

Оваа претпоставка која тврди дека луѓето се и добри и зли, световните филозофи сосема неправедно и самовозгордеано си ја присвоија и ја прогласија за своја, а за теистите, сосема неправедно тврдеа дека им припаѓаат само претпоставките 1 (човекот е добар) и 2 (човекот е лош), при што првиот го сметаа за „верник“ и „Божји човек“, а вториот за „човек обземен од ѓаволот“. Со тоа, тие целосно ја вулгаризираа теологијата и смислата на верата – а тоа е подвигот што секој од нас треба да го направи за да *стане* и *остане* добар човек; со тоа, се разбира, сосема неправедно ја исклучија и можноста на *падот*. Исклучувајќи ги *подвигот* и *падот*, двете клучни вредности на христијанството за кои Владиката Наум пишува *во секоја своја беседа*, тие атеистички мислители бескрупулозно го присвоија и поимот на *слободната волја*, односно поимот на слободен избор, па дури и најдрско тврдеа дека теологијата не дозволува слободен избор! За нив, кога ја интерпретираат теологијата, човекот е само марионета или во рацете на ѓаволот, или во рацете на Бога, односно на слепата судбина; но, тоа говори само за нивното *непознавање* на основите на богопознанието.

Затоа, велиме: по оваа книга на Митрополитот, станува јасно дека токму таа четврта, тео-

лошка претпоставка (луѓето се и добри и зли), нужно го воведува поимот на *слободната волја*, односно прашањето за слободен избор. Ние правиме зло, велат христијанските теолози, а меѓу нив и Владиката, токму затоа што сме слободни да избираме; подеднакво, правиме и добро само затоа што имаме слобода на избор:

„Слободната волја е како меч со две острици, бидејќи можеме да ја исползуваме за да го достигнеме подобието Божјо, а злоупотребувајќи ја можеме и да отпаднеме од Бог. А Бог ја почитува нашата слобода, затоа што ако се наруши слободата, се нарушува и Неговиот лик во нас, според кој сме создадени“.

### *Мисијата на Црквата денес; злото и душевното здравје*

Друго прашање е зошто некогаш го избираме злото наместо доброто? Дали затоа што полесно е да се направи зло одошто добро? Дали затоа што најлесно е да се задоволи страста, наместо да се преобрази во доблест, преку преумување и покајание, молитва, послушание и воздржување? Тоа Владиката го повторува од беседа во беседа, упорно, трпеливо и систематично, како што Сизиф го турка својот камен иако знае дека каменот ќе се стркала и падне. Тоа е негова беседничка особина: трпеливост без граници. Повеќето од нас, луѓето, едноставно, го практикуваат злото, иако знаат за моралниот закон и за Божјите заповеди. Тоа значи дека

го избрале злото, и тука Владиката ја гледа големата мисија на Црквата – спасението. Црквата (а тоа сме сите ние, Телото Христово) треба да ни го покаже патот на ослободување од демонот:

„Цел на Црквата е: луѓето кои, преку задоволување на своите гревовни страсти, водат противприроден начин на живот, односно кои се наоѓаат во некоја од фазите на душевно разболување (неврози, растројства на личноста и демоноопседнатост) да ги врати во нормален, природен начин на живот и наместо задоволување или потиснување, да им понуди преобразување на страстите низ степените на духовниот развој (*очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *боговподобување*)".

Како што може да се забележи (а оние кои ги читале претходните книги на Владиката Наум тоа веќе го знаат), Митрополитот е наклонет кон една модерна теологија, која не негува непријателство со модерните науки за душата, во прв ред со психологијата и психијатријата. Неговата теологија, дури соработува со овие дисциплини, без разлика што многумина психолози и психијатри-атеисти на теологијата гледаат со предрасуди. Митрополитот, без разлика на таквите ставови, верува дека врските меѓу науките за душата и теологијата не само што се можни, туку и пожелни. За него верата и Црквата имаат и куративна, лечебна, психо-терапевтска димензија. Една од мисиите на Црквата денес е да се справи со најразличните форми на невроза, психопатија и социопатија, кои се шират како чума, а во кои теологијата го препознава – демонот. Но и

тука, Владиката Наум се придржува до таканаречената „теорија на привација“, која тврди дека злото не постои самото по себе, туку, едноставно, претставува отсуство на доброто. Така и душевните нарушувања за него се само знак на отсуство на доброто, односно отсуство на Бог во човековата душа. Неговата позиција е *теоцентрична* (Бог е добар, и Бог е Тој Кој посеал Негово зрно на добрина во нас), но истовремено тоа не значи дека со тоа се исклучува *антрополошката* теорија за одговорност пред злото: ние, луѓето, *сме одговорни* за нашите постапки. Не ни се еднаш засекогаш дадени ниту доброто, ниту злото, туку треба да ја заслужиме Божјата благодат, со *подвигот* наречен очистување на срцето од страстите:

„Не постои такво нешто како што често се слуша – негативна (демонска) енергија, тоа е учење на дуалистичките ереси. Во нашиот живот се случува или пројавување на благодатта – поради подвигот на очистување на срцето од страстите, а понекогаш и нејзино криење – кога Бог сака да нè научи да не бидеме наемници, туку деца Негови (само тогаш духовно растеме); или повлекување на благодатта – поради нашето гревовно одрекување од неа, од Бог. Сладоста и болката, начелно, се должат на присуството или отсуството на Божјата благодат“.

И, наместо човек да се движи кон Бога, низ трите степени на духовен раст кои Владиката ги проповеда низ сите свои досегашни книги[3], поради

---

[3] Тоа се: 1. очистување на срцето од страстите; 2. просветлување на умот со стекнување на дарот на умно-срдечната молитва (кога

тоа што живее противприроден начин на живот (живот без Бога), се случува пад, односно процес на разболување на душата на современиот човек. Се движиме надолу наместо нагоре:

„Денешниот човек, главно, води противприроден начин на живот, кој се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (во случај кога не постои физиолошка основа за психичка болест).

Противприродниот начин на живот на една индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози".

Со тоа, Владиката Наум ги покажува мостовите меѓу традиционалната христијанска наука за душата и модерните психотерапевтски правци. Тој врши „превод" на термините на традиционалните теолошки учења за душата во современи термини на психологијата и психијатријата. Фрапантни се тие совпаѓања и нема сериозен човек од науката кој не би се замислил над тие аналогии:

---

умот слегува во срцето, кое е негов престол) и 3. обожение, т.е. боговподобување, што е идеалот на христијанското совршенство.

„(...) Демонското дејствување над оние што водат противприроден начин на живот најчесто е забележливо и е многу разновидно. Во времето на првите учители од пустината не постоеле стручните термини на модерната психологија, но затоа постоел термин *помрачување на разумот* (умот). Во ваква состојба на помрачување на разумот, човекот станува целосно неспособен рационално да расудува и дејствува. Според свети Максим Исповедник, постојат две категории на волја – разумска и природна волја. Со изгубена разумска волја човекот не е во состојба да ги контролира мислите, желбите и чувствата, нема кочница (цензура од Натсвесното, од супер-Егото над Идот) да се сопре во деструктивните намери. Дејствува стихијно, по принципот на природната волја, односно стремење на природата кон тоа што ѝ е слично – свети Јован Лествичник ќе рече: 'Сè што е создадено ненаситно тежнее кон сродното на себе: крвта кон крв, црвот кон црв, земјата кон земја' (примордијални пулсии од Идот – несвесното) – кое низ термините на психологијата одговара на состојбите на волево-нагонската дезинхибиција од различен степен (на пример: невротично, импулсивно, хазардно, хомицидално, суицидално поведение итн.), со сите социјални последици што произлегуваат од таквото однесување".

Држејќи се до максимата на светогорските отци дека лекарот лекува, но дека само Бог исцелува, Владиката ја открива можеби најважната улога на Црквата денес – создавање нов, исцелен човек, душевно и ментално здрав:

„Зошто го пишувам сето ова? Затоа што лу-

ѓето вообичаено ги отфрлаат Црквата и послушанието како нејзин метод за исцеление, и не доаѓаат превентивно да побараат духовно раководство од духовниот отец – како што ги советува свети Јован, а за жал, воопшто не го познаваат духовниот живот. Живеејќи го противприродниот начин на живот, секако, под неизбежното демонско влијание, кога-тогаш паѓаат во животна криза (без оглед како ќе ја наречеме), а воопшто не се подготвени и не знаат како да ја надминат".

### *Дуализам на умот, илузија и парцелизација („синегдохата на ѓаволот")*

До тие кризи, според теологијата на исцелувањето на Митрополитот Струмички, доаѓа повторно поради *незнаење*. Треба да се знае *метаболизмот на душата*, за да не дојде до нејзино разболување. Имено, Владиката постојано повторува дека умот има една енергија, а две функции – примарната и секундарната. Примарната функција на умот се остварува кога тој својата енергија ја насочува во лична и директна комуникација со Бог, додека, пак, секундарната функција се остварува кога умот преку својата енергија комуницира со овој свет. Секундарната функција на умот се нарекува разум. Проблемот и изворот на нашето страдање (болест), според ова учење доаѓа поради неприродната подвоеност на овие две функции: за исцеление, потребно е *надминување на дуализмот* (што беше и наслов на една претходна книга на Владиката). Тоа

се постигнува со просветлување на разумот (секундарната функција на умот), односно со *преумување* – ставање во процес на покајание и послушание пред духовниот отец. „Просветлениот човек, ослободен од дуализмот, може да ги гледа нештата подобно на Божјото гледиште и да ја види поцеловитата слика за Бог, за Црквата, за човекот и за сè создадено, а не како што нашиот непросветлен и острастен разум ни го прикажува истото – парцијално, распарчено, спротивставено и површно“, вели Владиката.

Ако не се случи тоа надминување на дуализмот, граматиката на падот понатаму е немилосрдна: онака како што во реченицата по подметот мора да дојде прирок, така по расцепеноста на умот следува – прелест, а потоа и илузија, како повисока форма на нашиот пад:

„Демонот го користи нашиот личен внатрешен расцеп, нашата нецеловитост, нашата неисцеленост, односно расцепот меѓу примарната функција на нашиот ум, односно непросветлениот ум, и неговата секундарна функција, односно прехранетиот разум, и преку овој внатрешен умен расцеп успева еден дел од целото да ни го прикаже како цело, а целото да направи да го превидиме. И, нормално, превидот е во согласност со нашите страсти.

Овој и ваков расцеп на двете функции на нашиот ум, во својата почетна фаза се нарекува прелест, односно лажна состојба на умот, а во својата завршна фаза – откако помислите што од него произлегуваат ќе ги прифатиме во срцето, се нарекува илузија. Тешко на човекот што живее во прелест или илузија, тој нема мир – само од своите

помисли, лоши чувства и гревовни желби и тежнеења, а камоли од остварениот на дело грев!“

Впрочем, за таа *синегдотска* перцепција на светот, одамна расправаат *и ја признаваат* и световните, посебно постмодерните филозофи. Ова е време на *синегдохата*: синегдохата е стилска фигура во која со делот се означува целината. Михаил Левенски, психијатар од голем калибар, во една прилика ми расправаше дека еден негов пациент се обидел да се самоубие откако девојката го напуштила. Во една психо-сеанса, на прашањето зошто пробал суицид, односно што е тоа што прво го гледа кога ќе му се постави прашањето: „Што ти недостига?“, тој со затворени очи изјавил – „Нејзините колкови“. Имал опсесија од нејзините колкови, а тешко можел да се сети точно на бојата на нејзините очи, која ја опишал како „мешана“. Тоа хипостазирање на еден дел и негово прогласување за целина се гледа и во денешната масовна побарувачка на естетски хирурзи – девојките, по углед на естрадните ѕвезди, си ги зголемуваат усните, според синегдотската „равенка“ (набабрени усни = жена), градите (големи гради = жена), ставаат обоени леќи, надградба на коса... Сите тие нешта се, всушност, *илузија* дека целината (жената) се состои од хипертрофиран детаљ. Таа илузија јас ја викам *синегдоха на ѓаволот*.

Таа модерна Бодријаровска болест на денешницата, во која сликата (симулакрумот) ни пласира лажна, виртуелна стварност базирана на *парцијализација* (успешен маж е оној кој го користи парфемот „X“, успешен бизнисмен е оној кој пуши цигари

марка „У“), Владиката, во својата целосно модерна и кон нашата стварност критички расположена теологија ја открива во сите области на нашето живеење, па дури и во политиката, за што на крајот од извадокот ги кори и своите духовни чеда:

„Истата тактика демонот ја користи во која било област од нашиот живот, посебно откако претходно ја одделил истата од целото – Црквата: економската, здравствената, спортската, општествено-политичката, образовната, културната, научната итн. На пример, од целината на која било област го издвојува само делот профит и преку него нѐ принудува сите да ја живееме целата област. На тој начин која било од овие области почнува да функционира на наша штета. Да не наведувам конкретни примери, доволно сме паметни.

Уште еден актуелен и очебиен пример е дејствувањето на политичките партии. Самото име *партија* произлегува од латинскиот збор *pars, partis*, што значи дел, а не цело. Секоја партија тежнее да стане цело. Останатите партии се борат против таквата тенденција и на крајот сите како цело се губитници. (...) А некои од нас, како Христијани, уште и острастено учествуваат во сето тоа, наместо да го вршат делото на Црквата – да ги исцелуваат поделбите“.

На оваа точка од својот развој, специфичната теологија на Владиката Наум станува компатибилна со сите умни и критички расположени кон постмодерниот дух расправи за човекот, т.е. со критички интонираната постмодерна антропологија. Станува компатибилна и со филозофијата на еден Жан Бод-

ријар, кој во својата студија *Прозирност на злото* ја застапува истата теза за парцијализацијата како и Владиката Наум; Бодријар тврди дека злото денес се децентрализирало и се распрснало низ сите капилари на моќта на општеството. Еве како тоа го коментира еден покомпетентен од мене, млад филозоф-постмодернист: „Злото денес исчезнува во заднината, се раслојува во задининскиот жубор на културата. (...) Гледаме општествена беда и брутални злосторства, но, освен во посебни случаи, во кои постои јасно дефиниран злосторник, нема кого да обвиниме, нема јасна слика каде престојува злото. Во христијанската култура сатаната беше фокусна точка, но со смртта на Бог, умре и сатаната...“[4]

Овде се алудира на идејата дека денешниот, постмодерен човек се откажа од Бога; токму тоа е компатибилно со тезите на Владиката Наум, кога тврди дека денешниот човек живее противприроден начин на живот без Бога. За волја на вистината, откако некаде во осумнаесеттиот век се напушти идејата за ѓаволот како виновник за злото, работите навистина тргнаа надолу: иако за злото требаше, по напуштањето на ѓаволот како „дежурен виновник“, да се нападне човекот, до такво нешто не дојде, туку злото стана *анонимно*, односно, како што вели Бодријар, *невидливо* и *прозирно*, што е страотно опасно – се навикнавме на злото како на невидливиот воздух, и не го ни забележуваме, како и дишењето: „Жан Бодријар прашува каде исчезна

---

[4] Ларс Фр. Х. Свендсен: *Филозофија на злото.* – Скопје, ВИГ „Зеница“, 2010, стр. 16.

денес злото и одговара дека тоа е *секаде*. (...) На крајот стигнуваме во парадоксална ситуација во која злото во исто време е и отсутно и насекаде присутно во медиумската стварност. Според Бодријар, злото е насекаде, и ние токму поради фактот што тоа се наоѓа насекаде, го загубивме јазикот со кој зборуваме за него“[5].

Овие зборови ги наоѓаме дословно и во беседите на Владиката: непроѕирноста на злото кај него е „илузија“, а медиумите – негови служители:

„Ѓаволот, полека но сигурно, го гради апокалиптичниот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи таканаречените јавни личности или селебрити, како медиуми или преносители на неговата илузија, на пример: првосвештениците, филмските, музичките или спортските ѕвезди, политичарите, големите бизнисмени итн. – кои станаа урнек според кој целиот свет се раководи. Колку поголема слава или позиција има јавната личност во овој свет, толку е поголема веројатноста демонот да ја користи како свој медиум“.

Во филозофијата на Бодријар медиумите се изложени на жестока критика затоа што се генератори на симулакруми – слики поверни од оригиналот, слики на виртуелна стварност што не постои, а изгледа постварна од стварноста. Уште Маршал Маклуан, првиот медиолог, кој ги прогласи медиумите за „продолжетоци“ (екстензии) на човековите сетила (телефонот е продолжение на сетилото за слух, телевизорот на сетилото за вид...), почувствува

---

[5] Истото.

дека медиумите нè оддалечуваат и отцепуваат од стварноста, а отцепувањето е еден вид *шизофренија* и разболување. Нашиот Владика, изгледа како *теолошки* роднина на овие критички расположени постмодерни световни филозофи, кога расправа за дијаболичната димензија на медиумите и сликите на илузијата; но, за разлика од нив, тој лекот го наоѓа само во личносен однос со Бога и верата:

„Улогата на медиумот е да дејствува директно на страстите (славољубие, среброљубие и сластољубие), да ги разбуди страстите, да нè убеди да ги задоволиме и од нашиот живот да направи што поголема илузија. Состојбата на илузија, пак, од своја страна, уште повеќе ги буди страстите во човекот и затоа е така лесно приемчива и општоприфатена од безличните маси. Целиот свет живее во помала или поголема мера на илузија. Вистината е тесниот пат на трезвеноумието, по кој малкумина врват.

Клучно, за нас христијаните, е дека секој што нема да го восогласи својот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓа, како и со местото и улогата што ги има во Црквата, отстапува од Божјата благодат и како таков многу лесно паѓа во грев, а со тоа и во илузија, и станува медиум на демонот – кој преку него дејствува и внатре во Црквата“.

Според тоа, патот кон исцелувањето денес води само и само преку Црквата и верата. Сè друго е илузија: Владиката опоменува дека дури и односот со духовниот отец може да биде илузија, особено ако се развие во однос на зависност! Само Словото

на отецот не е илузија. Илузијата функционира само со една цел – на злото да се одговори со зло, да се осуди другиот и да се најде самооправдување. А самооправдувањето е најсилен доказ дека човекот не стапнал ниту на првиот степен на духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*, вели Владиката, парафразирајќи ги светогорските отци, кои велат: „Оној што се самооправдува, го зел сатаната за свој Старец“.

### *На злото не со зло*

Свети Симеон Дајбабски, многу пред Владиката Наум да ја развие својата теологија за илузијата како состојба на неисцелениот ум и спасот од неа преку Крстот Господов, на еден сликовит начин ни објаснува каква застрашувачка моќ има илузијата: „Ни изгледа дека навечер сонцето тоне во морето, и дека славата на овој свет е вистинска слава. Меѓутоа, сонцето е на небото, а вистинската слава во Бога“. Кога ваквите размислувања ќе се поврзат со нашиот реален живот и со историјата, се добиваат застрашувачки податоци: дваесеттиот век, „благодарејќи“ на големите политички и идеолошки илузии, во војни однесе троцифрен број милиони човечки жртви! А сите војни и геноциди се базираат на *осуда*, односно на *осудувачки заклучок*.

Владиката ја смета осудата за еден од најчестите и најтешки гревови (бидејќи осудата е роднина на самооправдувањето); најчесто осудуваме за

да се самооправдаме[6]. Но, и судењето на другиот е, всушност, чин на „синегдохата на ѓаволот“, односно парцијализирана состојба на нашиот неисцелен ум:

„На пример, кога за еден човек донесуваме осудувачки заклучок, само врз основа на еден негов збор или поглед, или најмал гест, или дело, или наше внатрешно непријатно чувство кон него, тогаш демонот успеал од еден негов неконстантен или имагинарен дел да произведе во нас константен целовит заклучок, суд, односно слика, што е секако прелест или илузија за конкретниот човек. Најчесто оваа илузија е проекција – сѐ што некој самиот го прави, обвинува друг дека го прави истото. Оваа прелест или илузија потоа го одредува целиот наш душевен пад и конечно го попречува нашиот премин од противприроден (религиозна невроза, растројство) во природен начин на живот. И, секако, ја разбива црковната заедница“.

Овие зборови добиваат трагична димензија кога илузијата на осудувањето ќе се прошири, преку генерализација на цели колективитети. Кога илузијата дека некој е непријател ќе се рашири како

[6] Владиката на едно место за самооправдувањето вели дека тоа е за Црквата поштетно одошто патот на неверниците: „Ако човек го направи она што повеќето денешни христијани го прават – ако почне да ги гледа недостатоците на другите, ако почне да ги исправа другите, ако почне јавно да ги поучува и да ги осудува другите, тогаш тој тргнува по сосем друг пат, по патот на душевното доразболување. Ваквиот пат е многу поштетен за него и за Црквата отколку патот по кој одат неверниците. Оваа можност, посебно денес, на невротичните и психопатите ’верници‘, во неограничени можности, им ја овозможува користењето на социјалните мрежи, а на социопатите ’верници‘, поради нивната висока позиција, плус и телевизиските куќи“.

хипноза, се случува геноцид. Најстрашното во сета таа работа е што *нема никаков рационален аргумент* против оние кои се „истребуваат“; станува збор за чист *симулакрум, слика на злото,* за *илузија на непријател,* а не за реална опасност, што покажува дека демонот ја исполнил својата цел – целосна парализа на нашата душа и нејзината моќ на расудување. Еве доказ за тоа дека *сликата на непријателот* лесно се создава и се шири како *хипнотичка илузија*: „Еден од зачудувачките моменти во истребувањето на Евреите е фактот дека Евреите на никаков начин не претставувале закана за не-Евреите, ниту пак, ја предизвикувале државната власт... Накусо: 'еврејскиот проблем' на никаков начин не бил реално општествен, економски, верски, територијален или општо-политички *проблем*. Проблемот бил целосно измислен: сè се свело на самото *постоење* на Евреите, т.е. проблемот бил сфатен како *онтолошки* проблем“[7].

Вечното прашање – како се одговара на злото, кај различни филозофи има различно решение, но и тука, генерално постојат две опции – едната е теистичка, а другата атеистичка. Макс Вебер едната опција ја нарекува „етика на доблеста“, а втората – „етика на одговорноста“; етиката на доблеста вели дека против злото не треба да се бориме со сила, додека етиката на одговорноста вели: „Треба да му се спротивставиш на злото со сила и насилство, инаку – ти си одговорен ако победи злото“. Само по себе се подразбира дека теологијата на Владиката

[7] *Филозофија на злото*, 32.

Наум безрезервно ѝ припаѓа на „етиката на доблеста", и во извесна смисла ја надминува, затоа што не само што вели дека против злото не треба да се бориме со зло, туку со добро, а тоа добро е сопственото усовршување:

„Ако на злото од ближниот одговориме со зло – што е и демонската цел, тогаш се одрекуваме од Божјата благодат во нас и му оставаме огромен простор на демонот да ја одржува и преувеличува својата илузија за непријателството меѓу нас и ближниот. Сè додека во светот постојат луѓе кои на злото ќе одговорат со љубов – овој свет ќе постои. (...) Во пракса, ова значи да не одговараме на злото со зло. Ваквиот одговор би значел умножување на злото во нашиот живот и во светот. А демонот токму тоа го чека: да останеме без благодатта Божја, да пронајде некоја непреобразена страст во нас за да нè извалка преку неа и за да го стави нашиот живот под негова контрола. Значи, злото внатре во нас самите нас нè разградува, а не оној против кого е насочено".

Кратко речено: оној кој цело време правел добро, а во еден момент крева рака на злото, во тој момент престанува да прави добро. На оваа точка најмногу се разликуваат теистите и атеистите; меѓу нив се отвора цела една бездна за расправи и расправии, зашто поимот на *револуцијата* (како врв на човековата „правда") бидува целосно отфрлен од теистите. Бог е единствена мера на правдата: и кога ни се чини дека прави неправда, има виши разлози за тоа – велат теистите, во рамките на познатата доктрина за теодицејата на целината (учење дека

и кога има зли делови, тоа е за да биде целината – добра). Наше е само да *порастеме*: од лик Божји до подобие Божјо, вели Владиката Наум:

„Бог е совршен, и како совршен, сè што прави – прави совршено. Кога Бог го направи човекот, всушност, направи бог – иако не по природа. Направи човекобог, кој треба да стане син Божји – по благодат, односно му постави цел: од лик Божји да порасне до подобие Божјо, давајќи му ги сите сили и Својата благодат потребни за тоа“.

### *Смислата на страдањето*

Дејвид Б. Морис тврди дека злото во постмодерното доба ја смени природата, дека повеќе не се смета за причина за страдањето, туку самото страдање се набљудува како зло. Што значи тоа? Значи дека, погледнато во духот на теологијата на Владиката Наум, ѓаволот повторно ги превртел работите на глава. Страдањето не значи нужно и зло (и тоа е она на што нè учи православното христијанство) – од него може да се извлече добро – спасението на душата. Страдањето служи за спасение; кога не би постоело страдање, никој и не би се спасил! Но, денешниве луѓе се премногу „свилени“ за да страдаат. Освен тоа, за страдање денес се прогласува сè и сешто: дури и формите на сосема пристоен живот на душите неочистени од страсти им изгледаат како „страдање“ и „сиромаштија“. Комодитетот и конформизмот ја успаа човековата божествена природа подготвена за подвиг. Сите сакаат сè

веднаш и стопроцентно, со едно притискање на копчето за shortcut! Еве како Владиката гледа на таа наша болест:

„Постои едно суптилно тежнеење (свесно или неосвестено) внатре во нас, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сè до најшироката заедница, да создадеме некакво „Земно царство“ во кое ќе ги задоволиме сите наши страсти – за славољубие, среброљубие и сластољубие, не гледајќи дека со тоа се откажуваме од Царството Небесно. Со други зборови, сакаме да имаме личен мир, секогаш да се чувствуваме добро, сите наши потреби да се задоволени, а да не ни се случува никакво страдање или недостаток што сето тоа ќе го поремети. Но, забораваме дека поради нашата душевна оболеност, тоа не е можно, и дека секое зло што ни се случува е само отсуство на благодатта Божја од која самите сме се одрекле“.

Животот, се разбира, губи смисла ако сè се добие без никаков личен напор и подвиг. Оваа болка на современиот свет посебно ги погодува мирјаните – тие кукаат многу повеќе од монасите, гледајќи свои страдања насекаде! Владиката Наум, иако преку овие беседи превосходно им се обраќа на монасите и монахињите, е сакан и ценет и во поширок круг мирјани, затоа што од поодамна „ја турка“ неговата теза за реалното постоење на нешто што јас лично го викам „монах без мантија“, односно „бел монах“. Тоа се луѓе-мирјани кои живеат според истите принципи како и монасите, но во поинаков квантитет. Владиката Наум со тоа ги храбри мир-

јаните и тие да тргнат по патот на исцелението на својот ум, па зошто да не – и до повисоките степени на богоподобие. Тезата е алтруистична и човекољубива – не се само монасите тие кои ќе ги спасат душите. Не спасува местото каде се живее (манастир) – туку како се живее. Еве што им порачува Владиката на мирјаните:

„Што правиме ние? Најчесто, не се трудиме доволно да ги извршуваме нашите дневни обврски во послушание, свесно и согласно Божјите заповеди – во слава Негова и за добро на ближните, и затоа само се трошиме и заморуваме, а преостанатото време од денот, од очај и зависност, го поминуваме, на пример, пред разните екрани, како и во други начини на бегство од реалноста. Затоа, не е точно дека немаме доволно време. Заклучокот е дека имаме премногу напразно потрошено време, како и дека не знаеме како правилно да го поминеме времето. (...) Доколку, пак, се потрудиме, во послушание, сето дадено време од Бог, колку што можеме повеќе, да го искористиме во исполнување на Неговата волја и во молитва, во тој случај, јас веќе не би гледал никаква разлика меѓу монасите и христијаните во брак“.

Тезата на Владиката е јасна: треба да се надмине поделбата на веќе споменатите две функции на нашиот ум, и тогаш, како што вели Владиката, „сè што правиме станува молитва“.

Се обидов само накусо да ја сместам теологијата на Владиката Наум во еден поширок современ филозофски контекст на размислите за доброто и злото, во историскиот миг во кој таа се јавува. Таа негова теологија, која во оваа книга може да се именува како *практична теологија на доброто* (со многу практични совети *како* треба да се живее во личносен однос со Бога, за да се избегнат злото и болеста – религиозната невроза, а да се надминат и искушенијата), ја сметам за исклучителен бисер на нашиот духовен живот. Размислите на Владиката Наум се незаменлив дел од македонската духовност, и се разбира на интелектуалноста, како پониска форма на духовниот живот.

И, за да не се расприкажувам понатаму, за да не влезам во празнословие, за да не ве престорам во ленивци, па да ви ги прецвакам и прераскажам сите беседи од кои очигледно сум фасциниран, и конечно – да не излезам јас, според должината на овој предговор, поважен од книгата – да резимирам. Се враќам на мојата теза од почетокот – оваа книга е Литургија. Спасување на деловите еден со друг преку целината.

И така, пишува Владиката сјајни теолошки фрактали и деланки за многу клучни нешта и поими од нашиот живот; пишува за самоубиството (духовното, кое му претходи на физичкото), за суштината на Литургијата, за нејзиното потекло, за нашиот слободен избор меѓу паранојата и метанојата (преумувањето, односно исцелувањето на умот), за проште-

вањето и самопроштевањето, за сладоста од задоволувањето на гревовните страсти и душевната болка што доаѓа потоа (во „мамурлакот“ на совеста); нѐ кара и кори Владиката во стил на Кирил Пејчиновиќ, затоа што „збесуваме“ (како би рекол Тетоецот), односно покажуваме религиозна невроза по социјалните мрежи и учествуваме во поделбите, наместо да зацелуваме и да се самоисцелуваме, нѐ учи, практично, како да се молиме за да го стекнеме дарот на умно-срдечната молитва, критички говори за административно-субординативните принципи во самата Црква, ни го открива послушанието како највисока форма на слобода на човекот и најсигурен пат за стекнување Божја благодат, говори како правилно да го носиме нашиот Крст без да го претвориме во саможивно и самоцелно страдање, ни говори за нашиот слободен избор дали на Бога ќе Му кажеме „да“ или „не“ и од свој опит ни кажува што добиваме, а што губиме со тие наши „да“ и „не“. Со огромна возљубеност говори за Богородица, за Нејзиното „да“ на Бога, но и за Неговите „да“ кога Таа преку Него нѐ спасува додека изговараме „Пресвета Богородице, спаси нѐ“. Покажува Владиката Наум дека Таа не е божица, туку повеќе од тоа, зашто само преку Неа дојде до средбата на човекот и Бог, Кој можел, како во Стариот Завет да си остане „недопирлив“ за луѓето и да не им се покаже во човечко тело. Можел и да не ни покаже, преку личниот опит на страдањето во тело, дека и ние *можеме* што и Тој, ако љубиме, веруваме и се надеваме. Ни пишува Владиката Наум за молитвата и нејзиниот однос со плачот, надворешен и внат-

решен, со егзегеза на евангелски четива ни покажува случаи на пад и подвиг, ги толкува „темните“, симболички места од Светото Писмо, а понекогаш ни се обраќа, говорејќи за клучните поими како смртта и бесмртноста, преку чиста и возвишена поезија, како во маестралната беседа „Смрт, добредојде“. Ни говори упорно, со чести повторувања, како на првачиња кои се описменуваат, за тоа дека срцето е престол на умот и дека тоа со молитва се открива и постигнува; па нѐ потсетува дека во Светата Евхаристија принесувањето на даровите на олтарот (на Светата Трпеза) од храмот, односно излегувањето на свештеникот во тело пред олтарот симболички соодветствува на излегувањето на умот пред олтарот на срцето (на умно-срдечната молитва); ни беседи за аскетската и благодатната вера, за неверството (неусогласеност на нашиот живот со степенот на духовниот раст), за православната психотерапија, за начините на кои демонот напаѓа во зависност од степенот на нашиот духовен раст, за петте точки (фази), практични постапки со кои се надминуваат искушенијата, а знае и топло да ни раскаже дека некои негови учители, како Старец Гаврил Лесновски, јадел само едно посно јадење цела седмица, како врв на воздржувањето. Ни говори за неблагодарноста и благодарењето, за тоа дека *бог-ат* е оној што Го има Бог, а не полни амбари жито или сефови со злато, а знае и да нѐ разгали и со некоја класична поетска споредба, со ненадејна аналогија која ни разјаснува што е гревот, како оваа: „Како што трњето е пречка за нивата да донесе добар плод, така и гревовите се пречка за нашето

срце да донесе добри плодови на Светиот Дух. Притоа, си велам, боцките од трњето ми личат на грев со сторено дело, листот – на грев со зборови, гранките – на грев со помислите“.

Но, доста. Сите вие, за кои Он ја постави сета вселена како трпеза Божја и ве покани на гозба, оставете ги своите дрводелски, лекарски, книговодствени, даскалски, земјоделски, интелектуални професии за миг, и барем во часови на одмор насладете се и причестете се со плодовите на оваа исклучителна книга-Литургија.

проф. д-р Венко Андоновски

# НОВИ
# ЛИЧНОСНИ ОДНОСИ

## ПРАЗНИТЕ
## ВИТЛЕЕМСКИ ДОМОВИ

Драги мои, откријте ја убавината на животот духовен, оти и нема друг вистински радосен живот. Вложувајќи во духовниот живот, од една страна, вложуваме во нашата иднина (и така сè најпрвин се случува на духовен план, а потоа во реалниот живот) – иднина времена и вечна, а од друга страна, ја правиме вечноста присутна во нашиот секојдневен живот, го живееме Царството Божјо овде и сега.

Доколку, пак, се случи повеќе од потребното да вложуваме во нашите световни потреби, тогаш со сигурност ќе влеземе во безобѕирна и безобразна борба за задоволување на нашите страсти. Велиме безобѕирна, зашто во таа борба ги повредуваме другите луѓе околу себе, на кој било начин – душевен или телесен, без грижа на совест; а е безобразна зашто не нè води кон образот Божји. Идејата на денешниот благден е дека Бог стана Човек за човекот да стане бог преку личното учество во Божјата благодат. Човекот, создаден како икона (образ) Божја, да стане и подобен на Бог – преподобен.

Затоа, вложувањето во световниот живот, на крајот, кога-тогаш, брзо или подоцна, ќе донесе само

несреќа, стрес, невроза, болест, тага и неуспех; ќе ни се открие како погрешна инвестиција, како онтолошко промашување. А, вложувањето во духовниот живот ќе нѐ збогати со Плодовите на Светиот Дух Господ: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста[1].

Преку православниот духовен живот срцето го чистиме од неговите страсти за човечка власт и слава, за трупање пари и имоти, и за исполнување на телесните наслади. Ако не го очистиме срцето од своите страсти, тогаш нашето срце станува како домовите витлеемски во кои Христос не можел да најде место, односно Богородица не можела да најде место за да Го роди Христос, така што морал да се роди во некоја пештера, во некои јасли надвор од домовите на витлеемските жители. А таа пештера го симболизира кое било друго место освен нашето срце. На личен план, Рождеството Христово можеме вистински да го славиме само ако со умот го пронајдеме влезот за внатрешноста во нашето срце, влезот во пештерата каде што Христос положен во јасли лежи.

Затоа треба да внимаваме да не го славиме Рождеството Христово без Христос. И во овие денови на прославување, сеќавајте се поинтензивно на Христос, бидете во молитвите со Него, за посебната благодат што ни е дадена во Црквата, во овие денови, да не остане неискористена и да не го оставиме нашиот дом – нашето отворено срце, без Него.

[1] Види: Гал. 5, 22–23.

И внимавајте да не ја замениме вистинската радост со еуфорија!

На пример, досега сте постеле, и од утре ќе почнете да јадете и ќе се чувствувате некако поубаво. Но, тоа може да остане само психолошки момент ако не е вистинска духовна радост, односно ако постот не е поврзан со вистински православен духовен живот. А таа радост, празна и световна, набргу ќе се претвори во еуфорија, и на крајот ќе се почувствуваме празни. Затоа, ви велам да внимаваме да не го славиме Христовото Рождество без Христос, без разлика на кој степен од духовниот развој се наоѓаме; да го соединиме умот наш со Христос, да се молиме, да бидеме со Него и да не Го оставиме Сам.

P.S. Мислите ли дека витлеемските жители навистина немале место во своите домови? Не, едноставно не сакале да си ја нарушат својата комоција, не сакале да се откажат од комфорот и од компромисот со овој свет; тесно им било во срцата. Исто како и нам денес што ни е тешко да примиме и нахраниме некој сиромашен човек дома, не сфаќајќи дека така Самиот Христос не Го примаме. Витлеемските жители немале место во своето срце, но за разлика од нас, и не знаеле што прават. А ние?

Христос се роди!

# ЕДНО КРШТЕНИЕ,
# А ЧУДНИ БРАЌА

Убаво е човек да знае да чита и да разбере што чита, а уште подобро е кога прочитаното и потполно ќе го сфати. А лошо е кога човек знае да чита, но го толкува прочитаното како што сака, поради острастеноста и непросветленоста на неговиот разум. Кога читаме за божествените работи, може да разбереме нешто со разумот, ама сфаќаме или проникнуваме само со духовниот разум – со преобразениот и просветлен разум; и сфаќаме многу повеќе од тоа што е напишано. Истото ова важи и за сознанијата добиени преку сетилата, а посебно преку сетилата за слух и вид.

Просветлувањето на разумот, односно просветлувањето на секундарната функција на умот, а со тоа и надминувањето на дуализмот меѓу двете функции на умот, се случува кога преку примарната функција на нашиот ум ја преобразуваме неговата енергија, соединувајќи ја со Божествената несоздадена енергија. Дури тогаш човек може да ги гледа нештата подобно на Божјото гледиште и да ја види поцелосната слика за човекот и човештвото, а не како што нашиот непросветлен и острастен разум ни ги прикажува истите – парцијално, рас-

парчено, спротивставено и површно. Затоа и Богочовекот Христос вели: *Ако светлината* [разумот] *што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?*[1] – кон која те води твојата темнина.

Во денешното евангелие[2], на службата за Водокрст, читаме и слушаме дека свети Јован Го крштева Христос. Истото го гледаме и на православната икона Богојавление.

И сѐ е тоа точно и побожно. Но што уште можеме да видиме и сфатиме покрај или зад тоа што го гледаме и читаме? Прво, да си одговориме на ова прашање: Како Богочовекот Христос би ги осветил водите со Своето крштевање ако Он не е Истиот и што осветува; а ако Он осветува, што ќе Му е крштевање? Да, Тој е Оној што осветува и Нему не Му треба никакво осветување или крштевање, а сѐ прави заради наше спасение. Затоа, Он се крсти од свети Јован во водите на реката Јордан, а на самиот Јован Крстител и на сите нас ни овозможи да се крстиме со вода и со Свет Дух, Кој само и единствено заради нас слезе. Он се крсти во водата, а водата и сѐ создадено – сета твар, ги освети и ги возобнови – повторно станаа погоден материјал за совршување на Светите Тајни. Нему Му се отворија небесата, а на нашето срце му овозможи да стане влез и седиште на Царството Небесно. Гласот на Отецот од небесата за Него сведочи: *Тој е Мојот возљубен Син и на Него е Мојата милост* (Матеј 3, 17), а на сите нас восиновување ни благо-

---

[1] Матеј 6, 23.
[2] Види: Марко 1, 9–11.

вести. Да, Бог се јави како Света Троица, а вистинскиот Човек – Богочовекот Христос, Го препознаваме само како Оној Кој ја возглавува целата Своја Црква.

Видовте ли, драги мои, како од првобитната слика што ја имавте за Крштевањето Христово добивте друга слика – многу поширока и поцелосна. Што мислите, дали е тоа и последната слика? Не би рекол. И од неа има посовршена. Но, ако сакате да ја видите посовршената, на пример, до каде достига опфатот на поимот Црква, потрудете се да ја исполните Христовата заповед за љубов кон ближниот, оти поинаков пат не ни има:

*Кој вели дека е во светлина, а го мрази братот свој, тој е сè уште во темнина. Кој го сака брата си, тој е во светлината и во него нема соблазна* (1. Јов. 2, 9–10). Зошто нема соблазна? Зашто секое зло претрпено од братот свој лично го доживува како Христово прашање до него самиот: „Ме љубиш ли?“ – и на злото одговара со љубов. *А кој го мрази братот свој* [и одговара со зло на зло], *тој се наоѓа во темнина, и во темнина оди, а не знае ни каде оди, бидејќи темнината му ги ослепила очите негови*[3] [и умот и разумот].

[3] 1. Јов. 2, 11.

## ОБОЖУВАЊЕ ПЕПЕЛ

На едно место прочитав дека традицијата, односно за нас во Црквата Христова – Светото Предание, не е обожување на пепелта, туку е пренесување на огнот. Кога ќе се потсетиме на ова и на зборовите на Богочовекот Христос, Кој вели: *Јас дојдов да фрлам оган на земјата и колку би сакал да се беше веќе разгорел* (Лука 12, 49), тогаш, знаејќи дека тоа е и целта на нашиот христијански живот, беседата сама извира од преполнетото срце.

За каков оган ни говори и копнее Христос, кој требаше да се беше веќе разгорел? Богочовекот ни говори за полнотата на благодатта што ја примаме во нашето духовно срце преку совршената Тајна на Светото Крштение. Таа Божествена несоздадена енергија или благодат на Светиот Дух е огнот што најпрвин требаше да ја изгори нечистотијата на нашето срце, а потоа требаше недвојбено, за нас, да се пројави од нашето доволно очистено срце и преку умно-срдечната молитва да го преобрази целото наше битие. Зарем секој од нас не ја чувствува потребата од оваа пројава на Божествената благодат во себе и зарем не копнее по неа подобно на Богочовекот Христос – да им ја пренесе на сите?

Овој оган на очистителната благодат Божја,

прво, невидливо ги гори и преобразува грубите страсти на нашето срце – кога во послушание на духовен отец се принудуваме себеси да ги исполнуваме Божјите заповеди и притоа целите гориме; истиот тој оган, сега, како просветлувачка благодат, ги гори и преобразува и суптилните страсти од суштината на нашето срце, преку аскетската умно-срдечна молитва, и полека ги просветлува нашиот ум и разум – додека нашето срце тивко гори; и истиот тој оган, но сега, како обожителна благодат, кој веќе не нè гори, го гледаме како несоздадена Божествена светлина при грабнувањето на умот за време на непрестајната благодатна умно-срдечна молитва.

За човек да може да го покажува овој пат на преобразување, односно на очистување, просветлување и боговподобување, мора и самиот да поминал по него, надминувајќи ги сите неверојатни замки и препреки (несфатливи и соблазнителни за неопитниот) што на него ги среќава. Има една мудрост што во само една реченица го опфаќа сето погоре напишано: сакаш да светлиш – тогаш гори. Ете, за овој оган и за овој начин на негово предавање ни говори Господ во погоренаведените Негови зборови.

А ние што правиме? Ние обожуваме пепел, односно го обожуваме (правиме идол од) сето она што Богочовекот Христос во Својот (или Очевиот) Домострој на спасението го исполни и го укина заради нас и наше спасение. Он целиот свет го направи храм Божји и секое место олтар Божји, а ние повторно ги обожуваме ракотворните храмови; Он

секој човек го восинови и го направи Царски (или Свој) свештеник, а ние повторно го обожуваме надворешното свештенство; Он ни ја предаде суштината на верата – љубовта кон секој човек (па дури и непријател), а ние повторно ја обожуваме формата – разните Канони и правила, со кои газиме по таа љубов. Он дојде да нè ослободи од ропството на овој свет, но нам посигурно ни изгледа обожувањето на своите страсти: за човечка слава и власт, за богатства и имоти, и за телесни наслади, и на демоните поврзани со нив, односно заробеноста од овој свет. Идол е сето она на кое му даваме предност пред љубовта кон Бог и љубовта кон секој човек. Идолот е пепел што го обожуваме.

Но, речено е: *Светот поминува и похотите негови, а оној што ја извршува волјата Божја останува довека* (1. Јован 2, 17). Затоа, немојте да ја обожувате пепелта, односно овој минлив свет и своите страсти како идоли што ве држат во ропство на темнината, туку разгорувајте го Божествениот оган во себе како несоздадена светлина и пренесувајте им го најпрво на ближните со вашето присуство и со вашето слово во сила. Но, пред сè, да Ја замолиме Пресветата Владичица наша Богородица, преку Која и ја добиваме оваа несоздадена светлина: „Мајко, просветли ја мојата темнина...!“ Нема поедноставна работа од тоа – да Ја замолиш Мајка си да ти даде нешто и Таа да ти го даде. Особено ако Мајка ти ја има полнотата на секое добро – ако е како Бог. И ако си Ја сакаш...

## ЗЛОСТОРСТВО ИЛИ „КАЗНА“

Христос вели: *Ако згреши против тебе братот твој, оди и искарај го насамо; ако те послуша, си го придобил брата си; ако ли не те послуша, поведи со себе уште еден или двајца, па со устата на двајца или тројца сведоци нека се потврди секој збор; ако ли, пак, не ги послуша и нив, кажи ѝ на Црквата; па, ако и Црквата не ја послуша, тогаш нека ти биде тој како незнабожец и митник. Вистина ви велам: сè што сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сè што развრзете на земјата, ќе биде развრзано и на небото* (Матеј 18, 15–18).

Во претходната беседа, меѓу другото, и ова го спомнав: Бог ни ја предаде суштината на верата – љубовта кон секој човек (па дури и непријател), а ние повторно ја обожуваме формата (правиме идоли од) – разните свети Канони и правила, со кои газиме по таа љубов – користејќи ги, кога сме на позиција, како средства за освета. Злоупотребата на светите Канони е злосторство, а причината за таквото злосторство е проекцијата на нашите страсти во другиот.

Црквата или духовниот отец може многупати во својот живот да се најде во ситуација да треба да „казни“ некое свое духовно чедо. Тешко е

накратко да се говори на оваа тема поради трите нивоа од духовниот развој на кои може да бидат и самите епископи – учесници на соборот што треба да изрече некоја педагошка мерка, или поради нивото на самиот духовен отец, кои ќе влијаат врз нивниот начин на дејствување.

Она за што може да се проговори нешто се општите начела по кои треба да се раководиме. На пример, светите Канони и разните црковни правила не се напишани со главна цел некој да биде казнет и јавно понижуван, туку со главна цел некој што се огрешува против нив да биде исправен. Тоа е суштинската разлика како истите ги користат непросветлените и просветлените.

Друго, една е ситуацијата кога некој лично ќе ни згреши, а друга ситуација е кога некој со своите грешки ја засега целата Црква. Кога некој лично ќе ни згреши, тогаш најнормално ќе простиме. Ако нечија грешка ја засега целата црковна заедница, тогаш, покрај простувањето, се обидуваме да најдеме начин и како побрзо неговата грешка да ја покриеме, ако грешникот во меѓувреме се покајал или барем има некаква надеж дека ќе се покае.

Ако оној што згрешил не се покае дејствително, тогаш светите Канони и црковни правила се користат во насока да го вратат грешникот на правиот пат, да го опоменат, а не да го казнат. И тоа се прави (усно или писмено) без знаење на јавноста, за со покажаната љубов да се разоружа неговата суета. Но, ако човекот, и покрај тајната опомена, продолжи јавно да греши против пошироката црковна заедница или против целата Црква, дури

тогаш светите Канони и црковни правила се користат како педагошка мерка за негово отстранување од позицијата преку која прави голема штета – овојпат на знаење на целата јавност. Сепак, и тогаш крајната цел не е злорадо казнување, туку љубовно очекување на неговото покајание, кое, доколку се случи, треба да биде радост за целата Црква, а за покајникот враќање на сите почести што претходно ги имал. Вака дејствува Црквата Христова или вистинскиот духовен отец, а сѐ друго е демонска сплетка.

Ни Црквата ни духовниот отец немаат власт конечно да осудат, односно немаат власт за конечно казнување, туку за исправање и поттик за покајание – дури и кога педагошката мерка значи одделување од црковната заедница. Власта за конечен суд ја има само Богочовекот Христос, но и Он само како пасивна власт – доколку некој и на Страшниот суд сам се одрече од Него.

И светите Канони и црковните правила се одраз на Божјата слобода и љубов. И на оние што им е дадена власт да ги спроведуваат треба да се претставници на Божјата слобода и љубов. Слободата и љубовта се две форми на суштината на нашето црковно-канонско и пастирско дејствување. Доколку не е на црковна функција, љуби го човекот и остави го слободен да прави што сака – еден ден ќе ја препознае љубовта во слободата што му е дадена. Но, ако е на висока функција во Црквата, не може бесконечно да му се дозволи да дејствува надвор од рамките на канонскиот поредок на Црквата и на штета на Нејзиното единство. Таквото однесување може и подолго време со љубов и трпение да се

покрива од страна на Црквата – со надеж дека еден ден ќе ја препознае љубовта во трпението што кон него е покажано; секако, само под услов да не е душевно растроен или да не е трајно определен за злото. Во таков случај, лекот тешко се наоѓа, а болниот дел од Телото најчесто бива трајно отсечен.

Религиозното растројство на личноста или трајното определување за злото се препознаваат кај човек што презема дејства спротивни од Духот на светите Канони, ги користи истите за јавна освета и казна, спротивно на претходно опишаното поведение на Христовата Црква или на Нејзин вистински духовен отец, кои ги користат за покривање и спасување на грешникот од гревот и за негово осветување.

# ПАРАНОЈА ИЛИ МЕТАНОЈА – ПРАШАЊЕТО Е СЕГА

*Зашто секому што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној што нема, ќе се одземе и она што го има.* (...) *Откако го рече тоа, извика: 'Кој има уши да слуша, нека чуе!'* (Матеј 25, 29–30). Чудни Господови зборови, а сите би си помислиле дека е поинаку – дека на оној што нема треба да му се даде. Чујте сега што точно сака да ни каже Господ.

Оној што има и кому ќе му се додаде и повеќе добро, и ќе му се преумножи (и духовно, а по потреба и материјално), е оној што Му благодари на Бог за сè, без разлика дали тоа што се случува или тоа што го добива во моментот изгледа добро или лошо, малку или многу. Таквиот е милостив кон оние што страдаат и таквиот сè свое, па и самиот себе и своето постоење Му ги принесува на Бог и на ближниот во Единствената Божествена Литургија (Евхаристија, Благодарење) *за живот на светот*[1]. Но, тие што имаат не ни се тема сега, туку тие што „немаат“.

Оној што „нема“ и кому ќе му се одземе и она што (мисли дека) го има, е оној што не Му бла-

[1] Види: Јован 6, 51.

годари на Бог за сѐ што Он му дал – дури и смета дека не му е доволно дадено, и тоа е оној што живее себично, односно не му помага на својот ближен со тоа што го има.

Оној што „нема“ и кому ќе му се одземе и тоа што мисли дека го има, е оној што живее во согласност со своите страсти – славољубие, сребролјубие и сластољубие. Страстите за власт, пари и телесни наслади се тие што прават човекот, нивниот заробеник, сето она што го ужива и поседува да го користи само за свои потреби (самољубие), а не да му помогне на оној што страда, и кои прават сѐ во што ужива и поседува да му изгледа малку. Зашто, таква е самата природа на страстите: тие постојано бараат ново и поголемо задоволување, а по секое задоволување оставаат уште поголема потреба и уште поголема празнина во душата на човекот што ги задоволува.

Целиот живот на самољубивиот човек се претвора, од една страна, во мрачна параноја – дека некој ќе му ги одземе човечката власт и слава, и стекнатиот имот, како и пари (ама кој да му каже дека Бог е тој што одзема, а не човек), а од друга страна, ја демне и најмалата можност за да се дограби до уште поголема човечка власт и слава, како и до поголем имот и финансиска сигурност – без оглед на начинот на кој тоа ќе го постигне. Тоа е човек без вистински пријатели: во својата параноја (страв) и сомничавост да не изгуби нешто, природно, не верува никому, а со својата преголема алчност, амбициозност и склоност кон завери и борба за власт го плаши и го одбива од себе секој нормален

што од некакви причини се потпрел или побарал помош од него. Никогаш нема мир за душата со таква шизофренија на разумот.

Нормално, некогаш паранојата (стравот) му ги потиснуваат амбициозноста и алчноста, а некогаш, кога не е исплашен, му се зголемуваат алчноста и амбициозноста, со уште поголема жар. Страстите само се потиснуваат една со друга во него – не се преобразуваат. Како и да е, проекцијата, односно препознавањето на своите страсти во другиот, во „непријателот“ и „пријателот“, е карактеристика на неговиот однос кон луѓето и затоа не е способен да создаде личносен однос со ближниот свој, туку само однос заснован на интереси – кој трае сѐ додека траат и самите интереси. Чудна е леснотијата со која таквиот човек ги изневерува своите „пријатели“ кога веќе нема да му бидат потребни или кога ќе западнат во неволји кои и самиот него го оптоваруваат. И чудна е леснотијата со која тој ги уништува своите „непријатели“, кога над нив има реална власт.

Таквиот човек никако не успева да препознае кои му се вистински пријатели. Неговите пријатели изнаоѓаат најразлични начини да му ја пренесат нежно пораката, која е, нормално, спротивна на неговите големи идеи за самиот себе и на неговата амбициозност, и затоа често се отфрлени, па дури и сметани за непријатели. Но, и пријателите не се веќе пријатели ако јасно не му укажат на таквиот дека греши, кога веќе ги поминува сите граници на нормалното – особено ако е на голема штета на целата Црква. Исто така, не се пријатели

ако не ја остават својата рака испружена и отворена за помош секогаш кога ќе му затреба.

Секако, Господ секому од нас му остава време за покајание (metanoia/μετάνοια – преумување), и потоа сè се одзема, а на крајот и самото време дарувано за покајание. Господи, помилуј...!

## ЈУДА ИЛИ ПЕТАР

Во што се состои тајната на самоубиството на Јуда, а во што тајната на покајанието на Петар, иако и двајцата беа паднати во голем очај? И дали проклетството на среброљубието е поголемо од проклетството на гордоста кај нас луѓето (за разлика од демоните), токму поради тоа што сме и материјални – создадени и од умна и разумна душа, но и од тело? Инаку, секое самоубиство прво е духовно, а потоа и физичко.

Да почнеме со тајната на самоубиството. Тајна е зашто ја знаат само оние што низ неа поминале, како и оние на кои Господ, заради духовно раководство, на ист начин им ја открил. Неколку компоненти ја сочинуваат оваа тајна во нејзиниот развој, посебно во случај кога е поврзана со страста на среброљубието.

Оној кој се надева на парите и кој својата сигурност ја темели на парите, невозможно е истовремено да се надева во Бог и својата сигурност да ја темели во Бог. Неговиот личносен однос со Бог е блокиран, неостварлив. И Евангелието истото го вели: *Никој не може да им слугува на двајца господари: оти или едниот ќе го замрази, а другиот засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе*

*го презре. Не можете да им служите на Бог и на Мамон* [парите] (Матеј 6, 24).

А токму така е опишан ликот на Јуда во Евангелието, како крадец: тој го чуваше ковчежето и крадеше од она што пуштаа во него[1]. Откако ќе го прочитаме овој евангелски извадок, поврзан со погоренапишаното, веднаш ни станува јасно како Јуда можеше да се одлучи да Го предаде Богочовекот Исус Христос. Зашто и покрај тоа што Јуда Го следи Христос и ги гледа сите чудеса што Он ги прави, сепак, поради страста на среброљубието од која е заробен, останува затворен за Него и не може да изгради личносен однос со Него. Ниту да има опит од таквиот однос.

Оној што заради парите конечно и свесно ќе се откаже и ќе Го предаде својот Господ, тој се одрекува и од несоздадената Божја енергија, која го осмислува и исполнува целото негово постоење, и одеднаш се наоѓа во егзистенцијална празнина, „исполнета“ со темнина, безнадежност и очај – неискажлив душевен пекол, познат само на оние што низ него поминале. Не дека ги изгубил парите, не дека го изгубил она што парите му го овозможуваат и не дека ја нема сигурноста што му ја овозможуваат овоземните власти, не – тој сето тоа сè уште може да го има, но пеколната темнина и очајот коишто ги обзема оние што Го предаваат Господ се едноставно неподносливи за човековото битие.

А што ги прави уште понеподносливи?

[1] Види: Јован 12, 4–6.

Власта што демонот ја добива над мислите на предавникот. Но, и тука има некој ред. Човекот прво се обидува да најде некаков излез – и Јуда ги враќа парите, па дури и признава дека предал невина крв, но тоа не е доволно и не го прави тоа пред Христос или пред некој од своите браќа Апостоли[2]. Човечката правда никогаш не ни помага, никогаш не може да ја замени Божествената. Божествената правда не е само преземање и признавање на вината, туку е и возобновување и воспоставување на нарушениот однос со Бог – во покајание, а Јуда е за тоа неспособен. И потоа следи она што на почетокот го рековме: демонската помисла со власт му вели на предавникот дека полудел и дека за него сѐ е изгубено, и непрестајно го убедува да се самоубие, а неговата внатрешна состојба потполно се совпаѓа со демонскиот предлог.

Мислите дека на таквиот му е тешко да се самоубие? Не – на таквиот човек самоубиството му се причинува како единствена светла точка и единствен излез од таквиот живот. Маките што ги поминува човек во тие моменти му изгледаат неспоредливо потешки од кој било вид самоубиство.

Многу посрамно е трикратното јавно предавство Петрово отколку тајното Јудино предавство. Но, што го спаси Петар и зошто таа можност ја немаше Јуда? Крадењето и постојаното потпирање на овоземното, како и лажната надеж на овоземно царство Христово, му оневозможија на Јуда да изгради личносен однос со Господ Христос, како што

[2] Види: Матеј 27, 1–10.

тоа му го овозможија постојаните падови од гордост и подигањата од смирение на Петар во градењето на личносниот однос со Христос. Петар не беше врзан за пари, за овоземното, тој беше врзан за Личност, за прекрасната Личност на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос, и тоа му даде сила на покајание.

Петар има опит од грешење и барање, и добивање прошка од Господ, и тоа го спасува[3]. А Јуда не само што нема однос со Господ, туку следствено, нема и со ниту еден од Апостолите. Зашто ако имал, ќе си ја отворел душата пред некој од нив и ќе се спасел.

[3] Види: Матеј 16, 21–23; Матеј 26, 71–75.

# ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦЕ,
# СПАСИ НАС!

Вака сега, мили мои, ако сакате да си ги спасите душите свои.

Со текот на времето, Божествената Литургија, таква каква што денес ја служиме, претрпела многу промени, иако не суштински, туку само формални. Зашто, на почетокот секој епископ служел така како што примил од светите апостоли. Остатоците од некои од тие Литургии, или дури и целите, ги имаме запишани и сочувани до ден-денес, а некаде и се служат барем еднаш годишно.

Неколку векови требало да поминат за Литургијата да се унифицира како текст, па ние да ја знаеме, отприлика, онаква каква што денес ја служиме или, поточно, онаква каква што Бог преку нас ја служи – „зашто Ти си Кој принесува и се принесува, Кој прима и се раздава, Христе Боже наш...“[1] Тоа е, главно, Литургијата на свети Јован Златоуст, којашто, всушност, е скратена верзија на Литургијата што ја има запишано свети Василиј Велики.

Како и да е, ако и денес го споредиме ори-

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, извадок од молитвата што ја чита свештеникот за време на Херувимската песна.

гиналот на Златоустовата Божествена Литургија со она што денес го служиме, ќе видиме дека постојат одредени додатоци и разлики.

Еден вид од додатоците (текстуални и церемонијални) воведувале разни духовно неписмени свештеници (од секој ранг), друг вид воведувале разни цареви (и текстуални и церемонијални – дури и одеждите што денес епископите ги носат се дел од царските одежди) и трет вид воведувале разни квазитеолози.

Сите овие додатоци, главно, непотребно ја оптоваруваат богослужбата, особено кога служат архиереите, и се забележливи во почетниот дел на Светата Литургија – во делот до Големиот вход или од Литургијата за огласените – кој навистина предолго трае, додека, пак, Литургијата на верните или Канонот на Евхаристијата (Благодарноста) едноставно го претрчуваме.

Не ми е цел во овој текст да говорам за овој вид додатоци и разни други искривувања при служењето на самата Света Литургија со кои го оптоваруваме народот и физички и психички. Со овој текст сакам да го изразам своето чудење како сите овие промени и додатоци не ни сметаат иако се на штета на редовното црквување на народот Божји и на мисијата на Црквата во светот, а истовремено забележувам и слушам дека на некои им пречи единствениот додаток што извира од вистинската побожност на народната душа, а тоа е молитвата: „Пресвета Богородице, спаси нас!“

Навистина, таа молитва јасно се подразбира и без да е запишана – едноставно ти извира од ср-

цето како екстатичен трепет и плач, едноставно не можеш, а да не ја изговориш во тој момент кога ќе го чуеш Нејзиното прекрасно име, кога знаеш дека секој Дар преку Неа го добиваме. Едно запаметете: Бог, Богородица и Светата Литургија се неразделни и невозможни едно без друго; затоа молитвата „Пресвета Богородице, спаси нас“ е суштински дел на Светата Литургија, кој не може да биде тргнат. Таа молитва треба целиот народ да ја пее во Црквата Божја, кога ќе го чуе Нејзиното пресвето име, исто како што треба задолжително да повика „амин“ при осветувањето на Даровите.

*Возљубени, не верувајте му на секој дух, туку испитувајте ги духовите: дали се од Бог, бидејќи многу лажни пророци се јавија во светот. По ова познавајте Го Божјиот Дух, и духот на лагата: секој дух што признава дека Исус Христос дошол во плот, од Бог е. А секој дух што не признава дека во плот дошол Исус Христос, не е од Бог; тоа е духот на антихристот, за кого сте слушале дека иде, па и сега е веќе во светот* (1. Јов. 4, 1–3).

Тоа е истиот одвратен дух што, преку свои луѓе – инструменти, не само што не сака да ја чуе молитвата: „Пресвета Богородице, спаси нас!“, во Светата Литургија, туку и чувствува како таа молитва го уништува. *Кој има уши да слуша, нека чуе!* (Матеј 13, 9).

P.S. А што се однесува до денешната богослужбена недела, фарисеј е секој што мисли за себе дека е подобар од кој било човек. Митарот кој беше оправдан од Бог е секој што стои пред Бог во состојба на плач, а посебно за време на молитвата.

## ПЛАЧ

Видете што вели свети Игнатиј Брјанчанинов и обрнете големо внимание на неговите зборови, затоа што за оние што се трудат во православниот духовен подвиг тие значат живот или смрт: „Од сите чувства на срцето само едно, во неговата состојба на пад, може да биде употребено во невидливото Богослужење: тагата поради гревовите, поради гревовноста, поради падот и својата пропаст – наречено плач, покајание, скрушеност на духот“[1].

Овие негови зборови важат за молитвата на сите степени од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *боговподобување* (или обожение). Уште попрецизно, колку човек напредува во духовниот развој, толку повеќе зборовите на свети Игнатиј ја пројавуваат својата вистинитост и значење, во сила.

Заклучокот од досега кажаното, според свети Игнатиј, би бил дека: „Покајанието, скрушеноста на духот и плачот се знаци и сведоштво за правилноста на молитвениот подвиг. Нивното отсуство е знак за скршнување во лажна насока, знак за са-

[1] Свети Игнатиј Брјанчанинов, *Темели на духовниот живот*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1998, стр. 72.

мозаблуда, прелест или бесплодност“[2].

И што е најважно од сѐ, без погореопишаниот подвиг од свети Игнатиј не е возможен ни духовен напредок: „Постепеното дејство на покајанието воопшто, изразено низ сите видови смирение, особено преку молитва, која се принесува во сиромаштво на духот и во плач, постепено го ослабува дејството на гревот во човекот. За тоа треба значително време“[3].

И другпат сум ви рекол дека на плач, и внатрешен и надворешен, треба да се принудуваме. Најнапред треба да се самопринудиме на целосрдечно послушание, односно на восогласување на начинот на нашиот живот со првиот степен од духовниот раст, како и со местото што го имаме во Црквата, и обврските што произлегуваат од него.

Дури потоа, ако надворешниот плач случајно не произлезе од самото послушание, може да преземеме и поригорозни мерки на самоказнување, познати и на светогорските отци, како и на опитните духовници, и само под нивен надзор, за да го добиеме.

Најголемиот духовен проблем на денешните христијани претставува отсуството на плачот и покајанието (преумувањето). Тоа значи дека се нарушени и сите претходни услови што погоре ги спомнавме, кои ни носат плач и покајание.

Јас разбирам дека почетниците во духовниот живот не можат да го задржат плачот како цело-

---

[2] Истото, стр. 59.
[3] Истото, стр. 80.

дневен став пред Лицето Божјо – тоа не е лесно и за напредните, но не разбирам како не застануваат со став на плач за време на личната и соборната литургиска молитва.

Личната и литургиската молитва се време и место во кое се преплетуваат границите на внатрешниот невидлив и надворешниот видлив плач. Видливиот плач не е проблем за време на личната молитва, но за време на Божествената Литургија тој може да биде голем технички проблем за оној што служи, затоа Бог и ја одзема малку благодатта на плачот во тоа време.

Лично, мислам дека таквите свештенослужители треба полека да се повлекуваат од градските литургиски богослужби кон тивките скитско-манастирски литургиски богослужби. И уште мислам дека им е време за повлекување од активна богослужба (посебно во смисла на црковно-административните обврски). Нема таков вид тешкотија на духот од тоа да служиш Литургија, а да не може да плачеш.

Плачот е и благодат. Затоа плачот е и утеха, и тоа таква утеха за која никогаш нема да дознаат оние што само се смеат – особено тие што се смеат на туѓите недостатоци и несреќи. Плачот е посебен дар и присуство на Богородица во нашиот живот. Нејзин вонреден дар и вонредно присуство.

## КОГА ТЕ ВИДОВМЕ...

Забележувате ли дека прашањата на кои ќе треба да одговориме на Страшниот суд воопшто не се однесуваат на верата и Црквата на кои припаѓаме, туку на конкретните лични дела на милосрдие: дали кога Господ Христос беше гладен Му дадовме да јаде; дали кога беше жеден Му дадовме да пие; дали кога беше странец Го примивме; дали кога беше необлечен Го облековме; дали кога беше болен Го посетивме; дали кога беше во затвор дојдовме при Него...[1] А, ако некој Го праша Господ кога сето тоа се случило, одговорот, барем на нас, христијаните, ни е многу јасен: *Вистина ви велам, доколку сте го направиле тоа на еден од тие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 40).

Моето внимание, во денешново евангелие, најмногу го привлекувале зборовите: *Господи, кога Те видовме гладен и Те нахранивме, или жеден и Те напоивме? Кога Те видовме странец и Те прибравме, или необлечен и Те облековме? Кога Те видовме болен, или во затвор, и Те посетивме?* (Матеј 25, 37–39).

Оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на чистење на срцето од страстите, ги велат

[1] Види: Матеј 25, 31–46.

погореспоменатите зборови затоа што и покрај подвигот да ги исполнат во пракса Христовите заповеди, живеејќи во грижите на светот, сепак, не Го видоа Господ во своето срце преку дарот на умно-срдечната молитва.

Оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на просветлување на умот, ги велат погореспоменатите зборови затоа што и покрај подвигот на умно-срдечната молитва и на љубовта кон непријателите, најчесто поради пастирски обврски во светот, сепак, не Го видоа Господ во своето срце и надвор околу себе преку дарот на гледање на несоздадената светлина.

И мислам дека оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на обожение ги велат погореспоменатите зборови затоа што и покрај подвигот на непрестајната молитва и на плачот за целиот свет, поради злоупотреба на слободата од страна на оние што самите себе се ставија на левата страна, не Го видоа Господ и во нив. Господи, помилуј...!

Со еден збор, сите оние што во текот на целиот свој живот се смируваа, односно самообвинуваа, што друго знаат освен и пред Христос на Страшниот суд да се смират.

Интересно и полезно е да знаеме и што значат зборовите: *Господи, кога Те видовме...*, на оние што Страшниот суд ги затекнува во грев и пад.

За да сфатиме полесно, прво сакам да се потсетиме на Адамовиот пад. Кога Бог ги прашува зошто јаделе од забранетиот плод, наместо да се покајат, Адам се самооправдува и Го обвинува за својот пад, пред сè, Бог (*жената што ми ја даде Ти*),

а потоа и Ева (*таа ми даде од плодот на дрвото и јас јадев*). Исто така, и Ева се самооправдува: *змијата ме измами, и јас јадев*[2]. Светите Отци велат дека само еден од нив двајцата да побарал прошка, и двајцата немало да бидат избркани од рајот. Сакам да заклучам дека тоа што Бог ги бара нашите Праотци Адам и Ева, и стапува во дијалог со нив не е ништо друго, освен што и на двајцата им дава уште една можност за покајание.

Истиот заклучок сакам да го изведам и за Страшниот суд, и за оние што тогаш се наоѓаат во грев и пад. Тоа што Богочовекот Христос воопшто стапува во дијалог со нив, колку и да звучи тоа страшно (*одете од Мене, проклети* – Матеј 25, 41), не е ништо друго, освен што Тој на сите им дава уште една можност за покајание. И наместо да признаат дека ја заслужиле казната и да побараат прошка и милост од Семилостивиот Христос, и да се спасат во последен момент, тие се самооправдуваат и Го обвинуваат Господ и на самиот Страшен суд: *Господи, кога Те видовме...* О, безмерно безумие!? О, демонско непокајание!?

Со еден збор, сите оние што во текот на целиот свој живот се самооправдуваа и ги обвинуваа другите, што друго знаат освен и пред Христос на Страшниот суд истото тоа да го повторат.

Остануваме неми пред Твојата љубов и долготрпеливост, Христе, Боже наш... Кој сакаш сите да се спасат...

Но, време е да се приземјиме малку со уште

[2] Види: 1. Мој. 3, 12–13.

две практични поуки, кои произлегуваат од толкувањето на денешното евангелско четиво.

*Доколку не сте го направиле тоа на еден од овие најмали браќа, Мене не сте Ми го направиле* (Матеј 25, 45). Ајде, сега, да ги погледнеме овие зборови и од аспект на љубовта кон непријателите и да се потсетиме на нешто што и порано сме го чуле. Имено, кога се трудиме аскетски да ги љубиме оние што нè мразат и кога се трудиме да не им враќаме со зло за злото што ни го прават, тогаш на таквите им оставаме простор за покајание. Само Господ знае кога ќе им истече времето за покајание, но, исто така, и нема да дозволи тие бесконечно да ни причинуваат зло. Нашиот подвиг не треба да е втемелен врз нашето очекување да им помине времето за покајание и да им се случи некое зло, туку врз надежта дека тие навистина ќе се покајат и ќе се спасат – иако таквиот опит поретко се случува.

Инаку, Страшен суд пред Страшниот суд е секоја средба со нашиот ближен. Страшен суд пред Страшниот суд е секое наше застанување на молитва, особено кога нашиот ум ќе застане пред престолот на нашето срце, пред Господ. Страшен суд пред Страшниот суд е и секоја Света Литургија, како *веќе и уште не*.

## АКО НЕ СИ ПРОСТИШ САМИОТ...

Доаѓа денот Прочка, кога сите нормални христијани си бараат и даваат прошка помеѓу себе. Но, запаметете добро: ако самите на себе не си простиме, ничие простување – ни Божјо, ни човечко, нема да ни помогне. Башка што Бог однапред ни има простено: *Оче, ūросūи им, оūи не знааū шūо ūраваū* (Лука 23, 34). Бог е љубов. А за човечкото простување, битно е ние да побараме прошка, а дали другите ќе ни простат – нивен проблем (зависно од тоа колку демонот им го заробил срцето или не), како и мал проблем за нас – во случај да не ни простат, треба повеќе да се молиме за нив.

Си простуваме самите на себе само ако континуирано го чистиме гревот од нас самите, од нашето срце. Ако со нашите мисли, зборови и дела чиниме грев и на тој начин се откажуваме од Бог и Неговата благодат, што ако Бог ни простува или што ако луѓето ни простат? Ништо! Гревот не ни е простен – продолжуваме да грешиме, гревот останува во нас. Остануваме надвор од Бог и Неговата благодат, надвор од заедницата со Него, надвор од вистинска заедница со нашите ближни, а во ропска заедница со демонот – чија волја ја извршуваме.

Како да влеземе во процесот на простување

на самите себе? Најнапред, треба да се самопринудиме на целосрдечно послушание кон духовните отци на Црквата, односно на восогласување на начинот на нашиот живот со првиот степен од духовниот раст – очистување на срцето од страстите и од гревот, како и со местото што го имаме во Црквата, затоа што живееме во духовна затемнетост, а не во просветленост. Од невроза и противприроден начин на живот треба да преминеме во природен начин на живот, во Црквата. Друг пат нема.

Ова сум го спомнал којзнае колкупати и уште којзнае колку ќе го повторувам, зашто ве гледам, посебно вас, христијаните, членови на фејсбук заедницата, дека не го спроведувате на дело овој мој светоотечки совет и си пишувате, што значи, и си живеете како сакате. А истото, горе-долу, важи и за повеќето христијани. Знаете ли што на крајот ќе постигнете во духовниот живот? Ништо! Ако се задржите на рамниште на религиозна невроза (која е забележлива насекаде околу нас) и не паднете подолу од тоа – бидете среќни!

Каде најмногу и најлесно се забележува религиозната невроза? Кога се занимавате со световна политика, како и со црковна внатрешна и надворешна политика, без просветленост на умот и дарот на умно-срдечната молитва. Накратко, кога начинот на вашиот живот не е восогласен со степенот од вашиот духовен развој. Нели рековме дека луѓето од Црквата низ својата историја паѓале во три искушенија: прво – нивното поистоветување со државата; второ – нивното поистоветување со нацијата; и третото, најлошото – нивното поистоветување со

партијата. Овие поистоветувања се причините за вашето гревовно однесување.

Кога пишувате за партиски случувања, веднаш се забележува вашата партиска пристрасност, и не само тоа, туку и сите негативни (гревовни) чувства кон противникот, како и поделбата којашто дополнително ја предизвикувате и во Црквата. Наместо Црквата од номиналните христијани да направи Христови војници, партиите успеаја од номиналните верници да направат партиски војници. На двајца господари не може да им служите[1]. А вие, по моиве зборови филозофирајте и самооправдувајте се колку сакате дека верникот може јавно да се изјаснува по секое прашање од општествено-политичкиот живот. Да, може, ако е просветлен; а ако не е, повторно може – само што останува без Причест.

Јас ви кажав, а вашите духовници колку сакаат нека ви одобруваат Причест и на такви какви што сте. Напишаното нема врска со правото и слободата на вашето тајно гласање. Иако, пред Бог ништо не е без врска. За секое добро дело добивате благодат, а за секое злодело ја губите. Прашање е само дали свесно правите грев или несвесно. Истото од претходниот пасус важи и кога пишувате за црковна внатрешна и надворешна политика, само наместо „партиски“, читајте „црковни случувања“.

Колку ли само лајкувањата ве издаваат кој на која поделба ѝ припаѓа. Па тоа што го постирате и што никогаш не го постирате. Па коментарите. Па сигурноста со која коментирате – тоа најмногу

[1] Види: Матеј 6, 24.

ме загрижува. Си велам во себе: за овој човек, лек – тешко. Па незнаењето, и на теологијата и на валидните информации – кои и тешко да се знаат ако не си на највисока позиција. Па поразителното постирање на „духовни мудрости“ од отци што не нѐ признаваат. И многу други невротични појави во самите коментари што ве издаваат.

И по сето тоа, повторно, како ништо да не било, формално ќе бараме прошка, ќе тримериме и постиме, ќе се молиме и ќе се причестуваме. Вистина ви велам, ако не се покаеме за своите гревови, ништо не ни вреди. А тоа и самите го гледате по толку години. Во што единствено „напредувавме“ по нашето влегување во Црква? Во суета, во некаков невротичен црковен опит, во високо мислење за самите себе и во достапното теоретско знаење без љубов. А во умно-срдечната молитва и во Божествената просветленост на умот и разумот? А во конкретните дела на милосрдие?

Должен сум да ви ја кажам вистината, која многу повеќе важи за мене, но не многу помалку и за вас, а вие како сакате. Знам дека е дојдено времето кога многу ненормални работи се сметаат за нормални и дека дури и меѓу номиналните христијани моите кажувања може да изгледаат чудни, но тоа е. Простете.

# АВТОНОМИЈА КАКО ЦРКОВНА АНОМАЛИЈА

Меѓуправославната подготвителна комисија, од 9 до 17 декември 2009 година, во Шамбези, на тема „Автономијата и начинот на нејзиното прогласување“ заклучува дека „последиците“ што произлегуваат од прогласувањето на автономијата за автономната Црква и нејзините односи кон автокефалната Црква се следните:

А) Поглаварот на автономната Црква го спомнува само името на поглаварот на автокефалната Црква;

Б) Името на поглаварот на автономната Црква не се запишува во диптисите;

В) Автономната Црква добива свето миро од автокефалната Црква;

Г) Епископите на автономната Црква се избираат и востоличуваат од нејзиниот надлежен црковен орган; во случај на докажана неспособност за тоа на автономната Црква, таа се потпомага од автокефалната Црква, кон која припаѓа.

Овие заклучоци и до ден-денес се важечки.

Самиот ’статус на автономија‘ на една Црква, како што ја замислиле претставниците на Меѓу-

православната подготвителна комисија, е само една еклисијална (црковна) аномалија, која се темели на две еклисиолошки ереси или теолошки погрешни учења, кои ги препознаваме во точките А и В од нивните заклучоци. Да ги разгледаме теолошки, поединечно, па ќе дадеме и наш заклучок за негативните црковни последици од така замислената „автономија“.

Под точка А читаме дека поглаварот на автономната Црква го спомнува само името на поглаварот на автокефалната Црква. Од логиката на кажаново, не се предвидува, што е клучно во меѓусебните односи на епископите, и поглаварот на автокефалната Црква да го спомнува поглаварот на автономната Црква. Делот од Светата Литургија каде што се бара од автономниот поглавар да го спомнува автокефалниот, и неспомнувањето на останатите епископи на автономната Црква од страна на автономниот поглавар, исто така, е многу спорно, но подобро да не го образложуваме сега и овде. Тие прашања ќе станат јасни ако се објасни од каде тој порив за неспомнување кога Бог за сите нас си спомнува.

Што е битно да објасниме? Во Православната Црква, Епископот е на место и во обличје Христово. Епископите се меѓу себе еднакви по власт – секој во својата епархија. Локалната епископална Црква ги има сите потребни дарови за спасение на луѓето во сета нивна полнота. Никаква натструктура на власт во Црквата Христова, од кој било вид, не може да се појави над Епископот и да управува со него. След-

ствено, спомнувањето на епископите меѓу себе е само израз на нивното единство и на заедницата во Црквата Христова.

Така, не е нормално епископите (ова посебно важи за поглаварите) да не се спомнуваат по име меѓу себе, а притоа да не дојде во прашање нивната заедница; но веќе е ерес спомнувањето да се користи како инструмент за контрола, потчинување или ерархиска подреденост од страна на поглаварот на автокефалната Црква над целата автономна Црква и нејзините епископи, односно, поединечно земено, над Тело Христово возглавено од еден епископ, над Самиот Христос. Оваа незадржлива еретичка желба за демонстрација и концентрација на човечка власт во Црквата одамна ја парализира христијанската мисија во светот и кога-тогаш ќе доведе до нови официјални расколи меѓу помесните Православни Цркви.

Во спомнувањето на надлежниот епископ од страна на неговото свештенство има и елемент на контрола од страна на надлежниот епископ над неговото свештенство, кое реално е ерархиски подредено на својот епископ и е со строго делегирани права од него. Но, таквото спомнување да се направи средство за контрола над група епископи кои сочинуваат друга помесна Црква, односно, поединечно земено, над Тело Христово возглавено од еден епископ, односно над Самиот Христос, е прецизно речено, еклисиолошка ерес.

Треба да се знае дека сите епископи на една помесна Црква задолжително го спомнуваат на Све-

тата Литургија Првиот по чест меѓу себе, но, исто така, и Првиот треба да ги спомнува сите епископи на Литургијата што ја служи. Нарушувањето на спомнувањето од чија било страна е нарушување на единството. Спомнувањето нема врска со никаква потчинетост и затоа треба да биде обострано.

Под точка В читаме: автономната Црква добива свето миро од автокефалната Црква. Како прво, според светите Канони на Црквата (6-то правило, Картагенски – освен епископот, друг не смее да осветува свето миро), светото миро може да го подготвува секој епископ; а како второ, епископот го подготвува светото миро не за себе, туку за своето свештенство – како еден инструмент за контрола над него и покрај делегираната (пренесената) власт од него на свештениците да ја извршуваат Светата Тајна Крштение. Е, сега, од инструмент за контрола на епископот над свештенството некој овде сака варењето на свето миро да го претвори во инструмент за контрола од страна на автокефалната Црква над административно автономната Црква. А спомнавме дека само обидот за демонстрација на власт над само еден епископ е обид за потчинување на Тело Христово, на Самиот Христос.

Значи, и двата инструмента за контрола од страна на епископите над свештенството (спомнувањето и варењето на свето миро) – што е нормално и оправдано, некој сака да ги претвори во инструменти за контрола од страна на автокефалната Црква над т.н. автономна Црква – што е ненормално и теолошки неодбранливо. Една Црква или има услови

за ’автокефалност‘ или нема, и толку. Доколку има, може да ѝ биде признаена и фактичка автокефалност од Црквата од која се осамостојува, додека не биде официјално признаена од сите помесни Православни цркви.

Еклисијалните и еклисиолошките последици од таканаречената автономија, сфатена како што ја предлага Меѓуправославната подготвителна комисија, се такви што сите епископи на автономната Црква, кои божем ги издигнува на некое повисоко ниво на административна независност – како што лажно се претставува идејата за автономија, всушност, ги прави само викарни на поглаварот на автокефалната Црква; затоа што, нели, нив никој не ги спомнува како заедничари во едната Литургија Божја и одземена им е можноста да варат свето миро.

Таканаречената автономија, меѓу другото, претставува хулна претпоставка дека една помесна Црква е на некој начин непотполна, незрела, неискусна или во кој било поглед фалична. Кога веќе знаеме дека само локалната епископална Црква ги има сите потребни дарови за спасение на луѓето во сета нивна полнота, тогаш како може збир на неколку такви Цркви, посебно организиран во помесна Црква, поради специфични пастирски состојби, да биде во нешто фаличен?

Поимот ’автономност‘ за една помесна Црква етимолошки и административно значи дека таа самата, на свој Собор и на свој Синод, ги донесува својот Устав и своите правилници за работа, а не

некој однадвор или некоја друга Црква. Таквите Устав и правилници за работа и сите други одлуки и акти што помесната Црква автономно ги донесува, а кои речиси секогаш се однесуваат само на нејзиното административно уредување и работење, важат и се соодветни само на државната, политичката и административната територија на која Црквата е организирана.

Во Одлуката АС. бр. 47/1959 година и 6/1959 година, зап. 57 од 17/4 јуни 1959 година, Архиерејскиот собор на СПЦ се согласи со одлуките од Македонскиот црковно-народен собор од 1958 година. Така, во уводната точка I се вели:

„I Светиот Архијерејски Сабор констатира: дека епархиите скопска, охридско-битолска и злетовско-струмичка на црковно-народниот собор одржан на 4–6 октомври 1958 год. во Охрид се издвоиле во самостојна Македонска Православна Црква, која се управува по Уставот донесен на тој Собор, а останува и понатаму во канонско единство со Српската православна црква преку нејзиниот поглавар – Неговата Светост Патријархот на Српската православна црква“.

Т. VI – „Со оваа Одлука престануваат да важат прописите на Уставот на Српската православна црква за епархиите и архијереите на територијата на НР Македонија“.

Оваа согласност на соборот на СПЦ, поткрепена со хиротонија на уште еден наш епископ, преспанско-битолскиот владика Климент (19 јули 1959 година), од страна на тогашниот српски патријарх

Герман, а согласно објаснувањето дека автономијата како појава е црковна аномалија, е само потврда за фактичката автокефалност на возобновената Охридска Архиепископија под името Македонска Православна Црква.

Црквата не е ограничена да изнајде или предложи и нови форми на канонско единство, ако сакаат нејзините претставници. Ваков позитивен опит имаме и од досегашниот дијалог меѓу СПЦ и МПЦ – ОА.

Овие еклисијални и еклисиолошки девијации при одредувањето на т.н. статус автономија, за кои погоре говоревме, се суштинско прашање за еден следен Вселенски собор, бидејќи се работи за воведување ерес во Црквата. Борбата против ересите и утврдувањето на вистинската вера отсекогаш биле клучни причини и тема за свикување и одржување на Вселенските собори.

Исто така, за сите горенаведени неправославни учења, епископите во САС на МПЦ – ОА се свесни и разговарале меѓу себе, и согласни се дека нема да потпишат никаков документ што нив ќе ги содржи. Всушност, со овој текст само ги сумирав и пренесов нивните благочестиви мислења во чест на Неделата на Православието.

## СВЕТИ ГРИГОРИЈ ПАЛАМА,
## СПАСИ НÈ!

Еднаш реков дека послушанието е најчудесната тајна на нашиот слободен личносен однос со Бог. Само во оваа тајна човекот расте како слободна личност до бескрајните димензии на боговподобувањето. И само во оваа тајна Бог му станува послушен на човекот. Зарем тоа не го гледаме во животот на Пресвета Богородица? Послушанието е Нејзината најинтимна љубовна тајна, но она што, сепак, е очигледно за сите е фактот дека одеднаш Бог почнува Неа да Ја прашува за дозвола дали да прави или да не прави нешто – почнува Неа да Ја слуша[1].

Некаде во своите дела светиот Старец Јосиф Спилеот вели: „Ако не ја достигнеш благодатта Божја во најголема мера, не сметај се себеси за потполн човек“[2]. Си велам, само потполн човек каков што е свети Григориј Палама, кој ја живее и возглавува Тајната на Црквата, може да ги изрече од опит следниве зборови за Богородица и Секогашдева Марија,

---

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 159–160.

[2] Види: *Monastic Wisdom: The Letters of Elder Joseph the Hesychast*, St. Anthony Greek Orthodox Monastery, Florence, Arizona, 1998, стр. 69.

кои се вистинско славословие:

„Таа Самата ја образува границата меѓу создаденото и несоздаденото, и никој не може да дојде до Бог освен преку Неа и Посредникот роден од Неа, и ниеден од даровите Божји не може да биде даруван ниту на ангел ниту на човек освен преку Неа. [Во светлината на послушанието што Бог го покажува кон Неа, ова е само една од причините зошто велиме: „Пресвета Богородице, спаси нè!“]

*Бог̄ е среде неа; т̄аа нема да се п̄омест̄и* (Пс. 46, 5). (...)

Вечен закон на небото е дека помалото ќе учествува преку поголемото во она што е над суштествувањето. Така, како што Мајката Дева е неспоредливо поголема од сè така и многумина што ќе учествуваат во Бог, тоа ќе го направат преку Неа, и како што многумина ќе Го познаат Бог, ќе Ја препознаат Неа како Онаа што Го носеше Несместливиот, и како што многумина ќе Го слават Бог, и Неа ќе Ја воспеваат по Него. [Да не речам заедно со Него.]

Таа е причината на сè што Ѝ претходеше, заштитничка на сè што стана потоа и причината за вечни блаженства... Таа е почетокот, изворот и коренот на неискажливото добро, врвот и исполнувањето на сè свето...“[3]

Но, како што рековме, ова се зборови на потполн човек, кој ја живее и возглавува Тајната на Црквата. Како што би рекол нашиот преподобен Ава Јустин, толкувајќи го свети апостол Павле (парафразирам): во Црквата на Светиот Дух, како Тело на

---

[3] Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 431–432.

Богочовекот Христос, секој молитвено и благодатно се спасува и се восовршува преку сите и со сите, и сите се спасуваат и се восовршуваат преку секого и со секого. Затоа што секој, по благодатта на Светиот Дух, живее во сите и сите живеат во секого[4].

Освен ова благодатно проникнување, прожемање, друг начин на постоење и спасение за нас, христијаните, е невозможен, и незамислив. Ние не сме етичко тело, ние сме Тело Христово – еден со друг благодатно-органски поврзани и еден на друг органи. Спасението е тајна на учество во Телото Христово токму на овој начин. Ние, православните христијани, сме Христос продолжен низ сите векови[5], затоа што Христос го живее нашиот живот и затоа што ние го живееме Неговиот живот. Христос ја возглавува Својата Црква, но и секој еден од нас ја возглавува целата Црква. Токму во ова свето возглавување се содржи тајната на личноста.

Ова го потврдува свети апостол Павле и кога вели: јас не живеам, туку Христос живее во мене; ние Христов ум имаме[6]. Затоа, слободно можеме да се помолиме и: „Свети апостол Павле, спаси нè!", или на кој било светител: „Спаси нè!" Но, денес е ден посветен на свети Григориј Палама, па сите заедно да повикаме: „Свети Григориј Палама, спаси нè!"

---

[4] Види: Архимандрит Јустин Поповиќ, *Православна Црква и екуменизам*, Манастир Хиландар, Света Гора Атонска, 1995, стр. 32–33.

[5] Види: Архим. Др Јустин Поповић, *Светосавље као философија живота*, Манастир Ћелије, Ваљево, 1993, стр. 80.

[6] Види: Гал. 2, 20; 1. Кор. 2, 16.

# КРСТОТ ХРИСТОВ
# КАКО СИГУРНОСТ ВО БОГ

Сите носиме свој Крст (страдање) – прашањето е: сакаме да носиме Крст со смисла, со утеха и надеж на Воскресение, или сакаме да се мачиме со бесмислен крст? Мислам дека изборот не е тежок. Затоа, ајде да почнеме вистински да го почитуваме Крстот Христов, црпејќи ја од него силата на преобразувањето и Воскресението. Вистинско почитување или носење на Крстот значи вистинско живеење според Крстот, односно кога нашата сигурност при страдањата за доброто на другите и за наше добро ќе ја втемелиме само во Бог, а не на некој или нешто што е надвор од Него.

Ако правилно го носиме нашиот Крст, тогаш, секако, ќе ни се отворат очите да видиме дека главниот фокус при страдањето не е на самото наше страдање, туку на нашиот личносен однос со Богочовекот Христос, однос што токму преку страдањето го градиме. Ако нашето внимание се задржи, главно, на страдањето и не Го препознаеме Бог во истото, тоа значи дека сме самољубиви, а нашиот духовен живот е импровизација и не е втемелен во Него.

Значи, да запаметиме: во секое страдање првенствено Го препознаваме Христос и го утврдуваме и надградуваме нашиот личносен однос во и со Него. Самото страдање е реално, но останува во втор план, бидејќи преку прифаќањето и благодарењето тоа станува извор на радост од новоостварениот и надградениот однос со нашиот Господ.

Ако некое страдање (Крст) ни предизвикува очај наместо радост, тоа е знак дека треба да го смениме нашиот однос со Бог, односно знак дека нашиот однос со Бог сигурно е погрешен – не е синовски (втемелен на личниот однос со Него), туку е робовски или наемнички. Од Крстот (страдањето) треба да ни произлегува радосна тага од надградениот однос со Бог, а не очај.

Прифаќањето и благодарењето на Бог за тоа што ни се случува не значи и помирување со некаква „судбина“, дека „така ни било пишано“, дека така ни било „од Бога дадено“, и дека ние не можеме ништо од тоа што ни се случува да промениме. Прифаќањето и благодарноста кон Бог за нашите страдања не е пасивен еднostран однос, туку основен почеток на еден нов однос со Бог, кој самиот по себе, во суштина, на подобро ги менува работите – не само како однос кон самите нив, туку и во реалниот живот.

Нашиот однос со Бог е жив однос: нешто прифаќаме со благодарност, со друго недвојбено се согласуваме, за трето љубовно се бунтуваме и бараме да се промени – сè зависи од тоа колку е изграден нашиот однос со Него; или не. Нема боголикост и богоподобност на човекот, нема вистинска

слобода и љубов во односот меѓу човекот и Бог, нема вистински однос меѓу човекот и Бог ако човекот нема можност да ја промени и Божјата волја. Нема човек и нема Бог – нема Богочовек.

Како се откажуваме од Крстот Христов? Се откажуваме од Крстот секогаш кога нашата безбедност ја темелиме на нешто што е надвор од Бог, а не на Него, односно на самите себе и своите сопствени знаења и сили, и на некоја од формите на самочовечко општествено уредување или групирање. На пример, кога нашата сигурност ја темелиме на државата, нацијата, партијата, на семејството или на некои други видови самочовечко групирање (обично бизнис и тајни организации), како и кога се чувствуваме безбедни поради имотот и парите што ги поседуваме и човечката власт. Секое такво втемелување на нашата сигурност е откажување од Крстот Христов. Нормално, страдањата што секако ќе дојдат, ќе бидат бесмислени и полни со очај.

Накратко, Крст е кога се саможртвуваме за доброто на другите, а не кога другите ги жртвуваме за свое добро! Крстот е она на кое и со кое ме распнуваат, а не она на кое и со кое јас ги распнувам другите.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## БЛАГОВЕСТ
## НА БЛАГОВЕСТ

Ве молам, размислете за овој неискажлив момент од светата Благовест – без Нејзиното „нека ми биде“ ништо не стана од тоа што потоа стана во Божјиот Домострој за спасението на човекот и светот. Овој конкретен момент од свештената историја на нашето спасение нека ни биде светлина водилка и во сфаќањето на тајната на Благовести, и во градењето на нашиот личносен однос со Бог.

Сигурно ви е веќе јасно дека на Онаа Која е почесна од херувимите и безмерно пославна од серафимите не Ѝ требаше од ангел, па макар бил тоа и архангел Гаврил, да ја дознава вистината за воплотувањето на Синот Божји од Светиот Дух во Неа.

Се сеќавате што сум ви говорел: веќе на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, се здобиваме со одредена слобода пред Бог. Тогаш не само што нашите главни планови често ќе се совпаѓаат со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го посакуваме, туку веќе го добиваме дарот Божји, сами, во своето срце – во областа на Царството Небесно, да го подготвиме она што ќе сакаме да ни се случи во ид-

нина, согласно волјата Божја. Ви говорам за благодатниот подвиг на аскетската умно-срдечна молитва[1].

Колку повеќе сето ова важи за недостижниот исихастичко-молитвен подвиг што Пресветата го имала во Светињата на Светињите од старозаветниот Храм. Така, тоа што денес архангелот го благовести веќе беше договорено и восогласено помеѓу Бог и Приснодева Марија во Нејзиното срце, пред кој било друг да знае. Денес, во Светата Литургија на Црквата само се остварува, се посведочува и се обзнанува – заради наша поука и заради наше спасение.

Сакам да ве потсетам на уште нешто: човекот е создаден бог со самото тоа што на Бог може да Му каже „не“. Но, едно е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на паднатост и гревовност, а друго е на Бог да Му кажеш „не“ од позиција на син Божји по благодат. Преку првото човек постепено се демонизира, а преку второто покажува дека се реализирал. Ако за обичен човек ова е достижно, тогаш што да кажеме за Мајката Божја – Пресветата Богородица, Која единствена има власт и да Му нареди на Својот Син.

Да се потсетиме само на оној чудесен момент од свадбата во Кана Галилејска – *немаат вино* (Јован 2, 3). Дали, по навидум грубиот одговор, Таа нешто Го замоли или Му се обрати повторно? Не, им се обрати на слугите – *направете како што ќе ви рече*

---

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 76.

(Јован, 2, 5), едноставно знаејќи дека Он ќе Ја послуша! А Кој постапи според Нејзината желба, иако претходно се противеше? Лично Нејзиниот Син, а наш Бог, Богочовекот Исус Христос. Кој Кому овде му е послушен е сосем очигледно.

Но ние, обичните луѓе – дури и обожени, кои немаме власт да Му наредуваме, туку само да Го молиме, пред да можеме да Му речеме на Бог – „не“, имаме да кажеме многу „да“, кои можеби ќе немаат ниту логика, ниту смисла, ниту извесност, а можеби ниту живот, додека да го чуеме Неговото „да“ како сведоштво на нашето боговподобување.

Мили мои, не се сомневајте во власта на Мајката Божја, од Која и Бог Отец барал дозвола пред и при воплотувањето на Својот Единороден Син, од Светиот Дух, да го овозможи вашето спасение – во рамките на Божјата Промисла за вас и вашата желба за истото, затоа што тој сомнеж ја растројува целата благочестивост на човековата душа. Слободно и без помисла на сомнеж, со плач и радост повикувајте кога и каде ќе можете:

„Пресвета Богородице, спаси нас!“
„Радувај се, благодатна Марија!
Господ е со Тебе!“

# МОЌНО ПРЕВЕНТИВНО ИЛИ РИЗИЧНО КУРАТИВНО

Бог е совршен, и како совршен, сè што прави – прави совршено. Кога Бог го направи човекот, всушност, направи бог – иако не по природа. Направи човекобог, кој треба да стане син Божји – по благодат, односно му постави цел: од лик Божји да порасне до подобие Божјо, давајќи му ги сите сили и Својата благодат потребни за тоа.

Што имаме и што гледаме, и што останало денес од тоа совршено создание Божјо – човекот, по неговото двојно отпаѓање од Бог? Духовна неукост, етичка рушевина, паднатост до изобличеност.

Денешниот човек, главно, води противприроден начин на живот, кој се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (во случај кога не постои физиолошка основа за психичка болест).

Противприродниот начин на живот на една

индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози.

Свети Јован, во својата „Лествица“, нѐ повикува да тргнеме по друг пат, по евангелскиот пат на покајанието и да водиме природен начин на живот во Црквата, преку кој растеме *до состојба на совршен маж, до мера на полната возраст на Христовото совршенство* (Ефес. 4, 13). Согласно свети Јован, почеток на православниот духовен живот е послушанието, кое најбрзо нѐ води до целта – просветлување на умот: „Оној што наполно се одрекол од самоволието, дури и во нешта што му изгледаат добри, духовни и богоугодни, стасал на целта уште пред да зачекори“[1].

Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *боговподобување* или христијанско совршенство (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва). Спомнат е и видот, односно квалитетот на молитвата, бидејќи согласно тоа се одредува и степенот на духовниот развој на личноста. Тука демонот е едноставно оневозможен да дејствува.

Затоа, пак, демонското дејствување над оние што водат противприроден начин на живот најчесто е забележливо и е многу разновидно. Во времето

---

[1] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 33.

на првите учители од пустината не постоеле стручните термини на модерната психологија, но затоа постоел термин *помрачување на разумот* (умот). Во ваква состојба на помрачување на разумот, човекот станува целосно неспособен рационално да расудува и дејствува.

Според свети Максим Исповедник, постојат две категории на волја – разумска и природна волја[2]. Со изгубена разумска волја човекот не е во состојба да ги контролира мислите, желбите и чувствата, нема кочница (цензура од Натсвесното, од супер-Егото над Идот) да се сопре во деструктивните намери. Дејствува стихијно, по принципот на природната волја, односно стремење на природата кон тоа што ѝ е слично – свети Јован Лествичник ќе рече: „Сѐ што е создадено ненаситно тежнее кон сродното на себе: крвта кон крв, црвот кон црв, земјата кон земја“[3] (примордијални пулсии од Идот – несвесното) – кое низ термините на психологијата одговара на состојбите на волево-нагонската дезинхибиција од различен степен (на пример: невротично, импулсивно, хазардно, хомицидално, суицидално поведение итн.), со сите социјални последици што произлегуваат од таквото однесување.

Зошто го пишувам сето ова? Затоа што луѓето вообичаено ги отфрлаат Црквата и послушанието како нејзин метод за исцеление, и не доаѓаат превентивно да побараат духовно раководство од

---

[2] Види: Maximus Confessor, *Ad Marinum Presbyterum* (Migne PG 91, 280a).

[3] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 104.

духовниот отец – како што ги советува свети Јован, а за жал, воопшто не го познаваат духовниот живот. Живеејќи го противприродниот начин на живот, секако, под неизбежното демонско влијание, кога-тогаш паѓаат во животна криза (без оглед како ќе ја наречеме), а воопшто не се подготвени и не знаат како да ја надминат. Во тие тешки моменти, ако воопшто им текне, доаѓаат и бараат помош од нас – духовните отци, ама тогаш веќе често е доцна.

Зошто често е доцна? Затоа што или бараат инстант решение за кризата во која се наоѓаат, а не се подготвени да послушаат и духовниот живот отпочеток да го започнат – отфрлајќи ја световната логика, или и самиот духовен отец не е способен да ги извлече од кризата – или поради нејзината длабочина или поради неговото незнаење. Најчесто поради обете причини.

Луѓе, запаметете: духовните отци не се чудотворци што инстант ќе ги решат вашите проблеми (барем ретки се таквите, и тоа со ограничена моќ – само врз телесните болести). Вашето задоцнето обраќање кон нив и вашата неподготвеност за промена на вашиот живот многу тешко им паѓа, посебно кога можат да ви помогнат. Затоа, наједноставно е уште од вашата младост (иако никогаш не е доцна) да ги пригрлите светите добродетели (доблести), како и Светите Тајни на Црквата; тогаш не може да ве изненади никаква криза – напротив, во секоја криза (Крст) ќе ја преоткривате и тајната на Воскресението и чудесно убавиот Христов лик.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# СВЕТИЛНИКОТ
# НА НАШЕТО ВРЕМЕ

Отец Гаврил, од Лесновскиот манастир, беше голема утеха за малкуте вистински христијански заедници (христијани со свој духовен отец, со правило за духовен подвиг, кои редовно се исповедаа и се причестуваа), кои во тоа време, од 1983 до 1987 година (годините што ги поминавме заедно), во Р. Македонија беа распрснати како мали оази за спас во пустината на атеизмот и христијанскиот номинализам (христијанство само по име). Колку што се сеќавам, такви заедници постоеја во Скопје, Прилеп, Струмица и во Тетово. Ако некого сум изоставил, нека ми прости.

На ова место би го спомнал и единствениот млад монах што во тоа време го имавме, а кој лично мене, исто така, многу ме инспирираше и мотивираше – денешниот игумен на манастирот Свети Наум Охридски, архимандритот Нектариј. За него толку, затоа што е скромен човек и вистински монах, и знам дека ни толку малку не би сакал за него да се слушне, но, исто така, знам дека, како и секогаш, ќе ми прости со својата љубов.

Со оваа беседа сакам да ви пренесам некои совети и моменти од нашиот заеднички живот

со отец Гаврил во Лесновскиот манастир, како и од неговите ретки посети на Скопје. Решив да го објавам ова во неделата посветена на света Марија Египетска, затоа што животот на отец Гаврил неодоливо ме асоцираше на нејзиниот живот во пустината по нејзиното покајание, секогаш кога ќе помислев каква беседа да подготвам за таа недела.

Неговиот живот беше постојан пост, и духовен и телесен. Во времето кога престојував во Лесновскиот манастир никогаш не видов во една седмица различни јадења – тој тоа го нарекуваше монофагија (еднојадение). Во текот на седмицата имаше само едно јадење (на пример, зелка со ориз), во кое во мрсните денови (вторник, четврток, сабота и недела) ми ставаше во чинијата малку зејтин. Во манастирот никогаш немаше за јадење млечни производи, јајца или риба. Него, лично, никогаш го немав видено да јаде нешто со зејтин, а за мрсно јадење не стануваше ни збор. Единствено се сеќавам дека кога доаѓаше во Света Петка во Скопје за бдение, тетка Марија (жената што во таа црква служеше, а подоцна стана монахиња) му подготвуваше чај, двопек и маслинки – од тоа повеќе го немав видено да јаде.

Сите што го знаат можат да посведочат дека отец Гаврил беше исклучително слаб човек, дури ни кожното елече (однатре со волна) што го носеше зимно време не можеше да го промени тој впечаток за него. Во една прилика ме советуваше: „Ако некогаш решиш да постиш четириесет денови, како нашиот Господ Исус Христос во пустината, немој да постиш точно четириесет денови како и Он,

туку да постиш само триесет и девет денови, за да не дојде потоа ѓаволот и да ти шепне дека си издржал колку и Господ, и да се возгордееш. Последните денови од постот можно е да ги поминеш во кревет од исцрпеност, затоа покрај креветот до тебе стави си малку водичка и лепче, за ако си сам, а ти се слоши, да можеш да си ги повратиш силите". Ова може да го каже само човек со опит. Опит на пост сличен на оној на света Марија Египетска.

Ако случајно го сретнев на улица во Скопје, на пример, кога доаѓаше за сеноќните бденија што ги организиравме еднаш месечно во црквата Света Петка, морав да му пријдам и да му се обратам по име, затоа што одеше со наведната глава и никого не забележуваше по патот – посветен на молитвата. Од него првпат дознав за Исусовата молитва („Господи Исусе Христе, помилуј ме"). При првата посета на Лесновскиот манастир, ми рече: „Постојано кажувај си ја во себе или наглас молитвата 'Господи Исусе Христе, помилуј ме', и ништо друго не мисли". И овие зборови може да ги слушнеме само од човек со опит, затоа што според логиката на овој свет не е возможно човек постојано да се моли, а притоа на ништо друго да не мисли. Тоа е подвигот преку кој на големата блудница Марија Египетска ѝ бил дарован дарот на небесната девственост. Во тоа време, се сеќавам, мојата прва бројаничка за молитва си ја направив од врвци за кондури – со најобични чворови.

Уште ова. Се сеќавам, кога понекогаш ќе ми беше многу тешко и кога ќе отидев кај него на исповед, ќе ме сослушаше и без да ми даде никаков

совет, само ќе одмавнеше со раката и ќе речеше: „Е, па, тоа не е ништо!", и навистина, целата тежина што ја имав, па и самиот проблем, беа однесувани како со рака. Толкава моќ имаше неговиот збор над демонските сили и над нашите немоќи. Кога некогаш си размислувам за отец Гаврил, би рекол дека ништо не ни објаснуваше, а сите наши проблеми веднаш ги решаваше. Денес, ние цела светоотечка психотерапија и духовен подвиг до најситни детали ги објаснуваме, ама како да изостанува крајниот позитивен ефект од сето тоа во обемот во кој го очекуваме.

Ако сакаме и се потрудиме, Црквата Божја и денес може да донесе плодови како света Марија Египетска или како светиот отец наш Гаврил Велички; и фала Му на Бог, уште носи. Нашата Света Црква догодина[1] треба отец Гаврил да го обзнани како светител. Нашите храмови уште од пред шеснаесет години се украсени со неговите фрески и икони. Сега се подготвува за печат неговата служба со неговото житие и со сите чуда што ги направил по неговото блажено упокојување. Ние што го познававме уште во тоа време го почитувавме како светител, и никакви дополнителни докази за тој факт не ни се потребни.

Преподобен отец Гаврил, со света Марија Египетска, молете Го Бог за нас!

---

[1] Беседата е напишана на 16 април 2016 година.

## ХРИСТИЈАНСКА БЕДА

Постои едно суптилно тежнеење (свесно или неосвестено), внатре во нас, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сè до најшироката заедница, да создадеме некакво „Земно царство" во кое ќе ги задоволиме сите наши страсти – за славољубие, среброљубие и сластољубие, не гледајќи дека со тоа се откажуваме од Царството Небесно. Со други зборови, сакаме да имаме личен мир, секогаш да се чувствуваме добро, сите наши потреби да се задоволени, а да не ни се случува никакво страдање или недостаток што сето тоа ќе го поремети. Но, забораваме дека поради нашата душевна оболеност, тоа не е можно, и дека секое зло што ни се случува е само отсуство на благодатта Божја од која самите сме се одрекле.

Не забележуваме ли дека колку повеќе се трудиме да го оствариме, толку повеќе тоа „Земно царство" е сè подалеку и подалеку од нас, и толку повеќе таквото тежнеење духовно нè разнебитува? Зарем не гледаме што се случува околу нас? Целиот свет е во криза на сите нивоа, почнувајќи од личното – од самите себе. Барајќи го „Земното царство", ние остануваме без благодатта на Небесното.

На кој начин се одрекуваме од Царството

Небесно и истовремено од Богочовекот Христос, а се определуваме за „Земното царство“? Секогаш кога нашата безбедност, односно задоволувањето на животните потреби ги темелиме на нешто што е надвор од Бог, а не на Него. На пример, кога нашата сигурност ја темелиме на државата, нацијата, партијата, на семејството или на некои други видови самочовечко, овосветско групирање, како и кога се чувствуваме безбедни и задоволни само поради човечката власт, имотот и парите што ги поседуваме. Секое такво втемелување на нашата обезбеденост, како што и порано сум рекол, е одрекување од Крстот Христов, а истовремено и последователно, и од Царството Небесно.

Уште еднаш повторувам: многу страни немаме, или ќе бидеме со Христос или со другата страна (со овој свет), во која, патем речено, разликуваме две еднакво опасни групи – онаа, фарисејската, што Го предаде на чело со Јуда, и онаа што Го осуди и распна[1]. Нашата (христијанска) забуна е што барајќи ја сигурноста во овој свет, најчесто се определуваме за онаа група од втората опција, маскираната во побожен лик, која, всушност, Го предаде; затоа што сме потполно исти како нив. Атеистите најчесто за другата – која Го осуди и распна. На која од овие две световни страни и да сме, со Христос не сме – да не се лажеме себеси! Кој има уши да чуе – нека чуе[2].

Време е да си признаеме дека од оваа страст

[1] Види: Јован 18, 2–13; 19, 1–16.
[2] Види: Матеј 13, 9.

страдаме сите – кој помалку, кој повеќе, а поради непросветленоста на нашиот ум. Ги изневеривме сопственото предназначение и заветите од Светото Крштение, си ги продадовме душите на како и да се нарече оваа световна врева околу нас и на ѓаволот. Личните профили и профилите на разните фејсбук групи и страници се полни со тежнеења кон „Земното царство“ (тоа лесно се забележува) и заземање погрешна страна – световната. Затоа и вриштат од непокајание и меѓусебна поделба. Ако и ние, христијаните, не сме веќе никаков пример за покајание, љубов и единство, тогаш кој? И, ако навистина го бараме Царството Небесно, тогаш зошто веќе го немаме откриено во нашето срце, преку умно-срдечната молитва, и по толку години „христијански“ живот?

Јасно ли е сега зошто истите луѓе што Го внесуваат и дочекуваат во слава Богочовекот Исус Христос во Ерусалим[3], по само неколку денови на најразлични начини се одрекуваат од Него?[4] Од истата причина како и ние денес – поради тежнеењето кон „Земното царство“, со таа разлика што за нив има некакво оправдување – тие чекале овоземен цар и затоа ќе добијат втора шанса, а за нас, православните христијани, нема никакво оправдување – ние треба да го очекуваме и посакуваме доаѓањето на Царството Небесно со воскреснатиот Богочовек Исус Христос, во слава. За нас, псевдохристијаните, втора шанса нема.

Пресвета Богородице, спаси нас!

---

[3] Види: Матеј 21, 1–11.
[4] Види: Лука 23, 1–25.

## ДАЛИ ХРИСТОС И ЗА МЕНЕ ПЛАЧЕ?

Евангелието за Лазаревото воскресение[1], иако тоа е повеќе будење или оживување според првите Христови зборови упатени кон Апостолите отколку вистинско воскресение, е објаснувано од Светите Отци на Црквата од различни перспективи. Мене ме заинтересира само од перспектива на меѓусебните односи меѓу Богочовекот Христос и Марта, Марија и Лазар. И, какво значење тој нивен меѓусебен личен однос има за сите нас и посебно за мене. Инаку, евангелието за четиридневниот Лазар, за нас, христијаните, е лајтмотив на целата Страсна седмица.

Во текот на самото евангелско четиво, неколкупати, на најразличен начин, се спомнува дека Христос Исус ја сакаше Марта, и сестрата нејзина, и Лазар, па дури и дека заплака заради нив. Прашањето што секој човек би требало да си го постави е: само нив така ги сака или и мене ме сака и плаче за мене? Зошто во Светото Евангелие не е напишано дека и некои други, исто така, поименично ги сакал и дека и за нив заплакал? Дури можеме да си поставиме и прашање: зошто мене

[1] Види: Јован 11, 1–45.

така не ме сака и не плаче за мене?

Одговорот на сите овие можни недоумици е дека, всушност, се случува нов квалитет на љубовни личносни односи меѓу нив, не толку поради Христовата љубов кон нив – Неговата љубов никогаш не е под сомнеж, туку поради љубовта на Марта, Марија и Лазар кон Богочовекот Христос. Ова е вистинското значење и толкување на евангелските зборови: *Исус ја сакаше Марта, и сестрата нејзина, и Лазар,* како и: *Исус просолзи* (Јован 11, 5; 35).

Со други зборови, нема ни најмал сомнеж во еднаквоста на Неговата Божествена љубов кон сите нас. Прашањето е: каков е нашиот одговор на Неговата љубов – дали Му ја возвраќаме и колку, и дали воопшто Му ја возвраќаме? Токму тој наш одговор го прави и одредува квалитетот на нашата меѓусебна љубов и односи со Него, како и разликата меѓу нашиот личен однос со Христос и личните односи на другите луѓе со Него. Така, на крај, поради тој однос некои од нас ги препознаваме и откриваме како преподобни, други како спасени, трети како грешни итн.

И знаете што мене најмногу ме боли во мојот однос со Христос? Ме боли што постојано барам доказ за Неговата љубов кон мене, а ретко јас самиот се прашувам дали воопшто ја докажав мојата љубов кон Него, или дали некако ја докажувам мојата љубов кон Него, како и дали можам да сторам уште многу повеќе од она што го направив досега за Него. Знам, исто така, дека вреднувањето на мојот труд може да биде само во Негова власт и знам дека мојот дел е само да се

трудам и да имам добра намера.

А Он продолжува трпеливо и постојано, на најразлични начини во животот на секој еден од нас – од најдобриот до најгрешниот, да ни се докажува – исто како и на Марта: *Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека* (Јован 11, 25–26). И исто како на сите присутни Јудејци: *Оче, Ти благодарам, оти Ме послуша. А Јас знам дека Ти секогаш Ме слушаш; но ова го реков заради народов што стои наоколу, за да поверуваат дека Ти си Ме пратил* (Јован 11, 41–42).

Ова Негово постојано смирено докажување пред нас создадените и смртните, лично јас, со разумот го сфаќам како голем срам за мене, но истовремено гледам дека сè уште не сум се покајал на дело.

Пресвета Богородице, знам дека Он ме љуби и плаче и за мене – како и за сите нас, и тоа илјадапати ми е покажано и докажано во мојот живот. Те молам, сега дај ми солзи да заплачам и јас над моите гревови и мојот промашен однос со Него, и дај ми сила да ја докажам мојата љубов кон Него на начинот на којшто Он сака тоа да го сторам, без оглед каков ќе биде тој начин. Ти благодарам.

## ТАЈНАТА ВЕЧЕРА – ЦАРСТВО НЕБЕСНО ПРЕД ЦАРСТВОТО НЕБЕСНО

Во почетокот е Тајната вечера. Бог ја прима нашата словесна и бескрвна жртва во наднебесниот Свој жртвеник. Ние Му се принесуваме, а Бог нè прима откако претходно прв ни се принесе. Воскресение пред Воскресение. Педесетница пред Педесетница. *Веќе и уште не.* Сè преку неа постана и без неа ништо не стана, од тоа што постана, во Црквата. Во неа има живот и животот е светлина за луѓето. И светлината во темнината свети и мракот не ја опфаќа. Ниту ќе ја опфати. Евхаристија – бескраен беспочеток. Царство Небесно, благословено.

Што да напише човек за Тајната вечера, а истовремено да не пишува и за содржината на својот живот, барем таков каков што би требало да биде? Или, каков живот човек живее ако истиот не е Благодарење? Нема разлика меѓу Евхаристијата и нашиот живот, или ако има – немаме живот. Односно, колку поголема е разликата помеѓу содржината на Литургијата и содржината на нашиот живот, толку повеќе тој е бессодржаен.

Тајната вечера. Непрекинлив источник на

сила, живот и сведоштво. Црпиш сила од неа и со своето присуство ја живееш и ја сведочиш; и надвор од неа. Мислиш и истовремено богомислиш. Словиш и славословиш. Делаш Домострој. Мислата, словото и делото немаат суштинска разлика, во неа. Сѐ, во неа, повторно принесуваш. Љубиш и не бараш, а најмногу добиваш – Него. Слобода и Љубов. Секогаш сам и никогаш осамен. Личност и Заедница.

Благодарење. Тајна што постојано ја преоткриваме. Непроценлив дар, незаслужен. Дело Христово во коешто постојано се учествува, иако само еднаш се случи. Соборно сведоштво во личен подвиг подготвено. Принос пред олтарот во храмот и состојба на умот пред олтарот од своето срце. Извор на слово во сила, кое повторно и повторно го обновува светот.

Велиш: „ангел на мирот", и секој човек е посетен. „Чувар на нашите души и тела", и секој демон отстапува – додека не биде повикан. „Простување и разрешување", и секој грев е простен – додека повторно не биде направен. „Сѐ што е добро и полезно за нашите души и тела", и сѐ на добро се менува – додека ние не го промениме, по наше. Божјо слово, извршно. Божествено Пресоздавање.

Ако некој праша како тоа, ќе му одговориме: од Богородица и Приснодева Марија родениот, Богочовекот Исус Христос, Чие слово не останува без сила, Тој е Оној Кој принесува и се принесува, Кој прима и се раздава. Само Нему слава Му вознесуваме со Беспочетниот Негов Отец и со Пресветиот и благ и животворен Негов Дух, сега и секогаш и во вековите на вековите. Амин.

Во чест на Преблагословената и славна Владичица наша Богородица и Приснодева Марија, преку Неа прими ја оваа Наша жртва, Боже, во наднебесниот Твој жртвеник.

## СМРТ, ДОБРЕДОЈДЕ!

Не можам, а да не те дочекам со искрено добредојде. Кога и да е тоа. Кога и да ти дозволат. Зашто откако Богочовекот Христос дојде, сè од Него е добредојде. И ти самата, смрт. И сега не си само смрт, туку, во Него, истовремено си и Воскресение. Пред Него, само страшна чуварка од поголем пад.

Пред Него – труд, мака, пуста надеж, бескрајно исчекување. Дури и животот и радоста не ни беа светли, под сенката на неизвесноста. Како маката да немаше крај, а само доброто и убавото. Очај на бесмислата и бесцелноста. Но, во Неговиот Домострој, сè се осмисли и самата ти. Затоа, добредојде.

Сега, Он е со нас, засекогаш. Не како кога бевме отуѓени, туку како Негови. Како што вели апостолот: *И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене* (Гал. 2, 20). Токму преку Крстот и преку Неговата смрт, докрај посвоени. Вистински деца Божји. Со Духот, Кој во срцето повикува: *Ава, Оче!* (Рим. 8, 15). И повторно, добредојде.

Ти, смрт, не ни требаш само на крајот, како премин, како покој, како мир во Него. Не, ти сега и овде си ни најпотребна, како постојано сеќавање на тебе. Слаби сме, паѓаме. Ти најмногу ни помагаш

да се отрезниме и да се освестиме. Од гревот. Од опиеноста со овој свет. Големо добредојде.

Но, да бидам искрен, можеш и веднаш да дојдеш. Колку за толку, доволно Го љубиме Господ. Постојано нè ранува одвоеноста од нашиот Христос, а длабоката поврзаност со овој свет. А, да ти кажам право, душата тоа тешко го поднесува! Знаеш и самата колкупати сме посакале да си веќе била дојдена. Главно, добредојде.

Го спомнав светот. Не мислев толку на надворешниот колку на нашиот, внатрешен. Светот е преубав. Говорам за поврзаноста на нашите страсти со световното. За похотта на телото, желбата на очите и гордоста на животот, коишто кон пад нè влечат[1]. Од кои докрај нема да се ослободиме. Колку добредојде.

Види сега, смрт, вака – сепак, да бидеме на јасно. Немој сè уште да глумиш страшна, барем не нам. Па ние во тебе, односно во Христовата смрт и Воскресение се крстивме. Па ти си почеток на нашиот живот, на нашиот вечен живот. Ние ништо без тебе не правиме. Ама ти не знаеш колку добредојде.

Не знаеш ли дека ти си суштински дел на нашата молитва? Па ние без тебе не би можеле ни да се молиме. Како умот би го исцелиле? Како со Господ би се соединиле? Нема молитва без смрт за овој свет. Благодатта на молитвата само со тебе во друштво доаѓа. Неразделна е од тебе. Да, смрт, добредојде.

---

[1] Види: 1. Јов. 2, 16.

Не само што си неразделив дел, ти си и желба на нашата молитва. Колкупати ли само го понудивме нашиот живот, повикувајќи те тебе, во замена за животот на нашиот ближен. Ти не ни знаеш колку нè правиш слични на нашиот возљубен Господ, Богочовекот Исус Христос. О, смрт, добредојде.

И, види, ние многу добро научивме, благодарејќи, дека христијански може само да умреме, но не и да живееме. Толку е совршен нашиот Господ Богочовекот Христос. Затоа, дозволи ни на крајот, заедно со апостолот Павле, на твоја сметка и да се пошегуваме: *Смрш, каде ши е осилкаша? Пеколу, каде ши е йобедаша?*[2]

Христос Воскресе!

[2] 1. Кор. 15, 55.

## ЗАРЕМ НЕ ГОРЕА
## СРЦАТА НАШИ?

*А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и тие Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: 'Зарем не гореа срцата наши кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?'* (Лука 24, 30–32).

Знаете дека срцето е центар на сите наши душевни и телесни сили. Што е најважно, суштината на нашиот ум се наоѓа во нашето срце. Свети Макариј вели: „Срцето е господар и цар на целиот телесен организам, и кога благодатта ќе го заземе подрачјето на срцето, таа владее со сите негови делови и со сите негови мисли. Зашто во срцето живее умот и сите мисли на душата, и нејзиното исчекување на идните добра“[1].

Светите Отци Го послушаа Богочовекот Исус Христос, Кој вели дека од срцето излегуваат зли помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули, и дека сето тоа го осквер-

---

[1] «Φιλοκαλία τῶν νηπτικῶν καὶ τῶν ασκητικῶν», τόμος 7, Μακαρίου τοῦ Αἰγυπτίου, 50 Πνευματικές Ὁμιλίες, Πατερικαί ἐκδόσεις «Γρηγόριος ὁ Παλαμᾶς», Θεσσαλονίκη, 1985, *Ὁμιλία 15, 20*, стр. 254.

нува човекот[2], како и тоа дека најнапред треба да ги очистиме чашата и чинијата однатре за да бидат чисти и однадвор[3], и започнаа да се подвизуваат, пред сѐ, во *чувањето на срцето.* Затоа и до ден-денес од личен опит можат да ни сведочат дека преку чувањето на срцето лесно се стекнува и секоја друга добродетел, а дека без тоа никој не може да се утврди во ниту една.

Но, што е нашиот личен темел за овој подвиг? Што друго ако не благодатта на Светото Крштение. Свети Дијадох Фотикиски вели: „Благодатта го крие своето присуство во оној што е крстен, чекајќи душата да ја посака. Кога, пак, целиот човек наполно ќе се сврти кон Бог, тогаш во неискажливо доживување благодатта открива дека е присутна во срцето. (...) Ако човекот почне да напредува држејќи се до заповедите и неуморно повикувајќи го името на Господ Исус Христос, тогаш се разгорува огнот на Божествената благодат до крајните граници на срцето, спалувајќи го јасно и видливо целиот кукол на земјата на човековото битие. (...) Од нас се бара во внатрешноста на умот (кој во себе се притеснува) непрестајно да изговараме ('Господи Исусе Христе...'). Притоа, тој не треба да скита во никакво мечтаење“[4].

Но, ова разгорување на огнот, кое го спомнува свети Дијадох (како и другите Отци), има свој почеток, средина и крај во зависност од тоа на кое

---

[2] Види: Матеј 15, 19–20.

[3] Види: Матеј 23, 26.

[4] «Φιλοκαλία τῶν νηπτικῶν καὶ τῶν ασκητικῶν», τόμος 9, Διαδόχου Φωτικῆς, Πατερικαί ἐκδόσεις «Γρηγόριος ὁ Παλαμᾶς», Θεσσαλονίκη, 1986, *Κεφάλαια Γνωστικά, 85,* стр. 247–249.

ниво од својот духовен развој се наоѓа човекот.

Да го проследиме најнапред кажувањето на свети Теофан за разгорувањето на првото ниво, додека при молитвата уште се случува чистењето на енергијата на умот: „На почетокот вниманието се задржува во срцето и, со напрегање на волјата и со својата сила, ја раѓа топлината во срцето. Таа топлина потоа го одржува вниманието без особено напрегање. Потоа, тие меѓусебно се поттикнуваат и мора да пребиваат во нераздвојност, бидејќи расејувањето на вниманието доведува до намалување на топлината, а намалувањето на топлината – до слабеење на вниманието. Оттука произлегува законот на духовниот живот: 'држи го срцето во чувство кон Бог, и секогаш ќе пребиваш во сеќавање на Бог'. Оваа мисла на едно место ја изрекол свети Јован Лествичник“[5].

Внимавајте на две работи. Прво, на ова ниво уште не станува збор за духовна, туку за обична телесна топлина, која помага да ја стекнеме духовната. И второ, за кое било ниво да станува збор, никогаш за време на молитвата вниманието не треба да се насочи кон топлината, ниту пак, кон што било друго освен кон Оној Кому Му се принесуваме. Ако некому му се случи ова второво, таквиот нека знае дека тоа е сигурен начин да не ја добие или привремено да ја изгуби веќе добиената молитва на срцето.

[5] «Творенія иже во святыхъ отца нашего Ѳеофана Затворника», Собраніе писемъ, Томъ 1, Издательство «Правило веры», Москва, 2000, *Письмо № 244*, стр. 64–65.

Што велат Светите Отци за *горењето на огнот*, односно за духовната топлина кај оние што се наоѓаат на второто ниво, кои веќе го добиле дарот на умно-срдечната молитва?

Прво, да видиме што вели свети Дијадох: „Оние што ова свето и преславно име непрестајно и мислено го држат во длабочините на своето срце, ќе бидат во состојба да ја видат светлината на својот ум (т.е. јасноста на мислите или одреденото сознание за сите внатрешни движења). Освен тоа, доколку ова прекрасно име со поголемо внимание се држи во мислите, забележливо ја спалува секоја нечистотија што се појавува во душата. Затоа што, според зборовите на апостолот, нашиот Бог е оган што го спалува секое зло[6]. Затоа Господ ја доведува душата до голема љубов кон Неговата слава. Задржувајќи се во топлото срце преку сеќавањето на умот, преславното и многу посакувано име во нас создава навика Неговата благост да ја љубиме бескрајно. Имено, тогаш повеќе нема ништо што би претставувало пречка. Тоа е оној скапоцен бисер што се стекнува со продавање на сиот имот[7]. И [човекот] стекнува неискажлива радост што го нашол“[8].

А потоа и свети Теофан: „Кога срцето ќе ви се загрее од божествената топлина, ќе започне вашето внатрешно преобразување. Тој оган ќе изгори и ќе растопи сѐ во вас. Кажано со други збо-

---

[6] Види: Евр. 12, 29.
[7] Види: Матеј 13, 46.
[8] «Φιλοκαλία τῶν νηπτικῶν καὶ τῶν ασκητικῶν», τόμος 9, Διαδόχου Φωτικῆς, Πατερικαί ἐκδόσεις «Γρηγόριος ὁ Παλαμᾶς», Θεσσαλονίκη, 1986, *Κεφάλαια Γνωστικά, 59,* стр. 191–192.

рови, ќе започне сè да одухотворува, сè дури сосема не ве продухови. Сè додека не се појави тој оган, нема да има одухотворување, колку и да се напрегаме кон духовното. Значи, целата работа сега е во тоа како да го добиеме тој оган. И, ве молам, да го насочите целиот свој труд кон тоа“[9].

За третото ниво – *обожението*, односно за преминувањето на топлината во светлина, која пак, го преобразува и просветлува целото тело, нема потреба да зборуваме сега. Само сакам да ви посочам едно сведоштво на свети Григориј Палама: „Дури и телото учествува во благодатта што дејствува на умот, па и тоа се врти кон него [умот], примајќи и самото од ’непоимливите тајни на душата‘. Тогаш телото станува ’на необичен начин прозрачно и топло‘, односно ја чувствува чудната топлина што следува по созерцанието на Светлината. Слично се случува и со свеќата: кога ќе се запали, нејзиното тело, односно восокот, истовремено е топло и просветлено“[10].

Гледате, срцата на Апостолите гореа однатре уште додека Христос им говореше по патот (*вие сте веќе чисти преку словото што сум ви го проповедал* – Јован 15, 3), но очите им се отворија дури при прекршувањето на лебот. Господ јасно ни ја предочува Светата Тајна Евхаристија, односно Црквата како единствено место, а и време, на дарот на боговидението и на богопознанието.

---

[9] Свети Теофан Затворник, *Какво е духовен живот и как да се настроим към него*, ЕТ “Кирил Маринов”, 1997, стр. 131.

[10] Архимандрит Јеротеј Влахос, *Вече у пустињи Свете Горе*, Манастир Хиландар, 1995, стр. 89–91.

## ТОГАШ ИМ СЕ ОТВОРИЈА ОЧИТЕ

Ем умиление ем теолошки восхит секојпат ни носи мислата дека срцата на Апостолите гореа однатре уште додека Воскреснатиот Христос им говореше по патот, но дека очите им се отворија дури при прекршувањето на лебот[1]. Господ јасно ни ја предочува Светата Тајна Евхаристија (или Литургија), односно Црквата како единствено место, а и време, но и заедница на дарот на боговидението и на богопознанието. Затоа, чувствувам потреба, овојпат, малку повеќе да се задржиме на односот меѓу нашето срце и Светата Евхаристија, за да ни стане појасно од каде и како се разгорува огнот во него.

Личноста и заедницата, односно личносниот однос со Бог и личносните односи со нашите ближни во Него, се заедничка содржина и онтолошка врска помеѓу срцето и Светата Евхаристија. Поконкретно кажано, во сеопфатната Тајна на Црквата нашето срце станува лично духовно средиште на нашето битие и во аскетско-исихастичка и во литургиско-соборна смисла.

---

[1] Види: Лука 24, 13–32.

Знаеме од учењето на Светите Отци дека Господ Исус Христос од моментот на Светото Крштение преку благодатта на Светиот Дух го зазема средиштето на нашето срце. Но, што конкретно значи тоа дека срцето е лично духовно средиште во аскетско-исихастичка смисла? Сигурно ви е познато едно од, барем за мене, најсилните места во Светото Евангелие: *Лисиците имаат легла и птиците небески – гнезда, а Синот Човечки нема каде глава да потслони* (Матеј 8, 20; Лука 9, 58). Со овие зборови, за нас до срж прекорувачки и актуелни, Богочовекот Христос ни потврдува дека човековото срце, како духовно средиште, е единственото место на лична средба меѓу Бог и човекот; дека само во очистеното, просветлено и обожено срце Господ наоѓа Свој спокој и почивалиште; дека многу малку подвижници во една генерација го достигнуваат дарот на обожение, на непрестајна умно-срдечна молитва и на гледање на божествената несоздадена светлина.

Што, пак, значи тоа дека срцето е лично духовно средиште и во литургиско-соборна смисла? Заедницата и единството што ги засноваме ние, православните христијани, низ Светата Евхаристија, причестувајќи се со Христос Бог, и во Него и меѓу себе, е единство, длабоко битијно и благодатно, кое го ослободува човекот од ограничувањата на времето и просторот. Така, секој член на Црквата живее, љуби и се спасува со помош на сите членови на Црквата, земни и небесни. Секој од нас живее благодатно и молитвено во сите и заради сите, и

сите живеат во секого и заради секого. Тоа е соборниот живот на Црквата, овозможен од благодатта на Светиот Дух Господ. Притоа, животот на секого е негов сопствен живот и личноста на секого е негова сопствена личност, според икона и подобие на единството и личната заедница на нашиот Бог – Света Троица.

Ние живееме во Христос, во Неговото срце, и Христос живее во нас, во нашето срце. Затоа тајната на претходно опишаното наше меѓусебно проземање и проникнување се случува во нашето срце. И затоа Богочовекот Христос е средиште на нашето средиште, односно средиште на нашето срце и на нашиот живот и постоење. Тој е средиште на нашето лично битие и на нашата словесност, како Слово на нашиот Творец, преку Кого сѐ станало; на нашето лично благобитие како Син Божји, Кој го исполни целиот Домострој на спасението на нашиот Отец Небесен, и на нашето лично вечно благобитие во бесконечното Царство, и Заедница на Отецот и Синот и Светиот Дух. Но, оваа тајна ќе им се открие на оние што ќе ги очистат своите срца: *Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бог* (Матеј 5, 8).

Сите останати места во литургискиот текст, во кои непосредно или посредно се спомнува срцето, само го потврдуваат аскетско-исихастичкото и литургиско-соборното значење на срцето на човекот. И сите тие места само од овие два аспекта правилно се сфаќаат и толкуваат, како на пример:

„Запали ја во нашите срца, човекољубив

Владико, бесмртната светлина на Твоето богопознание“[2].

„И дај ни со една уста и едно срце да го славиме и воспеваме пречесното и величествено име Твое, на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.“[3]

Дали забележувате што ни недостасува, и во редоследот на претходно спомнатите молитви, и во нивната комплетност, и во нивното толкување, за да ни станат уште појасни и аскетско-исихастичкиот и литургиско-соборниот аспект на нашето срце како лично духовно средиште на нашето битие? Ни недостасува да го објасниме односот меѓу Светата Тајна Свештенство и умно-срдечната литургиска молитва.

Многупати сум ви зборувал дека принесувањето на даровите на олтарот (на Светата Трпеза) од храмот, односно излегувањето на свештеникот во тело пред олтарот, внатрешно духовно соодветствува на излегувањето на умот пред олтарот на срцето – значи, на умно-срдечната молитва и словесната жртва на човековата личност што во срцето на Бог Му се принесува и посветува. Доколку свештенослужителот со својот ум не излегува пред престолот Божји во своето срце, што ако со телото стои пред престолот Божји во храмот?[4] Затоа, по Големиот Вход, кога ги предлагаме чесните дарови

---

[2] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва пред читање на Светото Евангелие.

[3] Истото, возглас од Литургијата на верните.

[4] Види: Митрополит Струмички Наум, *Школа за исихазам: основна*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2011, стр. 100.

на Светата Трпеза, втората молитва што ја изговараме по првата е следната: „Според милосрдието Твое, Господи, чини му добро на Сион и нека се возвишат ѕидините ерусалимски. Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, приносите и сепалениците; тогаш на Твојот олтар ќе се полагаат телци“[5].

Го молиме Бог да го возобнови ерусалимскиот храм на Сион, односно да ја возобнови чистотата на нашето срце, и да ги возобнови и подигне ѕидините ерусалимски, односно да го просветли нашиот ум, кој како таков нема да дозволи ниту една валкана помисла да влезе во нашето срце – за тогаш да Му бидат угодни нашите молитви принесени од умот во срцето, но и нашата служба при принесувањето на евхаристиските дарови. Во ова се состои и персонално-сотириолошкото значење на севкупниот Домострој на Богочовекот Христос за нашето спасение, доживеан во Светата Тајна Свештенство.

Претпоставувате и самите дека сите соодветни молитви за време на Светата Литургија, оние што се носители на Божјиот дар на умно-срдечната молитва ги изговараат во своето срце. Затоа, кога ќе се сетам на молитвата: „Достојно и праведно е Тебе да Ти пееме, Тебе да Те благословуваме, Тебе да Те фалиме, Тебе да Ти благодариме, Тебе да Ти се поклонуваме на секое место од Твоето владеење“[6], се запрашувам себеси: кој ап-

---

[5] *Божесшвена Лишурѓија на свеши Јован Злашоусш*, дел од 50-от псалм што се чита за време на *Јако да Царја*.

[6] Истото, молитва од Евхаристискиот канон.

сурд е тоа за нас, монасите, да го посветиме нашиот живот на Бог и да Му се поклонуваме на Христос секаде и во секое време, а токму таму каде што е најважно тоа да го сториме – во нашите срца – сѐ уште да немаме пристап!?

Овде повторно се враќаме на нашата болна тема за нашето срце извалкано, затворено и заробено од страстите, како место каде што Синот Човечки нема каде *глава да потслони*. И, бидејќи нашиот ум не може да влезе во затвореното срце и да допре до Синот Човечки, Тој престојува таму осамен, гладен, жеден, странец, необлечен, во затвор... заради нашата љубов, заради нас и заради наше спасение. Затоа, за да допреме до Христос и да Му послужиме, уште еднаш ќе се потсетиме дека најнапред треба доволно да го очистиме своето срце од страстите, да го осознаеме местото на срцето, да го откриеме влезот на Царството Небесно внатре во себе и со својот ум смирено да застанеме пред Царот на славата.

По сѐ што чувме, барем три работи теоретски ни стануваат појасни:

Прво, ни станува појасно дека патот до Бог, како и до срцето на нашиот ближен, минува само преку нашето очистено срце.

Второ, ни станува појасно како нашите Отци и Учители успеваа да го одржат и разгорат духовниот оган во своето срце – и додека се молеа насамо во својата ќелија, непрестајно соединети со својот Господ; и додека молитвено сострадуваа за сите луѓе; и додека се молеа и служеа Литургија за живот на светот; и додека им враќаа со зло оние

за чие добро и за чие спасение се молеа и на кои им го продолжуваа времето предвидено за нивно покајание. Тие знаеја дека ако само еднаш вратат со зло на зло и дека ако само еден човек остане надвор од нивната молитва, огнот во нив ќе се задуши и згаси.

Трето, ни стануваат појасни и зборовите на нашиот Господ и Спасител, Богочовекот Христос: *Јас дојдов да фрлам оган на земјата и колку би сакал да се беше веќе разгорел* (Лука 12, 49).

## И ОТКАКО БЛАГОДАРИ...

Покрај многуте поуки што сум ви ги кажувал за Исусовата молитва, овојпат сакам да ги нагласам следниве две:

Прво, оној што сака да го добие дарот на умно-срдечната молитва убаво е да го покаже тоа на тој начин што секој ден ќе се обидува молитвено да влезе во срцето. Одвојте најпрвин пет минутки за тој подвиг, а потоа само по себе времетраењето на молитвата ќе се зголемува. Самиот подвиг ќе ви го покаже патот. (Само да ве потсетам дека за време на Страсната и Светлата седмица, како Божји дар кон нас, срцата ни се посебно отворени за овој подвиг. Исто така, и на другите големи Господови и Богородични празници.)

И второ, генерално, соодветно е молитвата да биде собрана, нерасеана, и тоа да се потрудиме колку што можеме подолго да го држиме умот во таква состојба. Трудете се во нерасеаната молитва и ќе видите како срцето само ќе почне да ви дава сигнали за местото во него, каде што точно треба да биде собран умот.

Ја слушнавте денес молитвата од Канонот на Евхаристијата, кога Богочовекот Христос се предаде Себе за живот на светот, како „го зеде лебот во

Своите свети, пречисти и непорочни раце и, откако благодари [на Бог Отецот], го благослови, го освети, го прекрши, им го даде на Своите свети ученици и апостоли...“[1] Така некако слично е забележано и од светите Евангелисти. Имаше ли потреба Он, како Син Божји, јавно да Му благодари на Отецот или што било за Себе да прави? Зошто јавно да Му благодари на Оној со Кого е во личен и суштински благодарен однос, кој за нас останува тајна? Зошто јавно да благодари, кога знаеме дека Тој е Оној „Кој принесува и се принесува, Кој прима и се раздава?“[2] Нормално, нема потреба од тоа. Сето тоа повторно го направи за нас и нашето спасение. Ова сакав да го нагласам и кон тоа да го привлечам вашето внимание. Значи, можеше, како Бог, само да ги благослови лебот и виното, и тоа ќе беше доволно за основање на Светата Тајна.

Какво значење има кажаново за нашиот монашки подвиг? Можеме од сето ова да извлечеме заклучок дека и при ова светотаинско случување, со чинот на благодарење, Богочовекот Христос нешто ни порачува и на нешто со дело нѐ поучува, како и тоа дека за нешто ни дава сила. Ни порачува и нѐ поучува, и сила ни дава најнапред да Му благодариме на Бог Отецот за сѐ, на тој начин што самите себе, еден со друг и целиот свој живот на Христос Бог ќе Му го предадеме, во Светиот Дух. Кога на овој начин, лично и соборно Му благода-

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва од Евхаристискиот канон.
[2] Истото, молитва што ја чита свештеникот за време на Херувимската песна.

риме, односно Му се принесуваме на Бог, тогаш целиот наш живот станува една Света Тајна. Христос ни покажува дека благодарењето е нашиот начин на живот.

Како што еднаш веќе ви спомнав, свето е да Му благодариме на Бог, секогаш, за сите и за сè. Да Му благодариме за сето она што ни се случува, а ни се чини дека е добро, како и за оној што ни го прави тоа; и за сето она што ни се случува, а ни се чини дека е лошо, како и за оној што ни го прави тоа. Секого и сè да примаме како дар Божји, од една страна, но и, од друга страна, да се трудиме што посовршено да ги исполнуваме Божјите заповеди, за надградба на Телото Христово – Црквата. Накратко, да се однесуваме како деца Божји, а не како робови или наемници, кои работат или трпат за својот гол живот или за плата. Ако не ги вкусиме големата утеха и радост, особено при неволјите, значи дека не Му благодариме на Бог од сè срце и дека не си го познаваме срцето. Благодарноста привлекува сè поголеми и посовршени дарови Божји.

Но, како целиот наш живот станува една Света Тајна? Секогаш кога на Бог Му благодариме, ние истовремено и благословуваме и сме благословени, и осветуваме и се осветуваме, и самите себе се прекршуваме и се раздаваме, односно Христос Богочовекот Го сведочиме – „Ова правете го во Мој спомен, оти кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господ, додека Он не дојде“[3]. Но, истовремено

[3] Види: 1. Кор. 11, 25–26.

не треба да се плашиме дека ќе се потрошиме затоа што „се раздробува и разделува Агнецот Божји, Кој се раздробува и не се разделува, секогаш јаден и никогаш дојаден“[4].

Тогаш кога ќе успееме да го прилагодиме начинот на нашиот живот согласно степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, тогаш, всушност, ќе почнеме и да Му благодариме на Бог, односно конкретно да Му се принесуваме, иако можеби се наоѓаме само на првиот степен. Секако, спасоносното благодарење, во смисла на соборно значење, започнува со молитвата во срцето, односно кога умот ќе излезе пред олтарот на своето срце и на него ќе ја принесе својата словесна жртва, за живот на светот. Нема благодарност кон Бог од сѐ срце без умно-срдечна молитва.

Точно е дека Христос чука на вратата од нашето христијанско срце, но однатре. И сѐ да Му принесеме на Бог, ако срцето наше не Му го принесеме, ништо не сме направиле. Светиот апостол Павле во ваква прилика употребил, егзистенцијално, уште пострашен израз: *ништо не сум* (1. Кор. 13, 2). Видовте во денешното евангелско четиво како фарисејот давал во храмот десеток, и тоа само од она што материјално го поседувал; и кое, дури, испаднало и на негова духовна штета. Тоа е пример за гордост што произлегува од надворешното исполнување на правилата, без водење сметка за внатрешниот и невидлив духовен живот. И видовте на

[4] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва од Евхаристискиот канон при раздробувањето на Агнецот.

кој начин митарот срдечно Му се принесува на Бог: *Боже, биди милостив кон мене грешниот!* (Лука 18, 13). Само во тој дух на покајание можеме да влеземе и оправдани да излеземе, пред Лицето Господово, од храмот на нашето срце.

Пресвета Богородице, помогни и спаси нас!

## ПОТЕШКО НИ БЕШЕ ДА БЕГАМЕ ОТКОЛКУ ДА СЕ БОРИМЕ

За неколку денови ќе го чествуваме денот на жените мироносици. Кога би ве прашал, сега, што би издвоиле вие како најкарактеристично од севкупниот нивен подвиг во служењето на Богочовекот Христос, што би ми одговориле? Нели е тоа непоколебливото и постојано следење на Христос, без оглед на тоа што се случува со Него и без оглед на тоа какви последици од тоа можат да произлезат за нив самите? Нели е тоа односот кон Бог карактеристичен за чедата Божји, наспроти тој на робовите и наемниците?

Некаде, некој има убаво кажано дека колку повеќе се доближуваме до Голгота, следејќи Го верно Христос, толку помалку луѓе (духовни чеда, пријатели) гледаме околу нас. Но, ништо чудно. Знаеме и од Светото Евангелие дека истото се случило и со Христос, Кој затоа нè предупредува и охрабрува: *Ако Мене Ме ѓонеа, и вас ќе ве ѓонаӣ* (Јован 15, 20).

Но, што сакам, за мене нешто навистина посебно и воодушевувачко, да ви нагласам за жените мироносици? Во оној период од дејствувањето и проповедта на Богочовекот Христос, кога Он чудесно исцелува луѓе болни и од најтешки болести,

па дури и мртви воскреснува, кога чудесно заситува илјадници гладни кои околу Него се собираат и кога како овоземен цар славно Го пречекуваат во Ерусалим, служењето и присуството на жените мироносици е речиси незабележително. Но, во периодот кога започнуваат Неговите страдања, нивната верност и нивното присуство веднаш доаѓа до израз. Спротивно од однесувањето на масата, која дури и се врти против Него.

Иако ни се добро познати овие видови однесување и од секојдневниот живот, сепак, да се задржиме на нив уште малку. И народната мудрост ги забележала во поговорката: во маката јунакот се познава. Голем впечаток ми остави и еден неодамна слушнат дијалог помеѓу двајца воини. Кога едниот го прашува другиот зошто воопшто се бореле во битка за која однапред знаеле дека е изгубена, овој му одговара: „Потешко ни беше да бегаме отколку да се бориме“.

Што да ви кажам? Вистинска храна за секој борбен дух. Ние, пак, се бориме во војна за која однапред знаеме дека Христос ја извојувал и во која победил за нас. Не во некоја овоземна смисла; но, тоа е друга тема.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЗОШТО ЖЕНИ?

Жените мироносици ни го покажуваат патот. Не знам јас, нив Самиот Господ ни ги предочува за пример. Потоа повторно ќе се најде некој да праша: зошто жени...? Но, доста за ова. Прашањето е: како да достигнеме до таква внатрешна основа што ја овозможува постојаноста и непоколебливоста во служењето на Богочовекот Христос каква што гледаме кај жените мироносици?

Некои ќе речат дека љубовта е најважна на овој пат, некои ќе речат верата, а некои – волјата. Не би зборувал меѓу нас за љубовта, затоа што за неа, во полна смисла на зборот, се зборува меѓу совршените, на пример, меѓу жените мироносици. Не би зборувал ни за верата, затоа што таа, на почетокот, се подразбира. Би зборувал сега само за волјата – таа ни е потребна од почетокот на духовниот живот, па сѐ до неговото восовршување. Како што приближно вака рекол некој: волјата е таа што го прави свети Антониј поголем пред Бог од другите монаси од тоа време и од нас денес, додека по сѐ друго тој е сличен на сите нас. Волјата насочена кон извршување на Божјите заповеди, без оглед на тешкотиите кои притоа ги сретнуваме, е таа која од робовите и наемниците – според односот кон

Бог, прави чеда Божји. Но, во кој случај и кога треба да се принудиме и цврсто да ја пројавиме оваа волја?

Сите знаеме дека на почетокот од нашиот духовен живот Божјата благодат отворено и јасно нè поткрепува во подвигот, и тогаш сè ни изгледа лесно – и молитва, и пост, и послушание, и љубов. И сите се здобивме со опитот дека таа потоа се сокрива од нас, или скриено нè поткрепува во подвигот, и понатаму сè ни изгледа безнадежно тешко. Слично нешто се случува и на степенот на просветлување. Благодатта знае толку силно да се пројави во срцето и толку силно да го привлече умот кон себе, така што без оглед на тоа што човек прави или што се случува околу него, молитвата однатре да тече. И благодатта знае толку многу да се скрие, што одеднаш многу важни стануваат и некои надворешни услови и помошни методи за остварување на умно-срдечната молитва, како што се: тишина, осамено и темно место, ниско седење, восогласено дишење и друго – на кои човек претходно не обрнувал внимание.

Битно е за нас дека Господ ни ги дава овие периоди на сокривање на благодатта Божја за наше духовно растење и восовршување. Секогаш кога ќе го напуштиме подвигот во периодот кога благодатта се крие, ние постапуваме како наемници и трговци. И, обратно, секогаш кога ќе го продолжиме подвигот во периодот кога благодатта се крие, ние постапуваме како чеда Божји. Овие периоди може да бидат пократки и почести, обично на почетокот од нивното појавување. И, овој период може да биде

и долг, обично при крајот на подвигот на одреден степен од духовниот развој. Ви говорам за она сокривање на благодатта што се случува за наше растење, а не за напуштањето на благодатта што се случува поради нашите гревови. А, пак, за да го постигнеме континуитетот во нашиот подвиг најмногу ни помага нашата волја поттикната од нашиот ум, од нашиот духовен разум. Значи, треба да се принудиме преку нашата цврсто пројавена волја да продолжиме со соодветниот подвиг и во периодот кога благодатта скриено дејствува во нас, без оглед на тоа колку време ќе трае тоа.

Сакам уште нешто да ви кажам како утеха за крај. Кога ќе видите дека продолжува периодот на скриено дејствување на благодатта и кога сè ви станува многу тешко, а вие, сепак, не го прекинувате вообичаениот и соодветен подвиг, па дури и го зголемувате, знајте дека сте на крајот од духовното растење на своето ниво. Континуитетот на подвигот во подолг и исклучиво тежок период на скривање на благодатта е знак дека преминот од еден на друг степен од духовниот раст е многу блиску. Прекинувањето на подвигот во периодот кога благодатта се крие од нас е знак дека сè уште живееме како наемници и дека сè уште нема да го добиеме она што им следува на децата Божји, на вистинските и законити наследници на Преданието на нивниот Небесен Отец. Жените мироносици, заедно со Богородица, први ја слушнаа веста за Христовото воскресение и први Го допреа Воскреснатиот Богочовек.

# „НИТУ, ПАК, САКАМ ДА ЗНАМ КАКО ЖИВЕЕ И ШТО ПРАВИ СВЕТОТ“

Според црковната логика на славење на празниците, на непосредните учесници во главниот настан им се дава предимство во чествувањето во деновите што следуваат. Така, по истата логика, попрво требаше да се слави Неделата на жените мироносици отколку Неделата на свети апостол Тома, бидејќи жените мироносици најверно и најскромно од сите Го следеа Богочовекот Христос. Во клучните денови на Неговото страдање и распнување тие беа со Него – не плашејќи се за својот живот, затоа и Воскресението први го видоа, и откако на Апостолите им објавија дека Христос Воскресна, дочекаа со сомнеж да бидат примени и речиси никој да не им верува. Но, Самиот Христос ги удостои со оваа чест, и тоа никој не може да им го одземе.

Но, оној што го пишувал типикот се водел од друга очигледна идеја од која не мора и јас, овојпат, да бидам воден во мојата беседа. Ќе си кажам што сакам да си кажам, а што истовремено го сметам полезно за ваше духовно надградување. Идниот пат, со Господ напред, ќе ви говорам за светиот апостол Тома, во Неделата на жените мироносици. Како и да е – за Телото Христово го-

ворам. Сепак, правете разлика: едно е некого да поздравиш со зборовите „радувајте се“, како Христос – жените мироносици, а друго е да го поздравиш со зборовите „мир вам“, како Христос – Апостолите. Со „радувајте се“ се поздравуваат утврдените, а со „мир вам“ колебливите. Секому според потребите.

Да заокружиме. Жените мироносици најверно, најпостојано и најсмирено Му служат на Богочовекот Христос. Оваа нивна посветеност доаѓа до израз дури при Христовото страдање, откако речиси сите ученици Го предаваат и напуштаат. И, иако се први сведоци на Христовото Воскресение, смирено примаат сомнеж и неверие за своето сведоштво – додека Самиот Христос не ги потврди за вистински сведоци, појавувајќи се истата вечер меѓу Апостолите.

Знаете ли на што ме потсетува нивниот живот и подвиг? На животот и подвигот на вистинските монаси. Нивниот аскетско-исихастички подвиг е скриен од очите на светот меѓу манастирските ѕидови. Со истрајност и детска љубов го поминуваат периодот на богооставеноста, страдање познато само на нивниот Небесен Отец. И откако ќе го добијат дарот Божји на воскресението во своето срце како умно-срдечна молитва – ретко кој ги препознава или им верува на нивните поуки. Напротив.

Тука јас ќе замолкнам за малку и ќе го оставам великиот Старец Јосиф Спилеот да проговори: „А денес ретко ќе чуете слово за умно-срдечната молитва. Луѓето се заробени од толку многу грижи и материјално размислување, имајќи совршен презир кон трезвеноста, така што многумина не само што

не сакаат да дознаат, да научат, или да истражат, туку дури и да чујат дека некој кажува за сторените подвизи – веднаш го навредуваат и го отфрлаат, сметајќи го за чудак и луд, бидејќи неговиот живот не е сличен со нивниот, така што им служи за потсмев.

Се случува нешто слично како во епохата на идолопоклонството. Ако ги навредиш идолите, те каменуваат и те убиваат. Сега, пак, секоја страст има позиција на идол. Та, ако ја искараш или ја осудиш страста што некого веќе го совладала, веднаш велат: ’каменувајте го, зашто ги навреди нашите богови‘. Јас, бидејќи не примам никого, без исклучок, ниту пак, сакам да знам како живее и што прави светот, постојано сум мета на осудување и на озборување од страна на монасите. И не престанувам дење-ноќе да се молам за отците и да нагласувам дека тие имаат право. Јас сум виновен само ако се соблазнам од нив. Бидејќи, тие гледаат со очите што им ги допушти Бог. Неправичен и за осуда сум кога ќе речам – зошто не размислуваат како што мислам јас“[1].

Ви пишував деновиве за дарот на умно-срдечната молитва, објаснувајќи ги апостолските зборови: „Зарем не гореа срцата наши?“, која е реално достижна и зависи само од волјата и трудот на секој од нас. Ние од немање опит и од незнаење мислиме за неа како за којзнае какво чудо и, немајќи ја самите, не веруваме дека и другите

[1] Старец Јосиф, *Исихастички сведоштва*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 48–49.

можат да ја имаат. Арно ама ја имаат, и тоа повеќе отколку што некој би помислил.

Но, запаметете, суштината на молитвата на срцето е покајанието, а не некаква техника на изговарање. И сите техники да ги знаеме, ако покајание немаме, никогаш нема да ја имаме. И обратно, ако имаме вистинско покајание, а да не знаеме некаква техника за задржување на умот во срцето, ние ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва. А под вистинско покајание или преумување секогаш го подразбирам восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# НЕ БИДЕТЕ НЕВЕРНИ, ТУКУ ВЕРНИ

Колку повисока цел ќе си постави човекот, толку повеќе ќе достигне. Ова се однесува и на нашиот духовен живот и подвиг, односно духовен развој. Господ сите нè повикува кон остварување на највисоката цел: *Бидеше совршени како шшо е совршен вашиош Ошец Небесен* (Матеј 5, 48). Значи, не треба да бидеме задоволни само со тоа дека веруваме во Господ, туку треба да се стремиме и кон познанието на Бог за, од опит на заедница со Него, да Го знаеме.

Кон тоа нè упатува и примерот на светиот апостол Тома, кој рекол: *Дури не ги видам раниите од клинциите на рацеие Неговии и не го сиавам ирсиош свој во раниие од клинцииие, и не ја сиавам ракаиа своја во ребрата Негови, нема да иоверувам* (Јован 20, 25). Овие зборови не треба да се толкуваат како негово неверување, туку како желба за посовршено знаење и познание на Бог, а кое произлегува од посовршена заедница со Него.

Зошто неговото однесување не може да се толкува како неверување? Зашто тој е истиот Тома кој пред Лазаревото оживување им вели на Христовите ученици: *Да ойидеме и ние да умреме со*

*него* (Јован 11, 16), но уште поважно – тој е истиот Тома кој заедно со другите Апостоли, по Воскресението, со аскетска вера, смирено го очекува Христовото повторно јавување пред нив; и го дочекува како дар на благодатна вера и познание на Бог.

Христовите зборови: *Дај го прстот свој овде и види ги рацете Мои; дај ја раката своја и стави ја во ребрата Мои; и не биди неверен, но верен!* (Јован 20, 27), може да се споредат со разликата меѓу аскетската и благодатната вера. Аскетската вера се сведува на тоа да се принудуваме да веруваме дека Бог постои (*Верувам, Господи, помогни му на моето неверие* – Марко 9, 24), а благодатната вера е кога од опит на заедница со Него имаме знаење и познание за Него (*Господ мој и Бог мој!* – Јован 20, 28), како и препознавање и прорекување на идните случувања.

Истите зборови значат и дека оние што не Го познале Христос од опитот на умно-срдечната молитва, Он ги сместува во категоријата луѓе со аскетска вера, оние што се принудуваат со вера и надеж да живеат според правилата на верата, но кај кои е можно и отпаѓање од верата ако не изградат синовски однос кон Бог, односно кај кои е можно и неверство. Неверство е невосогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме. Изразит знак за ова, на пример, во последно време е занимавање со политикантство. Голема прелест...

А зборовите: *Тома, ти поверува, оти Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале!* (Јован 20, 29), значат, едноставно, дека оние што не Го ви-

деле Бог од опит, а кои сепак, ќе претрпат докрај – обидувајќи се да изградат синовски однос кон Бог, ќе се спасат, и затоа се блажени, а дека Тома е свет.

*И многу други чудеса изврши Исус пред учениците Свои што не се запишани во оваа книга. А овие се запишани за да поверувате дека Исус е Христос, Син Божји, и верувајќи да имате живот во Неговото име* (Јован 20, 31). Сум ви кажал и друг-пат дека секој настан од Домостројот Божји на нашето спасение, опишан и во Светото Евангелие, се случил заради наше утврдување во верата и заради наше спасение. Тоа значи дека Евангелието не е напишано за да ја испитуваме верата на апостол Тома – тоа не е во наша власт, туку да ја испитаме и провериме нашата сопствена вера преку неговиот пример, и да се покаеме – што е во наша власт.

Објаснивме дека барањето на свети апостол Тома да ги допре раните на Господ не е неверие, туку легитимно и спасително барање на човековата душа да Го познае Бог од опит, а не од прераскажување на другите. Другите нека си прераскажуваат прикаски колку што сакаат; за нас е од суштинско, битијно значење да Го познаеме Бог од опит, зашто интелектуалното знаење за Бог не ни носи сигурно спасение, а камоли совршенство, туку може да донесе гордост и поделби, додека, пак, знаењето што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце, ни носи смирение и единство.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# СЛАДОСТ И БОЛ;
# БОЛ И СЛАДОСТ

Согласно современата психолошка терминологија, противприродниот начин на живот го делиме на неврози, растројства на личноста (психопатија, социопатија) и психози. Секое од овие душевни заболувања си има своја внатрешна градација – од полесни кон потешки облици. Основа на сите душевни заболувања, согласно православната психотерапија, се непреобразените и неисцелени страсти за човечка слава и власт (славољубие), за пари и имоти (среброљубие) и телесни задоволства (сластољубие).

Неврозата, главно, е болна состојба на душата при која човекот, во помала или поголема мера, не ги контролира своите грешовни мисли и чувства, односно чувства или мисли – во зависност од заробеноста од страстите. Ова е најлесниот степен на невроза.

Потежок степен на невроза е кога човекот, покрај мислите и чувствата, во помала или поголема мера, ја губи контролата и над тоа што ќе го изговори (над својот говор, над своите грешовни зборови). А најтежок степен на невроза е кога чо-

векот, покрај горенаведеното, во помала или поголема мера, ја губи и контролата над своите грешовни постапки (над своите дела).

Губењето на контролата над самите грешовни зборови и дела веќе е алармантна состојба, како за самиот душевно болен така и за непосредното опкружување, дека е крајно време да се преземат соодветни мерки. Просто кажано, болната душевна состојба станува видлива, а таквиот човек веќе треба сериозно да ги лекува и преобразува своите страсти.

Ако не се преземат соодветни мерки во овој клучен момент, тогаш постои опасност невротичните испади и кризи, пропратени со постојано повторување, на збор и со дело, да прераснат во навика, односно во втора (болна) човекова природа. Тоа се моменти кога може да се смета дека, според православната психотерапија, неврозата преминува во потежок облик на душевно разболување, а тоа е растројството на личноста (психопатија или социопатија).

Согласно опитот на православната психотерапија, психопат е оној душевно болен човек кој главно му наштетува на своето непосредно опкружување, освен ако поради неговата болна душевна состојба не биде регрутиран да причини некое поголемо општествено зло. Социопат е оној душевно болен човек кој поради својата висока општествена позиција има можност да им наштети на голем број луѓе на локално, регионално или глобално ниво. Тоа се најчесто јавни личности од шоу-бизнисот, како и бизнис, политички и религиозни лидери.

Главна заедничка карактеристика на психопатите и социопатите е нивната бесчувствителност. Инаку, психопатите полесно се лоцираат поради нивната непосредна јавна агресивност, додека пак, социопатите, вообичаено изгледаат нормални, и јавно и лично не се компромитираат како агресивни, но според нивните дела, кои се со општествено разорни последици, лесно се препознатливи. Постојат и разни меѓусостојби.

За психозите накратко. Ако нема физиолошка основа за психозата (ендогени психози како процесуални заболувања), тогаш се работи за свесно и дефинитивно определување на човекот да му служи на злото, болна душевна состојба која, со јазикот на Црквата, се нарекува демонизираност, опседнатост или ѓаволоиманост.

Главната мотивација при извршувањето на гревот или задоволувањето на страстите е гревовната сладост, односно наслада. Дар Божји за човековото оттргнување од гревовните наслади е болката што секако следува потоа. Но, наместо грешникот да се покае, тој во незнаење се обидува со повторена или поголема гревовна наслада да ја потисне освестувачката болка и на тој начин продолжува неговото душевно разболување. Сосем различно од аскетската болка при преобразувањето на страстите и освестувачката благодатна сладост што следува при духовниот развој на личноста, под надзор на духовниот отец – психотерапевт.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# ПРЕОБРАЗУВАЊЕ ИЛИ РЕЛИГИОЗНО РАСТРОЈСТВО

Цел на Црквата е: луѓето кои, преку задоволување на своите гревовни страсти, водат противприроден начин на живот, односно кои се наоѓаат во некоја од фазите на душевно разболување (неврози, растројства на личноста и демоноопседнатост) да ги врати во нормален, природен начин на живот и наместо задоволување или потиснување, да им понуди преобразување на страстите низ степените на духовниот развој (*очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *боговподобување*).

Како што имаме веќе спомнато, преминот од противприроден во природен начин на живот може да се оствари само во Црквата, преку учество во нејзините Свети Тајни и Свети Добродетели – од кои прва е: ставањето на умот во процес на исцеление преку духовно раководство, односно послушание кон духовен отец. Овој процес, согласно евангелскиот речник, се нарекува покајание, а согласно толкувањето на Светите Отци – преумување.

Главна, односно препознатлива карактеристика на покајанието (преумувањето) е восогласувањето на начинот на човековиот живот со степенот

на духовниот развој на кој се наоѓа човекот, како и со местото што му е дарувано од Бог во Црквата.

Што конкретно ова значи? При првата благодат, односно првото очистување на енергијата на умот, на човекот му е дадено, преку ставањето на својот ум во процес на исцеление, да ги види своите недостатоци, да се поправа самиот себе, да прашува ако нешто не знае и да се осуди самиот себе. И толку. Во ова се состои тајната на подвигот на туѓинувањето во Црквата, без оглед дали човек живее во свет или во манастир.

Ако човек го направи она што повеќето денешни христијани го прават – ако почне да ги гледа недостатоците на другите, ако почне да ги исправа другите, ако почне јавно да ги поучува и да ги осудува другите, тогаш тој тргнува по сосем друг пат, по патот на душевното доразболување. Ваквиот пат е многу поштетен за него и за Црквата отколку патот по кој одат неверниците. Оваа можност, посебно денес, на невротичните и психопатите „верници", во неограничени можности, им ја овозможува користењето на социјалните мрежи, а на социопатите „верници", поради нивната висока позиција, плус и телевизиските куќи.

Со други зборови, кратко и јасно, со влегување во Црквата човекот треба да „замолкне" со устата, а да проговори со делата, сè до добивањето на дарот на просветлување на умот, односно дарот на умно-срдечната молитва! Може да говори јавно за духовни работи само во два случаја: ако е свештено лице (или не е, но некој го прашува нешто) и само кога за тоа има благослов од духовниот

отец – но и тогаш не од себе, туку од Светите Отци, како и ако некое свештено лице почне да проповеда или воведува ерес во Црквата. На овој начин многу ќе се ограничи штетното демонско влијание што демонот го спроведува во црковниот живот преку своите луѓе. Така, очигледно, тесен е патот и поарно да сме во бројот на малкумината кои одат по него отколку да ја исполнуваме демонската волја и душевно да се поболиме.

Значи, или трпејќи ја спасителната болка при воздржувањето од исполнување на нашите страсти ќе се здобиваме, постепено, со преобразувачката, односно очистувачката, просветлувачката и обожителната благодат Божја во Црквата и ќе се насладуваме со неа (ќе бидеме секогаш утешени и радосни и покрај сè), или преку исполнување на нашите страсти ќе тргнеме по патот на поинтензивно душевно разболување од невроза, психопатија или социопатија (растројство на личноста) – кои во овој случај ќе ја носат придавката „религиозна“, како и по патот на демоноопседнатоста.

Бирајте сами како ќе живеете во Црквата: или ќе го восогласите начинот на вашиот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓате, или ќе тргнете по патот на религиозна невроза, религиозна психопатија (социопатија) и демоноопседнатост. Оти, при погрешен духовен живот во Црквата, душевното разболување се случува побрзо отколку надвор од Неа.

Аскетскиот подвиг и болка, при преобразувањето на нашите страсти, во Црквата, како и духовната сладост, утеха и радост што ја следат, ја

претпоставуваат (ја содржат во себе) и Благодатта Божја. Гревовната сладост што произлегува од исполнувањето на страстите претставува отсуство на благодатта Божја. Отрезнувачката болка (тага, очај, празнина, темнина) што потоа следи, иако е допуштање на благодатта Божја, исто така, е нејзино отсуство.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ДА, СЕКОГАШДЕВА МАРИЈА Е БОГОРОДИЦА, А НЕ БОЖИЦА

Додека постои царското и есхатолошко свештенство, односно луѓе кои ќе живеат во покајание, ќе постои и светот. Тоа воопшто не мора да бидат свештеници или епископи, иако подобро е токму тие да се. Колку ли ова повеќе важи за Богородица, првата носителка на тоа царско и есхатолошко свештенство, преку Која секој Божји дар го добиваме. Секоја благодат преку Неа ја добиваме, односно ништо што од Бог добиваме не може, а да не е преку Неа.

Не смее да се наруши рамнотежата на Богочовечката синергија во Црквата, каде што ни само Бог сѐ прави, ни само човекот. Првото е ерес на монофизитизмот, а второто е ерес на несторијанизмот. Така, точно е дека Бог сѐ направи – за нас и наше спасение, но ништо од тоа што направи не ќе беше возможно без Нејзиното „да“.

Богородица не можела да биде која било жена, како што протестантите тврдат, затоа што Бог би испаднал садист, Кој иако можел веднаш да нѐ спаси, чекал со илјадници години да се појави Дева Марија. Значи, не можело која било жена, туку Таа што самата се подготвила за тоа. Ниту таа де-

којка била нешто посебно и одделно од човечкиот род, како што тврдат римокатолиците. И во двата случаја крајно се нарушува Богочовечката рамнотежа, чиј чувар е православниот благодатен опит и теологија на Црквата.

Но, битен е и начинот на нашето спасение. Нас не би нѐ спасил Богочовекот Исус Христос доколку по целиот Домострој на нашето спасение само се вознел на небесата и седнал оддесно на Отецот, во тело, туку Он нѐ спасува, како што веќе спомнавме, во Црквата како Тајна на Неговото Тело, чија Глава е Он. Како што би рекол нашиот преподобен Ава Јустин, толкувајќи го свети апостол Павле (парафразирам): во Црквата на Светиот Дух, како Тело на Богочовекот Христос, секој молитвено и благодатно се спасува и се восовршува преку сите и со сите, и сите се спасуваат и се восовршуваат преку секого и со секого. Затоа што секој, по благодатта на Светиот Дух, живее во сите и сите живеат во секого[1].

Освен ова благодатно проникнување, проземање, друг начин на постоење и спасение за нас, христијаните, е невозможен, и незамислив. Ние не сме етичко тело, ние сме Тело Христово – еден со друг благодатно-органски поврзани и еден на друг органи. Спасението е тајна на учество во Телото Христово токму на овој начин. Е, сега, условно речено, кој било светител можете мисловно да го изоставите од ова Тело, но обидете се мисловно да

[1] Архимандрит Јустин Поповић, *Православна Црква и екуменизам*, Манастир Хиландар, Света Гора Атонска, 1995, стр. 32–33.

Ја изоставите Богородица од овој Богочовечки организам и ќе видите дека ништо нема да остане од него и од нашето спасение.

Целата Богочовечка рамнотежа, чиј чувар е Православната Црква, односно Светото Предание и православниот аскетско-исихастички подвиг, несвесно се напаѓа со едно крајно неблагочестиво споредување во следниот текст, од кој еден мал дел ви пренесувам:

„Меѓутоа, таа не е божица. Таа не е седржителка. Таа не е господ и не е господарка на постоењето, ниту царица на универзумот. Таа не создала ништо од она што постои (Творец на сето тоа е Господ). Таа не го промислила нашето спасение по падот на Адам и Ева. Таа не ги надахновувала светите пророци да го пророкуваат доаѓањето на Синот Божји на овој свет.

Таа не беше биена ниту исмевана заради нашите престапи и беззаконија, не се себепринесе на крст за спасението на светот, таа не пострада распната на крст, за да со својата смрт – смртта ја уништи“[2] итн...

Е, ова е извонреден пример на текст напишан, верувам, со добра намера, но по човечка логика – кога човек пишува од самиот себе, не преку просветлување на умот и дарот на умно-срдечната молитва. Текст којшто затоа содржи несторијанско-протестантско, самочовечко, логично толкување, а кој истовремено смрди на монофизитизам, каде што Бог е сè, а човекот е ништо. Текст на кој, по

---

[2] Целиот текст може да се прочита на една фејсбук страница.

човечка логика, неопитните нема лесно да му најдат замерка, но кој, по Богочовечка логика, покажува неосвестена, а голема прелест. Текст на кој по Богочовечка логика може да му се негира секоја реченица посебно. Текст, кој по мое мислење, неговите слепи поддржувачи ги остава без Причест.

А убаво ви напишав минатиот пат: „Со влегување во Црквата човекот треба да ’замолкне‘ со устата, а да проговори со делата, сѐ до добивањето на дарот на просветлување на умот, односно дарот на умно-срдечната молитва! Може да говори јавно за духовни работи само во два случаја: ако е свештено лице (или не е, но некој го прашува нешто) и само кога за тоа има благослов од духовниот отец (епископот) – но и тогаш не од себе, туку од Светите Отци“[3]. Зошто се превознесувате со својот затемнет ум? И зошто со таков ум се обидувате да пишувате и да го толкувате Евангелието, и тоа не за кој било, туку за самата Мајка Божја, пред Чија тајна и небесните воинства скромно молчат, Која Светите Отци Ја нарекле и Црквородица? Зошто?

Или, најкратко речено, зошто Нејзе би Ѝ требало да биде божица, кога Таа е Богородица?

Пресвета Богородице, прости ни и спаси нѐ!

---

[3] Види: „Преобразување или религиозно растројство“, стр. 151–152.

# ВОЗНЕСЕНИЕ ПРИ СИМНУВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ ГОСПОД

А *ова го рече за Духот, Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него; оти Светиот Дух уште не им беше даден, бидејќи Исус уште не беше прославен* (Јован 7, 39).

Претходнава евангелска реченица ме инспирира да кажам збор-два за Вознесението на Богочовекот Христос и за симнувањето на Светиот Дух Господ на Апостолите, за овој неразделив настан во севкупниот Домострој на Бог и Отецот за нашето спасение.

Ако Синот Божји не се симнеше на земјата меѓу нас, воплотувајќи се од Светиот Дух и Дева Марија (но не без Нејзина слободна и љубовна согласност), и ако не станеше Човек, и ние не ќе можевме во Малиот Вход од Светата Литургија на Црквата да се вознесеме и да застанеме пред престолот Божји. Ако Он не се крстеше, и ние не ќе можевме да умреме за гревот и да бидеме живи за Бог во Него. Ако Он не ја проповедаше Својата Блага Вест за Царството Божјо, и ние не ќе можевме на Светата Литургија на Црквата да го читаме и проповедаме Неговиот Нов Завет. Ако Он

не се жртвуваше на Крстот за нас и наше спасение, и ние не ќе можевме во Големиот Вход од Светата Литургија да се принесеме самите себе и целиот наш живот на светиот престол Божји преку Даровите што ги принесуваме на него. Ако Он не се вознесеше и не седнеше оддесно на Отецот, и Светиот Дух не ќе се симнеше на Апостолите, а преку нив и преку Светите Отци и на нас до денес – во Црквата, ниту пак, Второто Христово Пришествие и Страшниот Суд ќе беа *веќе и уште не*. А ако, пак, Светиот Дух не се симнеше на нас, никакво значење немаше да има за нас сето она што Богочовекот Христос го направи за нашето спасение.

Но, последната реченица е само теологизирање, претпоставка, за подобро да го разбереме значењето на симнувањето на Светиот Дух. И навистина, Светиот Дух Господ посебно се симна на светите Апостоли во собранието на Црквата – која на тој начин стана Тело Христово, чија Глава е Христос, и во Светата Литургија на Црквата ни овозможи, и секојпат повторно ни овозможува, да станеме учесници во севкупниот Светотроичен Домострој на нашето спасение – од Отецот, низ Синот, во Светиот Дух. (Само Црквата го овозможува ова спасително Богочовечко содејство, а со тоа и вистината за човекот создаден според образот и подобието Божјо – најпотполно откриена во ликот на Божјата Мајка.)

Но, симнувањето на Светиот Дух, покрај неговото светотаинско и соборно-лично значење за нас, има и длабоко лично-соборно, односно внатрешно

значење за нас. Без лично да Го примиме во Црквата Светиот Дух, ниту срцето наше ќе стане наш духовен центар, ниту ќе знаеме за местото на срцето, ниту исцелениот наш ум – односно енергијата на нашиот ум соединета со својата суштина во срцето – ќе може молитвено да се просветлува, престојувајќи во благодатта на Светиот Дух, ниту ќе можеме да Му служиме на Бог на олтарот од нашето срце, ниту ќе можеме целата Црква да ја видиме собрана во нашето срце, ниту ќе можеме да ја видиме несоздадената светлина Божја, ниту од нашата утроба (срце) ќе потечат реки од вода жива, та да можат и нашите ближни да ја угасат својата духовна жед.

И, како вообичаено, по проповедта на Богочовекот Христос *настана во народот расправија за Него. А некои од нив сакаа да Го фатат, но никој не стави рака врз Него. Дојдоа, пак, слугите кај првосвештениците и фарисеите и овие им рекоа: 'Зошто не Го доведовте?' А слугите одговорија: 'Никогаш човек не зборел така како Овој Човек'. Тогаш им одговорија фарисеите: 'Да не се прелажавте и вие? Поверувал ли некој од началниците и фарисеите во Него? Но овој народ, што не го знае Законот, е проклет'* (Јован 7, 43–49).

Гледате ли како првосвештениците и фарисеите самите за себе сведочат дека својот ум го хранеле само со празно знаење на Законот, но не и своето срце со добри дела, инаку сигурно ќе Го препознаеле: *Поверувал ли некој од началниците и фарисеите во Него? Но овој народ, што не го знае Законот, е проклет.* Се сеќавате дека во беседата

„Скаменето срце“[1] ви нагласив колку е опасно ако го храниме само разумот, и тоа само со читање и со концентрирање на знаење; и дека оваа грешка ја прават многумина денес; и дека знаењето од тој тип носи гордост, прелест и разградува; и дека подобро е повеќе да обрнеме внимание на хранењето на срцето со љубов и добри дела, затоа што преку тоа ќе го храниме и умот со вистинско знаење на Бог. Да, словото убива, а Духот оживува.

Пресвета Богородице, смислата на сѐ од Бог создадено, спаси нас!

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Школа за исихазам: основна*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2011, стр. 163–167.

## ИСКУШЕНИЈАТА СЕ СООДВЕТНИ НА ДУХОВНИОТ РАЗВОЈ

Откако видовме, преку очите на Светите Отци, дека Мајката Божја е смисла и причина на сѐ што е од Бог создадено[1] и откако се уверивме дека правилниот однос кон Неа е мерило на православната побожност – затоа што секој дух што го негира воплотувањето на Синот Божји, како и последиците од тоа воплотување, не е од Бог, туку е од антихристот – сега да се вратиме на нашата душеполезна тема за видовите религиозни растројства и нивните projави.

Знаеме дека Бог не допушта искушение поголемо од нашите сили. Тоа значи дека на трите различни нивоа (степени) од духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со умно-срдечна молитва, и *обожение*) ни се случуваат соодветни искушенија, но не заради пад (иако таа можност секогаш е многу реална, па и се случува), туку најчесто или заради наше отрез-

[1] Види: Johannes Damascenus, *Homilia II in Dormitionem B.V. Mariae* (PG 96, Col. 744C); Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 430–437; Старец Силуан, *Таговна радост – радосна тага,* Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 2000, стр. 172–177; и др.

нување, или заради наше духовно восовршување.

На првото ниво, кога нашето срце сѐ уште е заробено од страстите, демонот може да нападне однатре, затоа што има слободен пристап (преку страстите) до него, но само со интензитет на предизвикување гревовни помисли, а со тоа и гревовни чувства (вознемиреност, ладење на љубовта, осветољубивост итн.), како и гревовни желби. На ова ниво, условно речено, сѐ уште сме дел од светот и сѐ уште ги преживуваме остатоците од религиозната невроза. Посебно треба да се воздржуваме од гревови со збор и на дело.

На второто ниво, кога нашето срце е доволно очистено од страстите, демонот не може да нападне однатре, односно поради чистотата на срцето таквиот вид напад не му е доволен за да предизвика пад, и затоа тогаш нападот го предизвикува преку луѓе кои се робови на своите страсти, а несвесни дека се поттикнати од него. На ова ниво не сме повеќе дел од светот. *Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето* [немаше да ве напаѓа]; *но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази* (Јован 15, 19).

Нападот преку луѓе е пореален и секогаш доволно силен за да го разбуди и поттикне недопреобразениот дел од страстите на срцето и да создаде услови за наш пад (на пример, наместо помисла за човечка власт и слава – реална гревовна понуда за човечка власт и слава; наместо помисла за имот и пари – реална гревовна понуда за имот и пари; наместо помисла за телесни задоволства –

реална гревовна понуда за телесни задоволства). Видливиот напад преку луѓе, иако на почетокот е насочен кон поттикнување на сите недопреобразени страсти во нас, на крајот, откако нема да успее, секогаш се сведува на јавно непријателство и омраза. Ова е неопходен стадиум низ кој мора да помине секој подвижник на умно-срдечната молитва, кој одговарајќи со љубов на секое непријателство, се удостојува со дарот на премин од просветлување кон обожение, односно од аскетска умно-срдечна кон непрестајна умно-срдечна молитва.

Ако Бог преку Својата Промисла не ги дозираше на овој начин искушенијата, никој немаше да види ни самоспознание, ни восовршување, ни спасение. *...А ако, пак, некој војува, сепак венец не добива, бидејќи не се борел според правилата* (2. Тим. 2, 5). Нормално, оној што нема да го восогласи начинот на својот живот и подвиг согласно степенот на духовниот развој на кој се наоѓа во Црквата, таквиот нема да стигне ни до првото ниво на духовниот развој и нема да ги види плодовите на Светиот Дух, а многу е можно само душевно да се доразболи.

На пример, доколку некој (од параноидна егзистенционална позиција) тврди за себе дека е маченик, само врз основа на тоа дека луѓето го прогонуваат, а истовремено ги нема соодветните дарови на Светиот Дух – како што е барем умно-срдечната молитва, односно просветленоста на умот, таквиот подобро да се запраша каков непромислен потег направил, на очиглед на црковната заедница или на општеството, за тоа да му се случи, отколку

да негува таква делузивна идеја на величина за самиот себе, односно јавно да се самопромовира како таков. За жал, неговото патолошко однесување како завист, уценување, заканување, клеветење, лажење, осветољубивост, насилност итн., е видливо за сите освен за него самиот. Оваа прелест, во зависност од позицијата на болниот во Црквата, се нарекува религиозна социопатија или психопатија, т.е. религиозно растројство на образот Божји во човекот.

Наравоучение: православната психотерапија прави разлика меѓу искушенија што ни се случуваат затоа што душевно оздравуваме или сме доволно здрави, од искушенија што ни се случуваат бидејќи душевно се разболуваме или сме душевно болни.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

# ПОСЛЕДИЦИ
# СОГЛАСНО ГРЕВОВИТЕ

Знаеме што значи симнувањето на Светиот Дух Господ во Црквата, но не ми изгледа дека знаеме што да правиме со полнотата на благодатта Божја што ја примаме преку Светите Тајни на Црквата во нашето духовно срце. Преку благодатта треба да се преобразуваме од образ кон подобие Божјо. Преобразувањето почнува од умот (словесната сила), па преку бесловесните сили на душата (волјата и желбата) и целата душа, па сѐ до самото наше тело.

Страстите се болест на душевните сили, како и нивна злоупотреба, кои преку навиката станале наша втора природа. Со наш труд и со помош на Божјата благодат, страстите треба да се преобразат во добродетели, та сите наши душевни сили да дејствуваат здраво – согласно Божјата волја. За ова е потребен духовен подвиг во Црквата, под вистинско духовно водство.

Страстите се примамливи затоа што нѐ мотивира чувството на гревовна сладост што се случува при нивното задоволување. Задоволувањето на страстите предизвикува гревовна сладост, без оглед на тоа дали се работи за умствена, душевна или за телесна гревовна сладост. Но, по гревовната сладост

следува и отрезнувачка болка – телесна и душевна.

Правиме разлика меѓу грубите страсти – како што се видовите на сластољубие, и суптилните – како што се среброљубието и славољубието. Кај суптилните страсти болката најчесто ќе стигне подоцна, но затоа ќе биде поголема и, пред сè, душевна; а кај погрубите страсти болката најчесто ќе стигне побрзо (на пример: ако се прејадеме, ќе нè боли стомак), но ќе биде помала и, пред сè, телесна. Грубите страсти се знак за постоење на суптилните.

Болката, наједноставно објаснето, настанува затоа што ги исполнуваме демонските желби, а ги нарушуваме заповедите Божји и сами се одрекуваме од благодатта Божја – преку која и нашата душа и нашето тело вистински живеат. Прво, остануваме без благодатта во умот и во душата, а потоа и во телото. Прво, ги разболуваме умот и душата, па потоа и телото. Но, најчесто болката ќе се појави, прво, во телото. Самите се казнуваме со болка – не Бог.

Опасноста, како што можете и сами да заклучите, е поголема при задоволувањето на суптилните страсти отколку кај грубите. Кај грубите страсти, бидејќи веднаш можеме да ја почувствуваме болката телесно, може побрзо да се освестиме и побрзо да го исправиме нашиот живот; додека пак, кај суптилните страсти, појавувањето на душевната болка најчесто ќе го доживееме како веќе посложен проблем, и најчесто како доцна исправлив. Тоа е така затоа што сме духовно неосвестени, а ако немаме и правилно духовно раководство, не ќе можеме сами да го забележиме отсуството на благодатта од нашиот ум и душа, и да се покаеме.

Битно е да се запамети дека после задоволувањето на секоја страст, согласно погоренапишаното, следува болка. Секако, не треба да заборавиме и тоа дека Бог е Личност, а не духовен закон, и никаква причинско-последична врска не е над Него, како и тоа дека Он есхатолошки дејствува, секогаш согласно нашето спасение. Едноставно, Бог ја одложува болката, пред сѐ, психичката, и ни дава многу можности да ја избегнеме преку покајание.

Постојат гревови, да речеме, со лични последици и гревови со соборни последици. Ако срдечно не се покаеме, нашите лични (лично-соборни) гревови сигурно ќе ни се вратат како наши лични душевни страдања и телесни болести, но гревовите кон Црквата (соборно-личните), односно гревовите против нејзиното единство и православно учење, ќе ни се вратат таму каде што најмногу нѐ боли. Таму каде што ќе може да предизвика најмногу покајание.

Господи Исусе Христе, Богородицеју[1], помилуј нас!

[1] *Црк.* **Богоро́дицею** – поради Богородица.

# ПРОЦЕСИ НА ЦРКОВНА ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Организациските осцилации, во црквата како административна целина, се движат од обид за нејзина материјално-финансиска централизација (централен црковен имот и платено свештенство), па до обид за нејзина „духовно-административна“ централизација, како и обратно – сè до фактички административно-материјални и формални „духовни“ поделби.

Епископот е икона Христова, тој е на место и во обличје Христово, а локалната Црква што ја предводи и возглавува е Црква во сета своја полнота на Божји дарови потребни за спасение на секој човек. Локалната епископална Црква во Светата Литургија е вистинското воскреснато и вознесено Тело Христово, кое благодатно ги вклучува во себе сите верни – и сегашни, и минати, и идни. Локалната Црква, собрана околу својот епископ на Светата Литургија, е единственото реално и видливо присуство на Царството Небесно во светот.

Од реалната и видлива литургиска структура на Црквата произлегува и нејзината црковно-административна структура. Затоа, никаква админи-

стративно-црковна натструктура на власт, како управувачка сила над епископот – кој е икона Христова, не може да се случи, а истовремено тоа да не е воведување ерес во пракса и напуштање на православната еклисиологија. Или, едноставно речено, каков било модел (теоретски и практичен) на управување над епископот – како икона Христова, е невозможно да се измисли, а да не е ерес.

Како управувачка би се сметала онаа сила што наместо епископот би одлучувала во локално-соборната Црква – која тој ја возглавува, или би го претставувала и би гласала наместо него во пошироката административно уредување на Црквата. Од друга страна, одлуките што би ги донесувала натструктурата на власт би биле обврзувачки за епископот, иако тој не учествувал во нивното донесување или бил само декор. Ваквото централистичко тежнеење отсекогаш постоело.

Појавите на ова централистичко тежнеење се лесно забележливи во реалниот живот на административно-помесно организираните цркви, во додатоците на текстот од Светата Литургија или, на пример, во правно-формалното регулирање на статусот на автономната црква каде што: двете средства што се користат за надзор на епископот врз своето свештенство – варењето свето Миро и спомнувањето на името на епископот на богослужбите, централизацијата сака да ги наметне како средства на контрола над административно-помесно организираните цркви.

Основа на централистичкото тежнеење и пракса е немањето внатрешно духовно покритие за

позициите што во црквата се држат. Според критериумите на Светите Отци, ѓаконот треба сигурно да чекори по патот на очистување на срцето од страстите, презвитерот треба да е просветлен, а епископот обожен[1].

Оној што својата лична позиција кон другите во црковната организација ја гради само врз основа на административна и друга световна сила, а не врз основа на духовен авторитет, кон послабите и потчинетите ќе биде тиранин, а на посилните – во световна смисла, ќе им биде слуга. Оттука па натаму, процесите на централизација и децентрализација во црковното организирање лесно може да се предвидат – секако, не превидувајќи го факторот на Божјата промислителна интервенција, во времето.

За жал, тоа е она што се случува откако веќе ќе се одрече тајната на светата Педесетница, односно принципот на Богочовечкото содејствително управување во Црквата, во корист на само едната страна – нормално, човечката. „Теологијата“ што ова однесување го оправдува, како и бесплодните теологизирања отпосле, се само празен изговор.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нѐ!

---

[1] Види: Dionysius Areopagita, *De Coelesti Hierarchia*, 2; Свети Максим Исповедник, *400 глава о љубави*, Призрен, 1992, 2 стотица 21, стр. 77; Ἀγ. Νικοδήμος ἁγιορείτης, «Συμβουλευτικόν Ἐγχειρίδιον», ἐκδ. Σχοινᾶ Βόλος, 1969, стр. 154.

# АСКЕТСКА БОЛКА И ДУХОВНА СЛАДОСТ

Рековме дека главна мотивација при извршувањето на гревот или задоволувањето на страстите е гревовната сладост. Дар Божји и истовремено Негово допуштение, за оттргнување на човекот од гревовните наслади, е освестувачката болка што секако потоа следува. При духовниот развој на личноста се случува обратен, но исцелителен процес. Прво ни се случува аскетската болка при подвигот на преобразувањето на страстите, а дури потоа освестувачката благодатна сладост.

Нашиот подвиг може да биде волев – кога со благослов, односно во послушание на духовниот отец сами си го наметнуваме. И може да биде неволев – кога со благодарност и смирение го трпиме сето она што Бог ќе допушти да ни се случи, а кое го помага процесот на нашето очистување, преобразување и исцеление.

Никогаш не можеме толку совршено да се подвизуваме колку што тоа може да ни го подготви Божјата промисла. Затоа, секоја лоша вест за нас или лошо случување, како внатрешна борба, човечка навреда, болест или неуспех и слично, треба да ги прифатиме како дар Божји и најсрдечно и со

доверба да Му благодариме на Бог. Преку неволните страдања ни се надополнува она што ни недостасува во квалитетот на волевиот подвиг.

Сега е поразбирливо зошто велам освестувачка благодат Божја. Кога ќе се појави од нашето срце, благодатта нè утешува, ни објаснува низ што сме поминале, нè одмора, нè утврдува во духовниот опит и знаење, ни носи мир, нè утврдува во довербата кон духовниот отец – со еден збор, ни прави сè обратно од она што демонот се обидува да нè натера сами да си го направиме, откако ќе ги прифатиме неговите помисли, а со тоа ќе се одречеме и од Божјата благодат.

Не постои такво нешто како што често се слуша – негативна (демонска) енергија, тоа е учење на дуалистичките ереси. Во нашиот живот се случува или појавување на благодатта – поради подвигот на очистување на срцето од страстите, а понекогаш и нејзино криење – кога Бог сака да нè научи да не бидеме наемници, туку деца Негови (само тогаш духовно растеме); или повлекување на благодатта – поради нашето гревовно одрекување од неа, од Бог. Сладоста и болката, начелно, се должат на присуството или отсуството на Божјата благодат.

Треба да разликуваме болка што произлегува од подвигот на преобразување – таа болка никогаш не е без утеха, односно сладост, од болка која е последица на гревот – таквата болка е без утеха. И треба да разликуваме сладост што произлегува од подвигот на преобразување – таа сладост никогаш не е без болка (тага), но поради нашата гревовност и поради тоа што другите страдаат, од

сладост што се доживува при вршење на гревот – таквата сладост е илузија што носи само поголема празнина.

Богочовекот Христос, преку Пресветата Богородица, а по молитвите на сите Свети, да ни дарува, преку распнување на умот, душата и телото, односно преку болката што ќе ја претрпиме при исполнувањето на Неговите заповеди, непрестајна сладост – не на ветениот рај или вечниот живот и на сите вечни убавини, добра и ветувања што се спомнуваат, туку на гледањето на Неговото лице и лицето на Неговата Пречиста Мајка во вековите на вековите. Амин.

# НЕЛИ СМЕ СВЕДОЦИ ХРИСТОВИ?

Да се потсетиме уште еднаш на петте точки во надминувањето на едно искушение, оти гледам дека искушенијата ги имаме, ама не гледам и дека ги надминуваме. Кога не ги контролираме гревовните мисли, чувства, зборови и постапки, односно кога знаците на нашата религиозна невроза се забележливи и за другите околу нас, и кога таквото однесување ни станува пречка во личносните односи, што друго да каже човек? Исто така, не треба да заборавиме дека демонот, во мисловната борба на нашиот ум со неговиот, се обидува од што подраматично до што поапокалиптично да ни го прикаже постоечкото искушение, а не дека тоа такво и реално е.

Согласно светоотечкото Предание, секое искушение, од најголемо до најмало, како и од внатрешно до надворешно, правилно го надминуваме секогаш на истиов начин: прво, го прифаќаме како допуштение Божјо, а затоа и како дар Божји; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, не му покажуваме на демонот, ни на лице, ни со збор, ниту со некоја по-

стапка дека се наоѓаме во искушение, а посебно не на луѓето околу нас (нели сме сведоци Христови); и петто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението, туку како градење заедница со Бог, со тоа што истовремено се молиме и за тој што нè повредил – и ја возобновуваме, пред сè, нарушената внатрешна заедница со Него. Прифаќањето и благодарењето се клучниот момент во овој духовен подвиг.

Е, сега, постапуваме ли ние вака или не? Не. Од каде го знаеме тоа? Од знаците и последиците на религиозната невроза, односно од гревовните мисли, чувства, зборови и постапки што ги имаме и од нарушената заедница со нашите блиски – кои се, нели, секогаш виновни за сè; а да не зборувам за отсуството на плодовите од духовниот развој – просветлување на умот при срдечната молитва итн. Ова наше однесување се нарекува барање човечка правда, односно враќање на злото со зло. Така ли ќе Го сведочиме Христос? Толку ли е тешко да се сфати и освести оваа наша падната состојба? Најбитно во духовниот живот е – кога сме во прелест, барем да знаеме дека сме во прелест, а не да мислиме дека не сме. Вистински духовен отец е оној кој прелеста ни ја открива, а не оној кој ни ја потхранува.

Барањето Божја правда е кога во секој миг од нашиот живот се трудиме да живееме како што Богочовекот Христос живеел и како што Он ни заповедал да живееме. На пример, ја бараме Божјата правда кога во моментот на некое искушение,

кога некој со нешто нè повредува, по нашата прва неподобна реакција застануваме, се преиспитуваме себеси и си велиме: „Дали сум јас сега сличен со Христос, дали постапувам како Него? Дали Христос во мојата ситуација би ги имал тие чувства, тие мисли, дали би ги кажал тие зборови, дали би го направил тоа што јас сега го правам...?“ И, ако сме само малку искрени со самите себе, ќе сфатиме дека сме многу далеку од тој идеал, затоа што секако ќе забележиме во себе тенденција на враќање со зло за зло – било во помислите, било во чувствата, било со зборови или дела. Ако при секое искушение постапуваме на овој начин, секогаш ќе ја пронајдеме вината во нас – во нашата несличност со Христос. Ова е единствената здрава основа за покајание.

Значи, ако освестиме дека и при мала повреда не сме слични со Христос и дека постои тенденција во нас, на некој начин, да вратиме со зло за зло, тогаш логички можеме да заклучиме дека при поголема повреда не е чудо и злосторници да станеме – кога би имало услови за тоа. А ова е согласно и забележливо и преку помислите што нè напаѓаат во тие моменти. Затоа и заслужуваме и полошо од тоа што ни се случило. Но, искушенијата што Бог ги допушта да ни се случат поради нашите гревови се дозирани за наше растење, а не за наш пад.

И на крајот, ова освестено самосмирување, кога се осудуваме себеси на полошо од она што веќе ни се случило, ја смирува нашата мисла по-

долу од она ниво на кое демонот има допуштение мисловно да нè нападне и сите негови напади ги прави бесплодни.

Господи Исусе Христе, преку Пресвета Богородица, а по молитвите на свети Наум Охридски, помилуј нè!

## РОЖДЕСТВО НА СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ[1]

Целата свештена историја и сите случувања, пред и за време на раѓањето на свети Јован Крститeл, се икона на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, како и икона на преминот од првиот на вториот степен на духовниот развој.

Погледнете како Светиот Дух Господ сведочи за родителите Јованови, татко му – свештеникот Захариј, и мајка му Елисавета, во Светото Евангелие: *И обајцата беа праведни пред Бог, постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови без погрешка. Тие немаа деца, оти Елисавета беше неплодна; а обајцата беа веќе стари* (Лука 1, 6–7). Гледате ли, деца, ова мора да го повториме и запаметиме: *постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови, без погрешка.* Посебно запаметете – *без погрешка.*

---

[1] Извадок од беседата „Објавување на тајната на новозаветното свештенство“. Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 115–117.

Што ни покажува овој нивен подвиг? Ни покажува дека и покрај нивната голема и неостварена желба за која Го молеле Господ (*зашто се услиша твојата молба* – сведоштво дека тоа го барале), тие не го напуштиле својот подвиг пред Бог, иако обајцата биле веќе стари, па дури и со изгубена надеж во врска со остварувањето на нивната желба. Тоа се гледа од зборовите на Захариј, упатени кон архангелот Гаврил: *По што ќе го разберам тоа? Јас сум стар, а жена ми е веќе доста возрасна* (Лука 1, 18).

Нивниот подвиг ни го покажува нивниот однос кон Бог – како однос на чеда Божји, слободен и љубовен. Бесплодно е да се држи самиот закон, сам по себе или заради самиот него, или од робовски и наемнички однос. Заповедите Божји ги исполнуваме заради Бог, барајќи Го само и единствено Него, а не заради некои од Неговите добра. Захариј и Елисавета постапуваат според сите заповеди и повелби Господови – без погрешка (како деца Божји), ама на крајот – дарот е само Божји: *Не бој се, Захариј, зашто се услиша твојата молба и жена ти Елисавета ќе роди син, и ќе му ставиш име Јован* (Лука 1, 13).

## СЛОВОТО УБИВА, А ДУХОТ ОЖИВОТВОРУВА

Постојат две интересни врсти на верници. Едните наводно се држат до словото на Светото Писмо или на Светите Канони, но Го промашуваат Духот, а другите наводно се држат до Духот, но го промашуваат словото. За првите е напишано: *словото убива, а Духот оживотворува* (2. Кор. 3, 6). А за другите е напишано: *Возљубени, не верувајте му на секој дух, туку испитувајте ги духовите: дали се од Бог, бидејќи многу лажни пророци се јавија во светот* (1. Јован 4, 1), како и: *Секој дух што не признава дека Исус Христос дошол во плот, не е од Бог; тоа е духот на антихристот* (1. Јован 4, 3). И едните и другите боледуваат од дуализам, од непросветленост на разумот.

Има неколку нешта што се заборавaат при толкувањето на Светото Писмо и Светите Канони.

Прво, не секој може автентично да го толкува словото на Писмото и на Канонитe, туку само оние што го надминале дуализмот во себе. Умот има една енергија и две функции – примарна и секундарна. Примарната функција на умот се остварува кога тој својата енергија ја насочува во лична и директна комуникација со Бог, додека,

пак, секундарната функција се остварува кога умот преку својата енергија комуницира со овој свет. Секундарната функција на умот се нарекува разум.

Просветлувањето на разумот, односно просветлувањето на секундарната функција на умот, а со тоа и надминувањето на дуализмот меѓу двете функции на умот, се случува кога преку примарната функција на нашиот ум ја преобразуваме неговата единствена енергија, соединувајќи ја со Божествената несоздадена енергија, внатре во срцето. Просветлениот човек, ослободен од дуализмот, може да ги гледа нештата подобно на Божјото гледиште и да ја види поцеловитата слика за Бог, за Црквата, за човекот и за сѐ создадено, а не како што нашиот непросветлен и острастен разум ни го прикажува истото – парцијално, распарчено, спротивставено и површно.

Второ, при толкувањето на словото, треба да се има предвид големата слика – севкупното и неразделно Свето Предание, и пишано и благодатно. Светото Писмо и Светите Канони на Црквата, како и Богослужбените книги, се само дел од пишаното Предание на Црквата. Исто така, и списите на Светите Отци на Црквата воопшто не се помалку битен дел од пишаното Предание на Црквата. Отците, со својот просветлен и обожен ум, се автентични толкувачи на Писмото и Каноните, и ние од нив учиме денес што точно Писмото и Каноните сакаат да ни кажат. Благодатно-светотаинското Предание ни се предава преку Апостолското преемство во Црквата, а ние лично го усвојуваме преку аскетско-исихастички подвиг внатре во Неа.

На крај, полнотата на Светото Предание, всушност, е Самиот Богочовек Христос како Глава на Црквата и самата Црква како Тело Христово, од Отецот во Светиот Дух.

Трето, Црквата не произлегува од Светото Писмо и од Светите Канони, туку Светото Писмо и Светите Канони од Неа. Затоа, како што рековме, нивното автентично разбирање и толкување постои само во Црквата, од Светите Отци на Црквата – кои ја живеат полнотата на Нејзиното Свето Предание.

И четврто, Црквата треба да го проповеда, односно пренесува севкупното Свето Предание – Богочовекот Христос. Секако, Таа може да го прави тоа само во сила на Духот – на својата Света Литургија, преку своите светители и преку оние што се во Нејзино послушание. Не е во природата на Црквата притоа да се наметнува – Таа проповеда и пренесува пред оние што сакаат да слушнат и да примат. Но, како што вели еден Старец: „Што да ви кажам, деца, денес само слушате и учите, но ништо од тоа не се обидувате да спроведете во живот“.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

# ДЕЛА
# АПОСТОЛСКИ

Нем останува човекот пред светоста на личноста и пред недомисливите димензии на подвигот на Христовиот апостол Павле. Погледнете ја само неговата слобода со која еднаш засекогаш ја запечатува превосходноста на харизмата во однос на институцијата, на плодовите од Духот во однос на овоземната административна организираност на Црквата: *А кога Бог, Кој ме избра од утробата на мојата мајка и ме призва преку Својата благодат, благоволи во мене да Го открие Својот Син, за да благовестувам за Него меѓу иноверците – веднаш, не го прашав ни телото, ниту крвта, ниту пак, отидов во Ерусалим кај оние што станаа апостоли пред мене, туку заминав за Арабија и пак се вратив во Дамаск* (Гал. 1, 15–17).

Но, превосходноста на харизмата во однос на институцијата не значи и превидување на црковната потреба од административна организираност и од почитување на хиерархијата, редот и поредокот во овој свет и век – особено на тие што почиваат на литургиската хиерархија, ред и поредок, и се нивно продолжение: *А на три години потоа отидов во Ерусалим за да се видам со Петар и ос-*

*ӣанав кај неѓо ӣеӣнаесеӣ дена. Друѓи, ӣак, од аӣосӣолиӣе не видов освен Јаков, браӣоӣ Госӣодов* (Гал. 1, 18–19). Во историскиот период на Икона многу треба да внимаваме и на институционалната организираност на Црквата – да функционира нормално и ефикасно, и да не излегува од рамките што ѝ се дадени во нејзините литургиски основи – зашто таквиот испад е ерес, а вистинската вредност и значење на харизмата јавно ќе дојдат до полн израз во Царството Небесно, во вечноста на Вистината.

Но, неговата слобода и сила во апостолското дејствување не се темели на вообразба на духовни состојби и на имитација на духовен живот, туку на реален и обожен личен подвиг: *Знам еден човек во Хрисӣос, кој ӣред чеӣиринаесеӣ ѓодини – со ӣело ли, не знам; без ӣело ли, не знам: Боѓ знае – беше ѓрабнаӣ и однесен до ӣреӣоӣо небо. И знам дека ӣој човек – со ӣело ли, или без ӣело, не знам: Боѓ знае – беше ѓрабнаӣ и однесен во рајоӣ и дека чул неискажливи зборови, кои човек не може да ѓи искаже. Со ӣаков човек ќе се ӣофалам; но со себеси нема да се ӣофалам, освен со моиӣе слабосӣи* (2. Кор. 12, 2–5). Значи, не само што видел, туку и чул. Ова *чул* е опис на личен однос, на гледање лице во лице – духовна состојба на обожение, која се проповеда меѓу совршените.

И по сета божествена слава со која од Бог е украсен Апостолот, гледајте сега што значи вистински следбеник и пратеник на Оној Кој, крајно снисходејќи, се воплоти и стана човек и Кој, послушен на Својот Небесен Отец, а заради нас и наше спасение, пострада до смрт – смрт на Крст:

*Зашто, иако слободен од сите, станав роб на сите, та повеќето од нив да ги придобијам; на Јудејците им бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; за оние што се под Закон, станав како да сум под Закон, за да ги придобијам и нив; за оние што се без закон, станав како да сум без закон, иако пред Бог не сум без Закон, туку сум под Законот на Христос, за да ги придобијам и оние што се без закон. За слабите станав како слаб, за да ги придобијам слабите. За сите станав сè, та по каков и да било начин да спасам некого. А ова го правам поради Евангелието, за да бидам учесник во Него* (1. Кор. 9, 19–23). Погорекажаното е најсилното сведоштво за неодминливоста на личносниот пристап при сведоштвото на новозаветната благовест меѓу луѓето, кој му дава сила на оној што љуби смирено да снисходи до поистоветување со љубениот.

Маски секако носиме сите. Прашањето е: дали преку педагошко-мистагошката маска (на сите им станав сè поради Евангелието) растеме до личност – како свети апостол Павле, или преку маската со која ја криеме самољубивоста се урнисуваме до безличност?

Господи Исусе Христе, преку Богородица, спаси нè!

## ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ХРИСТОВОТО ВОПЛОТУВАЊЕ

Пишано е во Новиот Завет дека *секој дух што не признава дека Исус Христос дошол во плот не е од Бог; тоа е духот на антихристот* (1. Јован 4, 3). Ајде да видиме што точно значат овие зборови.

Според свети Максим Исповедник, што е и учење на самата Црква: „Првиот човек беше повикан во себе да ја обедини целината на создаденото битие; истовремено тој требаше да го достигне совршеното единство со Бог... Тогаш и Самиот Бог од Своја страна би му се дал на човекот, така што [човекот] преку овој дар – преку *благодатта*[1] – би го имал сето она што Бог го има *по природа*[2]. На тој начин би се извршило *обожението*[3] на човекот и на целиот создаден свет. Оваа задача што му била дадена на човекот, бидејќи не ја исполнил Адам, се оствари преку делото Христово, Вториот Адам“[4].

Сакам да ви го насочам вниманието на фактот дека со делото на Богочовекот Христос се

---

[1] Истакнатото мое.

[2] Истото.

[3] Истото.

[4] Maximus Confessor, *De ambiguis*, PG 91, 1308.

обожи не само човекот, туку и целиот создаден свет. Со други зборови, според Светите Отци на Црквата, една од последиците од Христовиот Домострој на спасението е и обожението на сѐ создадено, на сета твар[5]. Она што единствено останува неосветено и необожено се демонската, како и човековата слободна волја, коишто тежнеат кон грев, а што е последица на дуализмот, на непреобразеноста на умот.

Оттука па натаму, веќе станува излишно да се говори за обожението на Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија – преку Која се обожија и сите свети (сите оние што сакаа) и сета твар, но веќе станува јасно зошто се суштински битни сите Свети Тајни на Црквата – посебно Светата Тајна Крштение, Светата Тајна на Телото и Крвта Христови и Светата Тајна на Апостолското Преемство (хиротонијата на Епископите и епископоцентричноста на Црквата); исто така, зошто е битно почитувањето и целивањето на Светите Икони, Светиот Крст, Светите Мошти, и зошто е битно земањето благослов преку бакнување рака на свештено лице или меѓусебно (бакнуваме Тело Христово), и зошто се битни многу други последици, кои се и го претставуваат нашето Свето Предание.

---

[5] Види: Gregorius Nazianzenus, *Orationes*, 27–31; Athanasius, *De Incarnatione*, 54; Dionysius Areopagita, *De Coelesti Hierarchia*, 1.3; Maximus Confessor, *De ambiguis*, PG 91. 1113BC; истото, 1385BC; Johannes Damascenus, *De Fide Orthodoxa*, PG 94, 909–929; истото, PG 94, 981–984; Gregorius Nyssenus, *De Hominis Opificio XXIX,* PG 44. 233D; Archimandrite George, *The Deification as the Purpose of Man's Life*, Holy Monastery of St. Gregorios, Mt. Athos, 1997.

Но, правете разлика меѓу обожување и поклонување од почитување и целивање. Сепак, Го обожуваме и Му се поклонуваме само и единствено на Бог – Света Троица, и на никој друг.

Учеството во сиот Домострој на нашето спасение, од Отецот преку Воплотувањето на Синот – од Богородица и Секогашдева Марија, во Светиот Дух, чии последици се обожението на човекот и на сѐ создадено, денес ни е овозможено во Светата Литургија (Евхаристија – Благодарење), каде што самите себе, еден со друг и целиот наш живот на Христос Бог Му ги предаваме, Кој пак, од друга страна, Е Тој што ги принесува (на Отецот) и нам ни Се принесува, и Тој е што ги прима и ни Се раздава.

Целиот наш живот што на Христос Бог Му го предаваме е сочинет и од сѐ што е создадено, од сѐ она од коешто нашиот живот зависи – од небото и од земјата, и сѐ што е на нив и во нив. А сето тоа, пак, се содржи во лебот и виното што на Бог Му ги принесуваме во Светото Благодарење – во Светата Литургија, а кои таму се осветуваат, обожуваат и стануваат Тело и Крв Христови; со кои, пак, причестувајќи се и ние се очистуваме, просветлуваме и обожуваме.

Има уште многу да се пишува на оваа тема, но мене ми е битно да ја сфатите поврзаноста и хармонијата на сѐ создадено со суштинската Тајна на Црквата, а тоа е Светата Евхаристија (Благодарење), каде што на Бог, во и преку Христос, Му ги принесуваме Даровите што од Него ги примивме – самите себеси и сѐ создадено, а Он ни ги враќа

(или ни се принесува) како обожено Тело Христово со Кое ние се причестуваме и Кое ние стануваме, заедно со сето она што претставува наш живот.

Затоа, негирањето на што било од она што го спомнав во овој текст како Свето Предание, односно како последица од Воплотувањето на Синот Божји, односно обожението на човекот и на сѐ создадено, го покажува и издава присуството на духот на антихристот – во оној што тоа свесно или несвесно го негира.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нас!

## ИЛУЗИЈА НА НЕПРИЈАТЕЛСТВО

Главната цел на демонскиот напад е ние самите да се откажеме од благодатта Божја и на тој начин да влеземе во просторот на демонската илузија, каде што тој лесно нè злоупотребува. Демонскиот напад зависи од тоа на кој степен од духовниот развој се наоѓаме.

Ако се наоѓаме на првиот степен, кога срцето сè уште не ни е доволно очистено од страстите, демонот нè напаѓа однатре. Демонот нè напаѓа преку помислите, а не преку луѓе – тоа не му е дозволено. Нашата подложност на страстите му е доволна, допуштена од Бог, основа за напад.

Доколку ги прифатиме демонските помисли во нашето срце, посебно кога се против нашите ближни, тогаш истовремено се одрекуваме и од Божјата благодат, и влегуваме во просторот на демонската илузија, каде што тој продолжува тајно да раководи со нас – поради нашата неопитност, насочувајќи ги и понатаму нашите мисли и чувства, нашите зборови и дела против нашите ближни.

Напад од луѓе доживеан на првиот степен од духовниот развој е секогаш поради наша грешка – ова треба добро да се запамети! Во голема прелест

ќе западнеме ако ја прифатиме демонската помисла дека луѓето нè напаѓаат или прогонуваат заради Христос, и дека сме Негови сведоци, т.е. маченици. Тоа не се осмелуваат да го помислат за себе ни обожените.

Ако се наоѓаме на вториот степен – *просветлување на умот* преку дарот на срдечната молитва, односно кога срцето ни е доволно очистено од страстите, демонот не може да нè нападне однатре преку помисли, и затоа нè напаѓа преку нашите ближни (преку луѓето), кои ги имаат веќе прифатено неговите помисли против нас, во своите срца.

Нападот преку нашиот ближен му е потребен затоа што само на тој начин може да го активира недопреобразениот дел од нашите страсти. Ако тоа му успее, тогаш на демонот му се дава можност да нè нападне и преку помислите, во обид да нè внесе во својот простор на илузија, како реална основа за нашиот пад.

Суштината на нашиот одговор на демонскиот напад секогаш е љубовта кон Бог и кон секој конкретен човек, па макар ни личел тој и на наш најголем непријател.

На пример, ако демонот ни уфрли помисли против некого, ние веднаш почнуваме со аскетска љубов да се молиме за тој човек сè додека помислите не нè напуштат. На тој начин нема да дозволиме демонските помисли против ближниот да влезат во нашето срце, затоа што тоа и тој ќе го почувствува, и нашиот однос веќе ќе биде нарушен. А голема е можноста да му погрешиме на ближ-

ниот и со збор и на дело, наместо да му направиме добро.

Или, кога сме на степенот на просветлување, ако некој наш ближен направи конкретно зло против нас со збор или на дело, ние, исто така, веднаш почнуваме да се молиме за него со љубов – а ако може, и некое добро му правиме со збор или на дело, и со тоа го смируваме злото во ближниот, а истовремено му оставаме и можност и време за покајание.

Ако на злото од ближниот одговориме со зло – што е и демонската цел, тогаш се одрекуваме од Божјата благодат во нас и му оставаме огромен простор на демонот да ја одржува и преувеличува својата илузија за непријателството меѓу нас и ближниот. Сè додека во светот постојат луѓе кои на злото ќе одговорат со љубов – овој свет ќе постои.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

## ИЛУЗИЈА – ОТСУСТВО НА БЛАГОДАТТА БОЖЈА

Основа на илузијата се неочистените страсти од срцето (славољубие, среброљубие, сластољубие). Илузијата се појавува и нè опфаќа во оној момент кога конечно ќе се согласиме со демонската помисла за задоволување на некоја страст и ќе ја прифатиме во нашето срце, а кога благодатта ќе отстапи од нас. Надвор од благодатта Божја, сè е илузија. Значи, клучен е моментот на прифаќање на помислата, зашто тогаш илузијата добива доминантна и одлучувачка сила над нашето срце како духовен центар.

Сите се наоѓаме во илузија – кој помалку, кој повеќе. Најголем проблем кај илузијата е тоа што таа нè одделува од Божјата благодат и реалност, дејствувајќи на секое можно ниво од нашето битие; токму и затоа ја сметаме за посеопфатна и понапредна заблуда од прелеста.

Илузијата не ни ги залажува само умот и разумот како прелеста, туку и самите чувства и целото тело. Што е најлошо, поради илузијата ја губиме и целата сила да му се спротивставиме на гревот и правиме нешто што никогаш не сме имале

намера да го направиме, односно отпосле се чудиме како сме можеле истото да го направиме.

Потребно е да правиме разлика кога сме заробени од некоја страст и кога не сме заробени. Кога сме заробени, илузијата веднаш се активира. На пример, штом ни ја повредат суетата, гордоста, односно високото мислење за самите себе, илузијата веднаш се активира, нѐ опфаќа и паѓаме под нејзина власт. А сосем друго е кога илузијата треба прво да продре во нашето срце преку демонската помисла, односно таа да нѐ наведе на разговор, да предизвика насладување и на крај, согласување и прифаќање.

Значи, најбитно е да не влеземе во илузијата, односно во нејзините замки, зашто тогаш ја губиме силата да се бориме против неа. Затоа што, штом еднаш се влезе во просторот на можноста или на објектот, како и во времето на илузијата, тешко се спасуваме од гревот, особено ако сме станале зависници – ако илузијата станала навика. Големината на илузијата е соодветна на отсуството на благодатта Божја.

Во одредена мера сѐ е илузија – додека сме на првиот степен од духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*), освен словото на духовниот отец. Внимавајте, не реков дека не е илузија нашиот однос кон духовниот отец, туку неговото слово кон нас – според кое треба да се раководиме.

Што треба да направиме за да се спасиме од оваа греховна и демонска состојба наречена илузија, откако ќе бидеме заробени од неа, под услов

навреме да се освестиме и да ја забележиме?

Исповедта пред духовниот отец – поврзана со аскетско покајание и послушание, најчесто целосно ја обессилува илузијата, зашто го отвораме срцето, т.е. го откриваме местото од каде што илузијата дејствува и се откажуваме од неа, за истото повторно да биде заземено од Божјата благодат.

Второ, треба да си одговориме на прашањето: ја бараме ли ние како христијани Божјата правда или човечката? Кога во моментот на некое искушение или повреда од страна на некој друг се проверуваме дали во тој момент нашите мисли, чувства, зборови и дела се слични на Христовите, и се поправаме себеси според истото, тогаш ја бараме Божјата правда.

И трето, кое произлегува од второто: барајќи ја Божјата правда, ние секогаш – ама баш секогаш, проблемот го пронаоѓаме во себе, во нашата несличност со Богочовекот Христос. Оној што проблемот го пронаоѓа во другиот отпаѓа од Христовата благодат и влегува во просторот на демонската илузија. Кога веќе проблемот го пронаоѓаме во себе, ние самите себе се поправаме, а не другиот. Колку некој треба да е отпаднат од Христос за да не го сфати ова?

За жал, илузијата ја има таа сила над нас – сето ова погоре објаснето во момент на искушение да го заборавме. Затоа, Отците инсистираат на аскетски подвиг – прво да научиме и запаметиме, а потоа и да се принудиме да го восогласиме нашето однесување, нашите зборови, мисли и чувства со

Христовите, иако во моментот на илузија ништо од тоа ниту чувствуваме, ниту сакаме да направиме.

Господи Исусе Христе, преку Богородица и прими нѐ и помилуј нѐ!

## ВО СТИЛОТ НА
## СВЕТИОТ ПРОРОК ИЛИЈА

Произволниот и недефиниран духовен живот, кој соодветствува на нашата голема идеја за самите себе – на нашата гордост и суета, посебно е карактеристичен за светот во којшто живееме. Недефинираното и магловито поимање на духовниот живот е одлична атмосфера во која може да се скрие нашата индивидуална душевна сиромаштија, а тоа им одговара на мнозина. И не само да се скрие, туку, со помош на свештеничките чинови или со својата интелигенција и разни титули, духовно слепи луѓе успеваат дури и да се самопромовираат како големи духовници. Но, добро знаеме дека вистинскиот духовник е реткост.

Оние што сакаат само да импровизираат и да имитираат духовен живот, а истовремено остануваат заробени од страстите, ниту проверуваат ниту сакаат да знаат дека постои некој Божествен ред и хармонија во духовниот живот, затоа што Светлината на Преданието за трите степени од духовниот развој таквите ги разоткрива – или како незнајковци или како противници на Преданието: *Светлината дојде во светот, но на луѓето им омиле повеќе темнината отколку Светлината, зашто де-*

*лата им беа зли* (Јован 3, 19).

Оној што нема опит на покајание не само што не го препознава правилниот духовен развој кај својот ближен, туку таквото сведоштво и му пречи. Му пречи затоа што, од една страна, светоотечкиот пример открива како не треба да се живее во Црквата, а од друга страна, открива како побожно треба. Можеби нема критична маса луѓе што може свесно да го препознае тоа, но секогаш има критична маса што може да го почувствува тоа: *Ете, светот тргна по Него* (Јован 12, 19). Суетата, пак, заради пуста желба за човечка слава, кај оние што се сметаат за духовни величини, е голема и тешко на оној што ќе ја повреди.

Сега јасно ли ви е зошто лесно го прифаќаме и го фалиме покајанието на светителите прочитано во нивните житија од оваа временска дистанца, а покајанието на нашиот ближен, современик – не!? Или, зошто ја прифаќаме и фалиме духовната величина на оние што просторно живеат далеку од нас (Русија, Србија, Грција), а духовната величина на нашиот ближен кој живее со нас – не!? Од истите причини, поради нашата суета и високо мислење за самите себе ниту еден Пророк не е признат во својот роден крај.

Сите сме жртви на суетата, помалку или повеќе. Заборавaме дека гревот што го „препознаваме“ кај нашиот ближен, според Светите Отци, постои и во нас или најчесто е само наша проекција. Затоа Христос и вели: *Со каков суд судите, со таков ќе бидете судени* (Матеј 7, 2). Живееме како одвај да чекаме некој од оние што ѝ сметаат на нашата

суета нешто да згреши. Дури сакаме да веруваме и во неговите наводни гревови и падови. Тежнееме да го оценуваме и судиме човекот според претпоставениот или вистински сторениот грев, повеќе отколку да го вреднуваме според покајанието. Ако таквиот суд за кој било човек ни е конечен, тоа е сигурен знак дека немаме опит на покајание (преумување), ниту ќе имаме.

Наместо тоа, добро е да се запрашаме дали нашиот ближен – секој еден што секојдневно го среќаваме во нашиот живот – не е еден од Бог пратен пророк за нас, кој ни ја претскажува нашата иднина во зависност од нашиот однос кон него. Вистинскиот, пак, Божји Пророк, што и да направи, тешко ќе ги отвори кон милост суетните срца на самонаречените духовни величини: *Зашто дојде Јован Крстител, кој ниту леб јаде, ниту вино пие, а вие велите: 'Бес има'. Дојде Синот Човечки, Кој јаде и пие, а вие велите: 'Еве човек што многу јаде и пие, пријател на митниците и грешниците!'* (Лука 7, 33–34).

Пророкот не може да биде наш непријател, туку само пријател. Вистинскиот непријател на нашата душа е лажниот сведок. Тој ќе ја затемни нашата душа и нашиот ум преку лошите помисли и зборови против Пророкот секојпат кога ќе му поверуваме, и постојано ќе се обидува да нè излаже, сè додека не ја постигне својата цел. Но, дали, и кога, ќе биде убиен Пророкот, тоа не зависи од лажните сведоци и од оние што сакаат да го нема, туку од Бог: *А кога го чуја тоа, сите во синагогата се исполнија со гнев; па како станаа, Го*

*истераа надвор од градот и Го одведоа на врвот од еден рид, каде што беше созидан нивниот град, за да Го турнат одозгора. Но, Он си помина меѓу нив и си отиде* (Лука 4, 28–30). Исто така, и светиот Пророк Илија не беше убиен од своите современици; напротив, го чекаме да дојде.

Свети Пророк Илија, моли Го Бог за нас, додека да дојдеш!

## СВЕТИТЕ ОТЦИ ЗА ТРИТЕ СТЕПЕНИ НА ДУХОВНИОТ РАЗВОЈ

Многу е битно да знаеме дека постои одреден Божествен ред и хармонија во духовниот живот, особено што светоотечкото Предание тоа недвосмислено и прецизно ни го открива. Ако ова Свето Предание го игнорираме, тогаш нашиот душевен живот може да биде само имитација или импровизација на некаков духовен живот каков што ние самите си го замислуваме, односно некој вид религиозна невроза или религиозно растројство на личноста. Нормално, треба да внимаваме, на крајот, да не испаднеме и богоборци.

Светите Отци на Црквата, во својот духовен подвиг забележале три нивоа или стадиуми, или степени на духовниот развој, предавајќи ни ги како свој духовен опит: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение* (боговподобување). Можат да се сретнат и други називи за овие степени.

Во теологијата на свети Максим Исповедник[1] овие три степени се претставени како: *практична*

[1] Ἱερομόναχος Ἀρτεμίος Ραντοσάβλιεβιτς, «Τό μυστήριον τῆς σωτηρίας κατά τόν Ἅγ. Μάξιμον τόν Ὁμολογητήν», Ἀθήνα, 1975, стр. 165.

*философија*, *природно созерцание* и *мистично богословие*.

Кај свети Исак Сирин трите степени ги пронаоѓаме именувани како: *покајание*, *чистота* и *совршенство*[2].

Во своите списи свети Дионисиј Ареопагит ги опишува трите степени на духовниот живот како: *очистување*, *просветлување* и *совршенство*[3].

Свети Никита Ститат вели дека постојат три степени во напредувањето кон совршенството: *почетна состојба на очистување*, *преодна состојба на просветлување*, *мистична состојба на совршенство*[4] итн., слично како и кај други Свети Отци.

Но, ова учење за трите степени го среќаваме и посредно објаснето. Овојпат, на пример, ќе видиме како Отците го поврзуваат со свештеничките чинови. Обрнете внимание и на сличната терминологија што ја користат при објаснувањето.

Свети Максим Исповедник ги поврзува трите стадиуми на духовниот живот со трите степени на свештенството. Тој пишува:

„Делото на ѓаконот го врши оној што го вежба својот ум за свештени подвизи и ги изгонува од себе страсните помисли, а делото на презвитерот – оној што го просветлува својот ум во познание на создадените битија и со тоа го уништува лажно нареченото знаење; додека, пак, делото

---

[2] A.J. Wensinck, *Mystical Treatises by Isaac of Nineveh*, Amsterdam, 1923, стр. 20.

[3] Види: Митрополит Јеротеј Влахос, *Православна психотерапија*, Образ светачки, Београд, 1998, стр. 68.

[4] Истото, стр. 66.

на Епископот го има оној што го восовршува својот ум со светиот мир на познанието на обожуваната и Пресвета Троица“[5].

Свети Никодим Светогорец дообјаснува: „Богоносниот Максим смета дека задачата на ѓаконот е, по пат на морален напор, да ги очисти другите од нивните страсти и лошите помисли; задачата на презвитерот е да ги просветли другите со природно созерцание на внатрешните принципи (логоси) на сè постоечко, и, на крај, задачата на Епископот е да ги восоврши другите во светлината на внатрешните принципи (логоси) на богословието [возење трактор е симпатично, но ќе се согласиме дека воопшто не е Епископски идеал]“[6].

Свети Дионисиј Ареопагит истото го вели вака: „Епископите [епископскиот чин] во потполност ја поседуваат моќта на просветлувањето... Нивната задача [внимавајте точно што е Епископскиот идеал] не е само да просветлуваат, туку и да восовршуваат. Презвитерите се просветлени и просветлуваат, додека ѓаконите очистуваат и знаат да расудуваат“[7].

Светите Отци степените на духовниот развој ги одредуваат според видот на молитвата. Оние што се молат само со уста и со разум се на првиот степен – *очистување на срцето*, оние на кои им е откриено местото на духовното срце и аскетски се молат со умот внатре во него се на вториот

---

[5] Свети Максим Исповедник, *400 глава о љубави*, Призрен, 1992, 2 стотица 21, стр. 77.

[6] ᾿Αγ. Νικοδήμος ἁγιορείτης, «Συμβουλευτικόν Ἐγχειρίδιον», ἐκδ. Σχοινᾶ Βόλος, 1969, стр. 154.

[7] Dionysius Areopagita, *De Coelesti Hierarchia*, 2.

степен – *̄просве̄тлување на умо̄т*. Обожените ја имаат непрестајната (благодатна) умно-срдечна молитва, но за оваа тема во следната беседа.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, и прими нè и помилуј нè!

# СВЕТИТЕ ОТЦИ ЗА ТРИТЕ СТЕПЕНИ НА МОЛИТВАТА

(прв дел)

Додека го пишував мојот докторски труд „Исихазмот во светогорското монаштво од 20 век“, читајќи, наидов на едно огромно богатство од светоотечки сведоштва за трите степени на молитвениот подвиг. Тоа ми беше потребно за историскиот дел од трудот, зашто делата на светогорските отци веќе ми беа познати. Многумина од нив и лично ги запознав, а со некои и сум разговарал, па дури и сè уште контактираме.

На ваше барање, ќе се обидам накратко да ја доловам самата суштина на начелното светоотечко црковно Предание за умно-срдечната молитва во редовите што понатаму ќе следат – па ако треба и поделено, во два-три дела по малку.

Ова, посебно што Преданието на православната теологија и молитва, запаметете добро, не се две одвоени области, туку само една, и тоа достапна за секој христијанин, без оглед на неговото културно или интелектуално ниво. Во Православното Предание нема место за елитизам и гностицизам – откриено е и достапно за секој што сака.

Прво, ќе ви претставам два цитата кои со различни зборови изразуваат еден и ист светоотечки опит на умно-срдечната молитва. Свети Василиј Велики (330 – 379) вели: „Умот што преку сетилата не се расејува по светот успева да се врати кон самиот себе... Умот што не се расејува кон надвор се враќа кон самиот себе, и преку себеси се искачува кон Бог, како по пат на кој не постои опасност од прелест“[1].

Исто, но со други зборови, вели и Светогорецот свети Григориј Палама (1296 – 1359): „Кога ќе го оддалечиш својот ум од секакво расудување, макар тоа било и добро, и кога целиот ќе го собереш во него самиот, достигнувајќи го тоа по пат на упорна сосредоточеност и непрестајна молитва, тогаш, на тој начин, и ти ќе влезеш во божествениот спокој и ќе се здобиеш со благословот на седмиот ден, престојувајќи во самосозерцание, и низ самосозерцанието вознесувајќи се кон богосозерцание“[2].

Според евангелското учење на Црквата, односно според православната црковна антропологија на Светите Отци, суштината на умот се наоѓа во срцето како духовен центар на човекот, а енергијата на умот преку нашите сетила се расејува по светот. Насочувањето на енергијата на умот кон светот се нарекува секундарна функција на умот, односно разум. Потребно е, значи, да ја активи-

---

[1] Migne, J. -P., Patrologia Graeca, T. 32, Βασίλειος ὁ Μέγας, ΚΕ.Π.Ε. (Centre for Patristic Publications), Ἀθήνα, 1999, стр. 228.

[2] Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 138–139.

раме примарната функција на умот, односно да ја пренасочиме единствената енергија на умот, од надвор, кон неговата суштина во срцето, а преку неговата суштина таа енергија да се насочи кон Бог – Кој е присутен во срцето преку благодатта на Крштението.

Со ова непрелестно кружно движење се остварува соединување и општење со несоздадената енергија Божја, а на тој начин и преобразување на севкупниот наш ум. Со преобразувањето на умот истовремено се преобразуваат и обожуваат и нашата душа и нашето тело, та на крајот, и со своите телесни очи да можеме да ја видиме и несоздадената енергија Божја како Божествена светлина и слава – во нас и во сè создадено околу нас.

Очигледно, учењето за умно-срдечната молитва не е просто еден дел од севкупното Свето Предание, тоа е самата срж на Светото Предание на Православната Црква.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, и прими нè и помилуј нè!

## СВЕТИТЕ ОТЦИ ЗА ТРИТЕ СТЕПЕНИ НА МОЛИТВАТА

(втор дел)

Пред да го изложиме учењето за трите степени на молитвата на светогорските отци од 20 век, да го чуеме прво свети Дијадох Фотикиски како подвигот на молитвата го базира врз живот на исполнување на заповедите Божји во Црквата: „Благодатта ја крие својата присутност во оној што е крстен, чекајќи душата да ја посака. Кога, пак, целиот човек наполно ќе се сврти кон Бог, тогаш во неискажливо доживување благодатта открива дека е присутна во срцето. (...) Ако човекот почне да напредува држејќи се до заповедите и неуморно повикувајќи го името на Господ Исус Христос, тогаш се разгорува огнот на божествената благодат...“[1]

Учењето за вежбањето во умната и умно-срдечната молитва на светогорските отци ќе ви го претставам преку една личност – светиот Старец Јосиф Исихаст (1898 – 1959), непосредниот возобновител на светогорското исихастичко монаштво во 20

---

[1] «Φιλοκαλία τῶν νηπτικῶν καὶ τῶν ασκητικῶν», τόμος 9, Διαδόχου Φωτικῆς, Πατερικαί ἐκδόσεις «Γρηγόριος ὁ Παλαμᾶς», Θεσσαλονίκη, 1986, *Κεφάλαια Γνωστικά*, *85*, стр. 247–249.

век, а посредно – преку некои од неговите ученици, и многу пошироко од границите на Света Гора.

„Практиката на Исусовата молитва е да се присилуваш себеси да ја кажуваш молитвата гласно и непрекинато. На почетокот настојувај брзо, за да не стигне умот до состојба и помисла што расејува. Восредоточи се само на зборовите 'Господи Исусе Христе, помилуј ме'. По извесно време се свикнува и умот, така што сам ја кажува молитвата [прв степен – умна молитва]. Кога умот ќе се навикне, кога ќе се насити и кога ќе ја научи, ја испраќа молитвата во срцето [втор степен – аскетска умно-срдечна молитва], бидејќи умот е хранител на душата и сѐ добро или лошо што ќе види или слушне го внесува во срцето, каде што се наоѓа центарот на духовните и телесните сили на човекот, каде што е престолот на умот."[2]

Еве уште еден цитат од него каде што, ако читате внимателно, јасно се распознава определувањето на трите степени од духовниот развој, соодветната благодат што им содејствува, како и различниот квалитет на молитва по кој се разграничуваат тие степени:

„Духовната состојба се разделува на три степени и соодветно на тоа дејствува и благодатта кај човекот. Првата состојба се нарекува очистителна, која го чисти човекот. Неа ти сега ја имаш и се нарекува благодат очистителна. Таа го води човекот кон покајание. Секоја усрдност, желба за ду-

---

[2] Старец Јосиф, *Исихастички сведоштва*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 31–32.

ховен живот се должи на таа благодат. (...) Оваа благодат, кога се подвизуваш, останува кај тебе неколку години. А ако човекот напредува преку умната молитва, добива друга благодат, многу поразлична“[3].

„Првата, како што веќе рековме, се нарекува чувство – енергија, и таа е очистителна, бидејќи оној што се моли чувствува Божествено движење – енергија, внатре во себе. А другата се нарекува просветлувачка. Со неа се добива светлина на познанието, се воздигнува човекот кон созерцание на Бог. Не светла, не фантазии, не слики, туку бистрина на умот, чистота на помислите, длабочина на значенијата. За да се појави оваа состојба, оној што се моли треба да има тишина, мир и непрелестен патеводител. И третата состојба, осенувањето на благодатта, следува по сè ова. Благодатта што восовршува е голем дар.“[4]

Разликата помеѓу вториот и третиот степен на молитва е во тоа што на вториот степен ние самите, со свој молитвен напор, треба да го задржиме умот во срцето и во Бог – аскетска умно-срдечна молитва, додека на третиот степен тоа го прави самата восовршувачка благодат Божја – непрестајна, т.е. благодатна умно-срдечна молитва.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, и прими нè и помилуј нè!

---

[3] Истото, стр. 36–37.
[4] Истото, стр. 37.

## ПРЕОБРАЖЕНИЕ, НАШЕ

Ако ни е допуштено да говориме само согласно словото на Евангелието, тогаш зборуваме единствено за Преображението на Богочовекот Христос и само тоа го „славиме“. Ако сме се оспособиле и ако ни е дадено да говориме согласно Духот на Евангелието, и ако сакаме да откриеме дека Преображението Господово има суштинска врска со нас, тогаш зборуваме за преображението на светите апостоли, и тоа заедно го славиме.

Оти, ништо не Му се додаде на Оној Кој имаше сѐ од самото воплотување, туку на оние (затоа и нам) што ништо немаа, а кои одеднаш ги видоа со своите преобразени телесни очи Богочовекот Христос – Каков што Е, Мојсеј и Илија – какви што се, како и горага Тавор и сѐ околу нив – какви што се, во несоздадената божествена Светлина.

Но, вистинските богопоклоници ќе се поклонуваат во Вистината, односно во Христос (во Црквата како Тело Христово, чија Глава е Он) и во Светиот Дух[1], постојано преобразувајќи се и духовно растејќи низ трите степени на духовниот развој, од очистување во просветлување и од просветлување

[1] Види: Јован 4, 23.

во боговподобување (обожение). Средина во духовниот живот нема – или одиме, односно се искачуваме (затоа и на Гората) по овој евангелски и светоотечки Христов пат, или паѓаме низ нивоата на противприродниот начин на живот: неврози (чувства и помисли без контрола), психопатија или социопатија (зборови и дела без контрола), и демонизираност.

Да се потсетиме уште еднаш: „Според православната црковна антропологија на Светите Отци, суштината на умот се наоѓа во срцето како духовен центар на човекот, а енергијата на умот преку сетилата се расејува по светот. Насочувањето на енергијата на умот кон светот се нарекува секундарна функција на умот, односно разум. Значи, потребно е да ја активираме примарната функција на умот, односно да ја пренасочиме единствената енергија на умот од надвор кон неговата суштина во срцето, а преку неговата суштина таа енергија да се насочи кон Бог“[2].

Со ваквото непрелестно кружно движење на нашиот ум се остварува соединување и општење со несоздадената енергија Божја, а на тој начин и преобразување на севкупниот ум. Со преобразувањето на умот истовремено се преобразуваат и обожуваат и нашата душа и нашето тело, та на крај, и со своите телесни очи да можеме да ја видиме и несоздадената енергија Божја како Божествена светлина и слава – во нас и во сè создадено околу нас. Ова е суштината и целта на покајанието, т.е. преумувањето.

---

[2] Види: „Светите Отци за трите степени на молитвата“, стр. 207–208.

Токму овој дар на севкупно преобразување го примиле, вонредно и привремено, Петар, Јован и Јаков на гората Тавор, и затоа ги изговориле оние чудесни зборови: *Господи, добро ни е да бидеме овде; ако сакаш да направиме тука три сеници: една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија* (Матеј 17, 4). Гледате? Не ни помислуваат да направат сеници и за нив самите. Тоа е вистинско присуство на благодатта Божја, кога ќе се заборавиш себеси заради Богочовекот Христос.

Благиот ден Преображение уште еднаш ни потврдува дека учењето за умно-срдечната молитва, очигледно, не е едноставно еден дел од севкупното Свето Предание, тоа е самата срж на Светото Предание на Православната Црква. Затоа, кога Светите Отци – исихасти имале можност да изградат црква, тие најчесто ја посветувале на Преображение и тоа било знак на нивното присуство на тој простор и во тоа време од историјата. Исто така, и постот до денес е за овој празник. Преображение и Успение се, всушност, двоеден празник и двоеден пост.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, и прими нè и преобрази нè!

## БОГОРОДИЦА

Она нѐ научи што е (Кој Е) смислата на нашиот живот. Она нѐ научи што е (Кој Е) вистинска вера. Она нѐ научи што е (Кој Е) апсолутно послушание. Она нѐ научи што е (Кој Е) одрекување од овој свет. Она нѐ научи што е (Кој Е) крајно туѓинување. Она нѐ научи што е (Кој Е) небесно смирение. Она нѐ научи што е (Кој Е) непрелестно кружно движење на умот во Бог, односно благодатна умно-срдечна молитва. Она нѐ научи што е (Кој Е) љубов. Она нѐ научи што е (Кој Е) совршена заедница со Бог.

Она е совршен сад на Божјото Предание. Она дозволи да се воплоти Единородниот Син Божји во Неа – од Светиот Дух. Она Го роди нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос. Она пострада неволно под Крстот, како никој од човечкиот род – кога било. Она, од сите нас, прва воскресна. Она е граница меѓу несоздаденото и создаденото. Преку Неа го добиваме секој дар Божји. Секој наш дар на Бог, Он преку Неа го добива. Она е Црквородица. Она е нашата Мајка, а ние сме Нејзини деца. Она е нашата Владичица Богородица и Секогашдева Марија.

Она не е божица, Она е нешто попрекрасно

и позначајно за нас. Она е Богородица, а јас, како да ти објаснам за Неа, драг читателе, кога тие зборови ги нема.

Подобро да го оставам свети Григориј Палама да ни говори за Неа и Нејзиниот молитвен подвиг: „Испитувајќи што му е најпотребно на молитвеникот за да беседи со Бог, по кој пат доаѓа молитвата, Богородица го пронаоѓа свештеното тихување... оддалеченост од светот, заборав на сè земно и стремење кон божествените откровенија, избор на 'подобриот дел'. Открива дека ако умот не се расејува кон земните работи, би можел да се оддаде на подобро и повозвишено дејствување, што значи да се сврти кон самиот себе: единственото дејствување преку кое тој би можел да се соедини со Бог"[1].

Пресветата Дева, престојувајќи во храмот, „со внимание и во непрестајна божествена молитва, целата Своја стана... и воспостави нов и неискажлив пат кон Небото, кој јас ќе го наречам 'молчание на умот'. И, предавајќи го Својот ум на ова молчание, ја наткрили сета твар, и подобро од Мојсеј ја виде славата Божја, и беше посветена во божествената благодат, која никако не е подложна на силата на чувствата, туку претставува прекрасно и свештено созерцание – својствено за непорочните души и умови.

Бидејќи причесна на ова (бого)созерцание, Пречистата – како што пеат црковните химни – стана светлоносен облак на навистина Живата вода,

[1] Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 437–438.

зора на таинствениот ден и огнена кочија на Логосот. (...) Токму затоа – не знаејќи за маж – Таа и ја стекна благодатта да Го роди Богочовекот Христос“[2].

Верувам дека сега во потполност го сфативте она што го реков во мојата прва беседа: учењето за умно-срдечната молитва не е едноставно еден дел од севкупното Свето Предание, тоа е самата срж на Светото Предание на Православната Црква.

Пресвета Богородице, спаси нè!

[2] Истото, стр. 441–443.

## „АКО НЕ САКАШ ДА СТРАДАШ, НЕ БАРАЈ НИ ДА СЕ ИСКАЧУВАШ...“[1]

Сите се сеќаваме дека на почетокот од подвижничкиот живот, односно на почетокот на првиот степен, наречен од Светите Отци – *очистување на срцето од страстите*, добиваме голема благодат од Бог, т.н. прва благодат. Првата благодат наликува на благодатта што се добива пред преминот на вториот степен, наречен *просветлување на умот*.

Како го знаеме тоа? Секогаш по квалитетот на молитвата. При доаѓањето на првата благодат молитвата наликува на онаа што се добива при крајот на првиот степен – пред таа да се спушти во срцето, како умот да ја има прифатено молитвата, така што многу лесно, радосно и нерасеано ја произнесува. Исто така, и кој било друг подвиг лесно го извршуваме.

Ако ја немаме доживеано оваа собрана умна молитва, треба да се преиспитаме дали воопшто сме влегле во првиот степен од духовниот развој.

На првиот степен, на демонот му е до-

---

[1] Види: Старец Јосиф, *Исихастички сведоштва*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 65.

пуштено да нè нападне само однатре – преку помисли и чувства. При преминот на вториот степен се случува истото, но многу поинтензивно. Помислите и чувствата при демонските искушенија се толку силни, а благодатта Божја толку скриена што човек може да го почувствува и пеколот во својата душа, како и да помисли дека полудел.

Слично се случува и на вториот степен од духовниот развој, кој Светите Отци на Црквата го нарекуваат *просветлување на умот* – кога срцето се отвора за умно-срдечната молитва. Тогаш умот има слободен пристап до срцето од кое се чувствува толку силен сигнал, кој како магнет го привлекува умот внатре во него.

Се случува нешто што јас би го нарекол прва благодат на вториот степен. Таа е слична на онаа благодат што се добива при преминот на третиот степен – *обожение*. Умот непрестајно сака да пребива со молитвата во срцето, без оглед на тоа што човек работи. Страстите мируваат, молитвата се произнесува без никаков напор, слично како при почетокот на дарот на непрестајната умно-срдечна молитва – опишан од Светите Отци.

Искушенијата на вториот степен се случуваат однадвор, најчесто преку луѓе што се под влијание на нивниот демон. На почетокот, човек треба реално да се соочи со искушенија предизвикани од луѓе, преку кои треба да се доочисти непреобразениот дел од страстите, а во врска со славољубието, сребрељубието и сластољубието.

При крајот на вториот степен, односно при преминот на третиот, Бог допушта врз подвиж-

никот искушенија што ги карактеризира отворено непријателство и чинење реално зло од страна на луѓето – слуги на демонот, а целта на демонот е да предизвика пад на подвижникот, предизвикувајќи и во него слични чувства. Ако на тие напади се одговори евангелски, со љубов, тогаш се случува премин на третиот степен – *обожение*.

Ако ни се случуваат искушенија, непријателства од страна на луѓе, а ние ги немаме останатите карактеристики од вториот степен – како на пример, барем аскетската умно-срдечна молитва, тогаш со сигурност треба да знаеме дека некаде многу сме згрешиле, а никако да мислиме за себе дека сме маченици, кои некој ги прогонува заради верата или заради единството на Црквата.

Да заокружиме: на почетокот од секој степен добиваме голема благодат, а потоа сме на испит дали сме чеда Божји или наемници; и на крај, ако сме чеда, се случува лично усвојување на благодатта и премин на погорниот степен. Има уште некои разлики и детали, со кои сега нема да ве заморувам, а поради кои ги користев зборовите „слично“, „слична“ и „наликува“.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, ослободи нè од секоја прелест и илузија!

## СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Во денешното евангелско четиво ни се открива кои се главните човекови страсти и какви се нивните основни меѓусебни влијанија во нас самите. Страста е болна – до развратна душевна сила, која преку покајание (преумување) треба да се преобрази во добродетел. Главна човекова страст е самољубието, која треба да ја преобразиме во Боголубие и човекољубие.

Во Ирод четворовласникот го препознаваме самољубието во сите три негови пројави или потстрасти: сластољубие (телесни задоволства), среброљубие и славољубие (човечка власт и слава). Кај свети Јован Лествичник читаме дека страстите понекогаш се противат една на друга, односно една страст во даден момент ја потиснува другата. Така, и кај царот Ирод гледаме дека овие три страсти во исто време немаат ист интензитет и сила, и гледаме како посилната страст ја потиснува послабата.

Имено, во моментот кога ќерката на Иродијада игра и со својот танц го задоволува неговото сластољубие, Ирод е подготвен да ѝ даде и половина од царството што му припаѓа. Значи, сластољубието во тој момент го потиснало среброљубието во него. Освен тоа, гледаме дека токму поради

своето сластољубие Ирод го држи во затвор свети Јован, зашто овој го прекорувал дека не смее да ја земе жената на брат му. И покрај сè, ниту сластољубието, ниту некакво среброљубие го принудиле да го убие свети Јован, туку само да го држи затворен, иако и понатаму го почитувал на некој свој начин и сакал да го слуша.

Но, откако царот Ирод ѝ вети на девојката и ѝ го даде својот збор дека ќе ѝ даде сè што ќе посака, дури и половина од своето царство, таа, поучена од мајка си, ја бара главата на свети Јован Крстител. Иако се сневесели поради тоа, сепак, гледаме дека неговото славољубие не му дозволува да го повлече зборот што го дал пред гостите. Очигледно, најмногу од сè Ирод држи до својот збор, до своето *јас*, до својата гордост и високото мислење за самиот себе. Значи, неговото славољубие и гордост го убиваат свети Јован Крстител, односно конечно го убиваат и покајанието во него самиот.

Слично на него, и ние со своето среброљубие и сластољубие му штетиме на покајанието, но на тој начин што го држиме затворено и загушено некаде во нас. Но, со нашиот славољубив и горд ум го убиваме покајанието, кое ни е дадено како најголем дар во Христос Богочовекот, во Црквата.

И да заклучиме – најсилната страст што го убива покајанието во нас е славољубието, гордоста на умот. Ние, пак, наместо да ја преобразиме таа страст во смирение, продолжуваме да ја негуваме. А како ја негуваме? Па, сакаме секаде да сме први, сакаме сите да нè фалат, да нè слават и да нè сакаат – исто како лажните пророци. Луѓето што нè

навредуваат и повредуваат, кои Бог ни ги праќа за да ни помогне да видиме која е најсилната страст од која треба да го очистиме нашето срце – луѓе кои се, всушност, дар Божји за нас – ги мразиме и им враќаме со зло за „зло“. Со тоа ги отфрламе дарот Божји и Божјата промисла за наше преобразување и спасение. Таквото наше однесување значи само хранење и развивање на страста славољубие, гордост, во нејзините демонски димензии.

Свети Јоване Крстител, моли Го Бог да ни дарува делотворно покајание!

## ОБЕДИНИ И СЛУЖИ
### Цело и дел

Знаеме дека основна тактика на ѓаволот и на сите демони е тактиката – злобно раздели, па владеј, или барем опстани – до наредната можност за нанесување зло, познатото: divide et impera[1]. Природно однесување на Богочовекот Исус Христос е – љубовно обедини и служи. Така се однесува Црквата и така се однесуваат Христовите ученици. Препознатливи примери, и меѓу нас, за првото има. Примери за второто – ретки. Ништо чудно – тесен е патот.

Како демонот ја постигнува својата разорувачка цел? Демонот го користи нашиот личен внатрешен расцеп, нашата нецеловитост, нашата неисцеленост, односно расцепот меѓу примарната функција на нашиот ум, односно непросветлениот ум, и неговата секундарна функција, односно прехранетиот разум, и преку овој внатрешен умен расцеп успева еден дел од целото да ни го прикаже како цело, а целото да направи да го превидиме. И, нормално, превидот е во согласност со нашите страсти.

Овој и ваков расцеп на двете функции на

[1] *Лат.* Раздели и владеј.

нашиот ум, во својата почетна фаза се нарекува прелест, односно лажна состојба на умот, а во својата завршна фаза – откако помислите што од него произлегуваат ќе ги прифатиме во срцето, се нарекува илузија. Тешко на човекот што живее во прелест или илузија, тој нема мир – само од своите помисли, лоши чувства и гревовни желби, и тежнеења, а камоли од остварениот на дело грев!

На пример, кога за еден човек донесуваме осудувачки заклучок, само врз основа на еден негов збор, или поглед, или најмал гест, или дело, или наше внатрешно непријатно чувство кон него, тогаш демонот успеал од еден негов неконстантен или имагинарен дел да произведе во нас константен целовит заклучок, суд, односно слика, што е секако прелест или илузија за конкретниот човек. Најчесто оваа илузија е проекција – сè што некој самиот го прави, обвинува друг дека го прави истото. Оваа прелест или илузија потоа го одредува целиот наш душевен пад и конечно го попречува нашиот премин од противприроден (религиозна невроза, растројство) во природен начин на живот. И, секако, ја разбива црковната заедница.

Исто е и со Светото Предание. Се иззема дел од целината на Преданието и од него се прави цело, т.е. теоретска или ерес во пракса; па макар тој дел, изваден од целиот контекст, да се нарекува типик, или правило, или соборност, или Евхаристија, или аскеза, или Спасител, или што било друго најсвето. Цело е Црквата, како Богочовечки организам, како Тело Христово – чија Глава е Господ Исус Христос, ама онаква како што се живее и

спознава преку исцелениот, т.е. просветлен ум, а не преку прехранетиот – со теоретски знаења, разум.

Истата тактика демонот ја користи во која било област од нашиот живот, посебно откако претходно ја одделил истата од целото – Црквата: економската, здравствената, спортската, општествено-политичката, образовната, културната, научната итн. На пример, од целината на која било област го издвојува само делот профит и преку него нè принудува сите да ја живееме целата област. На тој начин која било од овие области почнува да функционира на наша штета. Да не наведувам конкретни примери, доволно сме паметни.

Уште еден актуелен и очебиен пример е дејствувањето на политичките партии. Самото име *партија* произлегува од латинскиот збор *pars, partis*, што значи дел, а не цело. Секоја партија тежнее да стане цело. Останатите партии се борат против таквата тенденција и на крајот сите како цело се губитници. Треба пример? А некои од нас, како Христијани, уште и острастено учествуваат во сето тоа, наместо да го вршат делото на Црквата – да ги исцелуваат поделбите.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, исцели нè, обедини нè и спаси нè!

## ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦЕ, СПАСИ НÈ!

Севкупниот Домострој на нашето спасение е дело на нашиот Бог – Света Троица, од Отецот, низ Синот, во Светиот Дух. Овој Домострој е Христоцентричен (исто како и нашиот живот во Црквата) поради воплотувањето на Синот Божји од Дева Марија и Светиот Дух, Кој стана и Човек – Богочовек, како и поради сето она што Он го направи за нас и нашето спасение. При сето ова, најбитно за нас е дека човечката природа, воипостазирана (прифатена) и обожена во Синот Божји – Исус Христос, не е потисната од Неговата Божествена природа, туку напротив, Бог преку обожението го гарантира нејзиното сопствено човечко совршенство и полнота, како и нејзината едносушност со севкупниот човечки род.

Обожението на човековата природа во Синот Божји – Богочовекот Исус Христос, е основа на обожението на секој човек кој тоа го сака, во Црквата како Тело Негово – со учество во нејзините Свети Тајни и Добродетели. Треба да го знаеме и тоа: иако велиме дека, во процесот на обожението, нашата и Божјата природа заемно се проникнуваат, ние сепак, знаеме дека проникнувањето бива од

страна на Бог, Кој со Своите несоздадени енергии ја проникнува и обожува човечката природа. Затоа Бог е единствениот наш Спасител и никој друг. Човек не може да спаси човек.

Но, битен е и начинот на нашето спасение. Нас не би нѐ спасил Богочовекот Исус Христос доколку по целиот Домострој на нашето спасение само се вознел на небесата и седнал оддесно на Отецот, во тело, туку Он нѐ спасува, како што веќе спомнавме, во Црквата како Тајна на Неговото Тело, чија Глава е Он, а ние – органски делови на тоа Тело кои ја содржат целината. Сето тоа, пак, ни го овозможува своеволното симнување на Светиот Дух Господ врз Неговите ученици – посебно врз Апостолите, кои први го сочинуваат тоа Тело. Ова е јасно.

Секогаш треба да се внимава на сотириолошките (спасителните) последици на она што се тврди во теологијата. На пример, дали погоререченото го нарушува основниот православен принцип на Божјата и човечката слободна синергија во Црквата? Односно, дали ја нарушува нашата Боголикост, нашата слобода? Одговорот е – не! Точно е дека Бог сѐ направи – за нас и наше спасение, но ништо од тоа што го направи не ќе беше возможно без Нејзиното „да“, без Нејзината согласност. Ова тврдење го отвора прашањето и за местото и улогата на Пресвета Богородица во процесот на нашето спасение. Секако, нашето спасение не е можно и без нашата лична и слободна согласност, колку и да сакаат Бог и Богородица да нѐ спасат, но тоа е друга тема.

Секогашдева Марија зачнала Ипостас (Личност) – на Синот Божји, сочинета од две природи, Божја и човечка. Пресвета Богородица и Секогашдева Марија раѓа токму таква Ипостас, во нејзината нова состојба на сложеност. Богочовекот Исус Христос е единствен субјект на раѓањето – се раѓа Некој, а не нешто. Не постојат два сина, туку само две раѓања на истиот Син. Едното – предвечно и бестелесно од Отецот, како начин на постоење; другото – од Пресвета Богородица, во тело и во време. Оттука произлегува и вистинитоста и значењето на името Богородица. Ова име ја содржи целата тајна на Домостројот на нашето спасение – ако мајката, од човечки род, е Богородица, тоа е затоа што Нејзиниот Син е сигурно Бог и сигурно Човек. Одбивањето да Ја наречеме Секогашдева Марија – Мајка Божја, и одбивањето да Ја почитуваме правилно, значи отфрлање на тајната на воплотувањето – и на сите последици од него. Меѓу кои и нашето спасение.

Од погоренапишаното гледаме дека местото и улогата на Пресвета Богородица во Тајната на нашето спасение е толку битна што кога би се обиделе мисловно да Ја изоставиме Богородица од Црквата, како Богочовечки организам во кој се спасуваме, ќе видиме дека ништо нема да остане од него и од нашето спасение. Истово не важи за кој било друг човек или ангел, не важи за никој создаден.

Какво тоа место и улога, преку својот слободен и љубовен подвиг, си обезбеди Пресвета Богородица во Божјиот Домострој на нашето спасение?

Прво, Таа стана нашиот единствен совршен дар на Бог; второ, нашата слободна и љубовна синергија со Бог совршено се оствари во Неа; трето, со Нејзиното „да“ на Бог го овозможи и нашето спасение; четврто, Светиот Дух Господ само поради Неа се симна меѓу нас; петто, Нејзината позиција како Богородица е таква што само преку Неа го добивме на дар нашиот Спасител – Богочовекот Исус Христос, како и секој совршен дар Божји потребен за наше спасение, но и секој наш дар за Бог, Он само преку Неа го прима; шесто, ние сме Нејзино тело и крв, односно Христови браќа по благодат, и Нејзини и деца Божји; и седмо, Она е Негова Мајка, Која Он заповедал да се почитува, а најголем израз на тоа почитување е Неговата љубов кон Неа, односно Неговото послушание кон Неа итн. Затоа и веруваме дека ако и најголемиот грешник (Нејзино дете) искрено Ѝ побара да го спаси, ќе биде спасен поради Нејзиното барање пред Христос Бог.

Оваа наша доверба кон Богородица, како што видовме и како што знаеме, е поткрепена од севкупното Предание на Црквата, покрај догматското, и од житијата на светиите (колку само примери во нив може да најдеме), делата на Светите Отци, животниот опит, како и од богослужбената пракса на Црквата насекаде во светот, на Света Гора и кај нас[1].

[1] Види: *Животот и чудата на Пресвета Богородица* (превод: преп. Гаврил Светогорец, епископ Велички), Охрид, 2006; Преподобни отац Јустин, *Догматика Православне Цркве II*, Задужбина „Свети Јован Златоуст" Аве Јустина Ћелијског и манастир Ћелије код Ваљева, Београд, 2004, стр. 263–293; Епископ Николај, *Охридски пролог*, Охрид, 2009; Saint Gregory Palamas, *The Homilies*,

Вообичаено кон Бог се обраќаме со зборовите – „помилуј ме“, како единствен нормален однос меѓу создадените и Несоздадениот; и илјадници маки да претрпиме, во Негова слава, не нè прават достојни за спасение – само Неговата милост нè спасува. Вообичаено кон светителите Божји се обраќаме со молитвата – „моли Го Бог за нас!“ Само кон Богородица, во свеста и совеста на Црквата, а поради Нејзиното посебно место како Мајка Божја, вообичаено и благочестиво останало да Ѝ се обраќаме со зборовите – „спаси нè!“ Кога и каде се обраќаме, веќе не е битно.

Ова е пример за целовито гледање на Светото Предание, а не парцијално – за што говоревме во минатата беседа. Ова е дело на Духот што оживува, а не на словото што убива. Нема благочестива негациска споредба меѓу двајца кои еден без друг не би биле тоа што се – помеѓу Богочовекот Христос и Неговата Мајка, Богородица. Битно е Кој нè спасува, но битен е и начинот на нашето спасение. Христос е Љубов, но и Пат.

Пресвета Богородице, откако веќе единствената Ти овозможи спасението да е достапно за сите нас, сега и спаси нè – без Тебе изгубените! И прости...

---

Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 289–297; 333–338; *Monastic Wisdom: The Letters of Elder Joseph the Hesychast*, St. Anthony Greek Orthodox Monastery, Florence, Arizona, 1998, стр. 315–317; *Избор на месечни и празнични богослужби* (I, II), Скопје, 2008; *Мал православен молитвеник*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2008, стр. 69–95.

## НАПРАЗНО ПОТРОШЕНО ВРЕМЕ

Едно од најчестите самооправдувања за стагнирањето во духовниот развој, кое го користат христијаните што живеат во светот е: многуте световни обврски поради кои немаат време да се посветат на духовниот живот, дополнето со објаснувањето дека, сепак, тие не се монаси, туку луѓе со семејства и разни одговорности. Колку е сето ова точно?

Најпрво да се потсетиме дека нашиот ум има една енергија, а две функции. Кога молитвено ја насочуваме неговата енергија кон Бог, тоа дејство го нарекуваме примарна функција на умот; а кога неговата енергија работно ја насочуваме кон овој свет, тоа дејство го нарекуваме секундарна функција на умот, односно разум. Што е наша задача?

Наша задача е преку молитвата да ја активираме примарната функција на умот, да оствариме лична заедница со Бог и Неговата несоздадена енергија, и во тоа општење што повеќе да се преобрази нашата создадена енергија. Со други зборови, на тој начин да ги чистиме постепено енергијата и суштината на нашиот ум – да го чистиме срцето од влијанието на страстите, да се стремиме кон откривање на *местото на срцето* и кон премин на

вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*. Истата задача можеме да ја оствариме и преку секундарната функција на умот, доколку во целосрдечно послушание ги извршуваме заповедите Божји и своите работни обврски – со вера и свест дека тоа го правиме во слава Божја и за добро на нашите ближни.

Значи, доколку се потрудиме нашите дневни обврски да ги извршуваме во Духот на заповедите Божји и во слава Божја – односно како свештена богослужба, тогаш целото време, како и умната и телесната енергија потрошени на нив ќе вродат со наше духовно растење. Следствено, ќе ја задржиме духовната свежина и копнежот слободното време што во текот на денот ни останува посебно да го посветиме во остварување на примарната функција на умот, т.е. молитвата. Ова е содржината и на подвигот на општожителните монаси.

Што правиме ние? Најчесто, не се трудиме доволно да ги извршуваме нашите дневни обврски во послушание, свесно и согласно Божјите заповеди – во слава Негова и за добро на ближните, и затоа само се трошиме и заморуваме, а преостанатото време од денот, од очај и зависност, го поминуваме, на пример, пред разните екрани, како и во други начини на бегство од реалноста. Затоа, не е точно дека немаме доволно време. Заклучокот е дека имаме премногу напразно потрошено време, како и дека не знаеме како правилно да го поминеме времето.

Треба да сфатиме дека Бог од нас, на почетокот, очекува да Му го посветиме во молитва, колку

што можеме повеќе, само слободното време, и дека само за ова време ќе ни бара одговор. Ако сме доволно искрени самите со себе, ќе видиме дека нашето слободно време може да се мери со неколку часови – само во текот на вечерта. Во слободното време можеме и да прочитаме нешто од Новиот Завет, од Житијата на светиите или друга духовна книга и да се поучиме во православната вера. Доколку, пак, се потрудиме, во послушание, сето дадено време од Бог, колку што можеме повеќе, да го искористиме во исполнување на Неговата волја и во молитва, во тој случај, јас веќе не би гледал никаква разлика меѓу монасите и христијаните во брак.

Посакуваната цел на овој наш подвиг, во Црквата, е да ја надминеме внатрешната поделба меѓу примарната и секундарната функција на умот, така што тие да функционираат како една. Потврда за надминувањето е Божјиот дар на умно-срдечната молитва. Со надминувањето на поделбата на спомнатите две функции на нашиот ум почнува и процесот на неговото суштинско просветлување. Тогаш сè што правиме станува молитва. И дури тогаш на човекот му се отвораат духовните очи сето создание Божјо да го види не поделено и спротивставено како што изгледа, туку како едно цело, а во секој негов посебен дел да го види и целото – во заемно проникнување, остварено од Божествената несоздадена енергија (благодат) на Светиот Дух. И дури тогаш човек добива Благодат – природно да ги љуби сите и сè.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

## ГО СВЕДОЧИМЕ ЛИ КРСТОТ ХРИСТОВ ИЛИ САМО СВОЈОТ КРСТ?

Сите имаме свој крст, но прашањето е: дали нашето страдање Бог го прима како учество во Крстот Христов или тоа е само обично, очајно и бесмислено човечко страдање? Односно, дали нашето страдање е сведоштво на Крстот Христов во овој свет или тоа страдање е празно самопромовирање и суета? И, дали од тоа страдање ја црпиме несоздадената енергија на Преобразувањето и Воскресението, или само предвкусот на смртта? Вистинско почитување и поклонување на Крстот значи вистинско сведоштво на Крстот Христов.

Што навистина значи вистинско сведоштво на Крстот Христов? Да се потсетиме според тежиштето на подвигот.

На првиот степен од духовниот развој во Црквата – *очистување на срцето од страстите*, вистинско сведоштво на Крстот Христов е ставањето на умот во процес на исцеление преку послушание кон духовен отец. Без ставање на словесната сила на душата во процес на исцеление, невозможно е очистување на срцето од страстите. Од умот почнал падот, од него почнува и исцелението. На овој степен, демонот има Божјо допуштение да

напаѓа само однатре, преку страстите на кои човек е подложен или од кои е заробен, а никако преку луѓе. Подвижникот има сила да го носи само својот Крст, но не и крстот на ближните. Но, затоа има и доволно благодат да не им причинува страдања на ближните.

На степенот на просветлување на суштината на умот, потврден од умно-срдечната молитва, вистинско сведоштво на Крстот Христов е подвигот на љубов кон сите луѓе – и кон непријателите, како и задржувањето на умот, колку што е можно повеќе, во аскетски молитвен подвиг за спасение на светот, внатре во местото на срцето – таму каде што благодатта на Крштението се открива. Демонот е оневозможен да напаѓа однатре преку страстите и затоа тој напаѓа однадвор, преку луѓето под негово влијание, со цел да го спречи овој внатрешен подвиг.

Оној што е на овој степен веќе може да го носи крстот и на ближните, односно крстот на ближните и неговиот се слеваат во еден и ист Крст. Со други зборови, неговиот Крст се поистоветува со крстот на сите оние за кои се моли – нудејќи ги пред Бог дури и своето здравје и својот живот заради нивно исцеление и спасение, како и со крстот на оние што неправедно го повредуваат и мразат. Таквиот, и покрај сѐ, никому не завидува, никого не повредува, не озборува, не осудува, не може да мрази...

Зошто неговиот Крст се поистоветува и со крстот на неговите непријатели? Токму затоа што на злото од непријателот одговара со Христовата

љубов. Љубов што на непријателот му овозможува време и услови за покајание. Љубов што внимава да отстрани од своето срце секаква суптилна демонска желба духовниот закон да подејствува – та на оној што му направил зло да му се случи некое зло. Љубов што ја чува благодатта Божја во своето срце. Љубов што прави многу крстови да се поистоветуваат, но долго време да ги носи само тој што ја има. Таквиот нечујно го носи Крстот скриен во своето срце и таинствено ги привлекува и штити сите за коишто се моли.

Оној што е на степенот на обожение во потполност го сведочи Христовиот Крст. Што тоа поточно значи, ќе видат оддалеку оние што ќе дојдат до просветлување на умот.

Само преку сведоштво на Крстот Христов, т.е. преку сведоштво на Богочовекот Христос, дејствува Тајната на спасението во овој свет. Ние, христијаните, единствено со своето сведоштво на Крстот Христов им овозможуваме на луѓето од светот да се покајат и да посакаат да се спасат – без коешто ни Бог не би можел да ги спаси. Ние, како Црква, но и секој од нас поединечно, сме Христос продолжен низ сите векови[1].

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

---

[1] Види: Архим. Др Јустин Поповић, *Светосавље као философија живота*, Манастир Ћелије, Ваљево, 1993, стр. 80.

# ДВОЕДНА ЗАПОВЕД

Во денешното евангелско четиво[1] постојат два навидум посебни дела. Првиот дел е оној во кој Христос говори за двете најголеми заповеди: првата – *возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум*; и втората – *возљуби го својот ближен како себеси*. Овие две заповеди ја даваат аскетско-исихастичката основа на која се крепи целокупниот православен духовен живот во Христос. Еве и зошто:

Најбитно е енергијата на нашиот ум да ја насочиме кон Едниот Вистински Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух. Ако не ја насочиме кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на намерата, ја насочуваме кон демоните или кон останатата словесна и бесловесна твар. Така, секој нека се преиспита и нека си одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на енергијата на својот ум – со создадената словесна и бесловесна твар, или со несоздадената енергија Божја. Последиците се апсолутно различни. Со претходно опишаното дејство може да се исполни првата Божја заповед: *Возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета*

[1] Види: Матеј 22, 35–46.

*своја душа, и со сиот свој разум.*

Ништо помалку битно е истата енергија и при секундарната функција на умот – како разум, да биде правилно насочена. Сите сме поставени пред следниот избор: дали ќе ја насочиме кон исполнување на Божјите заповеди или ќе ја насочиме кон задоволување на нашите страсти. Навидум едноставен е и вториов избор, но во суштина зависен е од првиот. Со претходно опишаното дејство може да се исполни втората Божја заповед: *Возљуби го својот ближен како себеси.*

Битно е да запаметиме дека: колку повеќе преку исполнување на заповедите Го познаваме Бог, толку попрецизно и посилно ја насочуваме енергијата на нашиот ум кон Него. И обратно. Едната без другата заповед е невозможно да се исполнат.

А што се однесува до вториот дел, во него Христос ги запрашува фарисеите како може ако Христос е Син Давидов, како што и тие самите тврдат, Давид да Го нарекува Господ? Со ова Самиот Христос им укажува дека Синот Божји е и Син Човечки, односно дека се воплотил и станал Богочовек, и дека како Таков ги исполнил и двете заповеди, па од тој момент тие две најголеми заповеди веќе не се слични, туку се еден и ист подвиг. Освен тоа што ги исполнил овие заповеди, Он уште и рекол: *Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 40), со што уште еднаш покажува и потврдува дека – да се љуби ближниот како себеси е исто што и да се љуби Бог со сето срце, душа и разум.

Заповедта за љубов кон ближните не ги исклучува ни непријателите; напротив, љубовта кон непријателите е единствената прецизна мерка и критериум за љубовта кон Бог и кон секој човек[2]. Со други зборови, колку го љубиме оној што ни прави зло, толку ги љубиме и Бог и својот ближен – ни помалку, ни повеќе. Да не се лажеме себеси... Оној што ја има љубовта како дар на благодатта на Светиот Дух не може истовремено и да мрази. Нема тука место за обичните човечки чувства, каде што некого љубиме, а некого мразиме. Затоа и ви велам, целта на демонот е во ближниот да гледаме непријател, да вратиме на злото со зло и да останеме без благодатта на Светиот Дух; а притоа, уште да мислиме и дека сме побожни и дека на Бог Му принесуваме жртва.

Господи Исусе Христе, преку Богородица и свети Климент, помилуј нѐ!

---

[2] Види: Матеј 5, 44.

# НЕБЛАГОДАРНОСТ

*Зашто секому што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној што нема, ќе се одземе и она што го има* (Матеј 25, 29). Ајде да ја разгледаме, посебно, темата за видот и карактерот на луѓето што „немаат". Еве што мислам дека ни кажува Господ за таквите луѓе – посебно во Црквата и општо. Чујте го описот на тажната реалност од која сите страдаме.

Страстите, посебно за човечка слава, власт и пари, се тие што прават човекот, нивниот заробеник, сето она што го „има" да го користи само за свои потреби, а воопшто да не мисли и да не им помага на оние што немаат и што страдаат, и кои прават сѐ што ужива и поседува да му изгледа малку. Оној што „нема" е, всушност, оној што не Му благодари на Бог за сѐ; оној што нема заедница со Него – иако тврди или изгледа дека верува во Него.

Таква е болната природа на страстите што произлегуваат од самољубието: тие постојано бараат ново и поголемо задоволување, а по секое задоволување оставаат уште поголема потреба и уште поголема празнина во душата и разумот на човекот што ги задоволува. Затоа самољубивиот и покрај амбициозноста и алчноста – никогаш нема да има,

а секогаш ќе им завидува на тие што се во Бог и што затоа имаат во Бог, на Бог-атите.

Страстите, кога не се преобразуваат, може само да се потиснуваат една со друга – во зависност од ситуацијата. На пример, понекогаш стравот од човечките закони и судови на тој што „нема“ му ги потиснува амбициозноста и алчноста, а понекогаш – кога не се плаши и мисли дека е сигурен, алчноста и амбициозноста ги остварува на дело. Токму тогаш и остава најмногу гревовни траги што не остануваат незабележани.

Целиот живот на самољубивиот човек се претвора, од една страна, во параноја (сомнеж и страв) – дека некој ќе му ја одземе човечката власт и слава, и стекнатиот имот (ама не сфаќа дека Бог е тој што допушта да му се одземат), а од друга страна, ја користи секоја можност и начин да приграби уште поголема човечка власт и слава, како и поголема имотна сигурност – без оглед дали и колку луѓе ќе страдаат поради тоа. Бесчувствителноста е главен показател за растројството на неговата личност.

Проекцијата, односно препознавањето и припишувањето на своите страсти во другиот, е карактеристика на неговиот однос кон луѓето и затоа не е способен да создаде личносен однос со ближниот свој, туку само однос заснован на интерес – што трае сè додека трае и самиот интерес. Нема способност да препознае дека другиот му помагал без интерес, ниту има чувство на благодарност поради тоа. Затоа и не гради вистинско пријателство со никој.

Чудна е леснотијата со која самољубивиот ги изневерува своите „пријатели“ – кога нема веќе да му бидат потребни, кога ќе западнат во неволји што и самиот него го оптоваруваат или кога ќе го надвладее сомнежот кон нив, како и леснотијата со која тој ги уништува своите „непријатели“ – кога ќе стекне над нив реална власт и можност за тоа. Таквото однесување го изместува од центарот на одлучувањето, го маргинализира или го отфрла од заедницата.

Во својата параноја и сомничавост да не изгуби нешто, таквиот не верува никому – ни на оние што во животот му помогнале, а со својата преголема амбициозност за власт го плаши и го дистанцира од себе секој нормален човек. Никој не се потпира на човек што не верува во него и што му врши притисок кон грев. И, вообичаено, на крај нема кој да го спаси од неволјата што со неговиот начин на живот секако го снаоѓа.

Оние што сè уште веруваат дека доброто ќе преовладее во него изнаоѓаат најразлични начини благо да му ја пренесат пораката која е, нормално, спротивна на неговите големи идеи и потреби за самиот себе, како и на неговите планови. Затоа често биваат отфрлени, па дури и сметани за непријатели. Самољубивиот човек толку се поистоветува со своите желби и замисли што ако му ги одбиеш, смета дека него го одбиваш и го мразиш.

Но, и добронамерните не се веќе тоа ако јасно и за последен пат не му укажат каде и како греши, кога веќе ги поминува границите на нормалното – особено ако е на голема штета на целата

Црква. Исто така, не се добронамерни ако не ја оставаат својата рака испружена и отворена за помош на таквиот, ако се покае.

Така, Господ секому му остава знаци и време за покајание (преумување), и потоа одеднаш сè се губи, а на крајот и самото време дарувано за покајание. Господи, помилуј...!

## ПОЈАСНУВАЊЕ НА ПОСЛУШАНИЕТО ВО ЦРКВАТА

Светото Предание што ни го предадоа Светите Отци на Црквата е идеалот кон кој треба да се стремиме. Не е возможен обидот тој идеал да го релативизираме и да го прилагодиме кон нашите слабости и страсти без притоа да не претрпиме негативни последици по нашиот духовен развој или негово потполно оневозможување.

Еден од идеалите на Преданието е подвигот на послушанието во Црквата. Без овој подвиг нема премин од противприроден во природен начин на живот. Ќе се обидам да ви расветлам неколку недоумици во врска со овој идеал, кои се производ на нашиот внатрешен дуализам, на непремостената разлика меѓу примарната и секундарната функција на умот, на нашата непросветленост, како и на нашиот конформизам и компромисот со овој свет.

Прва и најчеста недоумица е: треба ли послушанието да е слепо и апсолутно, или треба да е свесно и со расудување? Наједноставно кажано, во послушание се влегува со почетна свесност и расудување, а самото послушание се извршува слепо и апсолутно – според силите, смирено. Свесноста и расудувањето ни се потребни и потоа, но само за

самопроверка – дали послушанието го извршуваме правилно и дали ни е во согласност со Божјите заповеди и со православната вера. И во овој подвиг се расте постепено – колку повеќе ќе ни се преобрази умот, толку повеќе ќе имаме свесност и расудување за исправноста на нашето послушание. За да го опфатам сето погоре наведено, последните години го користам терминот *целосрдечно послушание.*

Логиката на послушанието е токму во тоа – да се откажеме од нашата падната логика, т.е. расудување согласно нашите страсти. Вистинското расудување е голем духовен дар; ако го имавме, што ќе ни е послушание? Постои една демонска замка, во Црквата да влеземе такви какви што сме – без преумување (покајание), односно без послушание; затоа и се случува од обична да преминеме само во религиозна невроза, а не во природен начин на живот. Со подвигот на послушанието се добива време и сила да се активира примарната функција на умот, додека секундарната функција на умот во потполност се активира во извршувањето на Божјата волја, во Божја слава – токму во ова се состои преминот од противприроден во природен начин на живот.

Втора недоумица е: дали има разлика меѓу монашкото и послушанието на обичните верници? Ако ни се јасни суштината и целта на подвигот послушание, и оваа недоумица ќе отпадне. Суштината, како што знаеме, е ставањето на умот во процес на исцеление. Видливо се преобразува, односно енергијата на умот се чисти од влијанието на страстите, а истовремено и тајно и неговата суштина во ср-

цето. Подвигот на послушанието кон духовниот отец трае сè до отворањето на срцето за соединување на енергијата на умот со својата суштина, односно до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва – тоа е целта. Потоа се случува нов квалитет на однос помеѓу духовното чедо и духовниот отец, кој нема ништо заедничко со претходниот однос на послушание. Духовното чедо не смее да се насочува кон конечен однос на потчинетост, туку перспективата на духовното растење и новиот квалитет на односи мора веднаш да му биде откриена, за да води подвиг во познание и да знае кон што да се стреми.

Уште збор-два за целта. Со дарот на умно-срдечната молитва започнува и процесот на поинтензивно преобразување и на суштината и на енергијата на умот, кој Светите Отци го нарекле и просветлување – што е единствена основа за непрелестно расудување. Дарот на умно-срдечната молитва значи и надминување на дуализмот, односно премостување на примарната и секундарната функција на умот, така што сè што правиме станува молитва, а секоја молитва станува дело – веднаш или во време кога Божјата Промисла ќе одреди. Дарот на умно-срдечната молитва значи и исцеление на умот. Значи, ако суштината и целта на подвигот се исти и за едните и за другите, тогаш јас не гледам во што би била разликата меѓу монашкото и послушанието на оние што живеат во светот.

Трета недоумица е како да пронајдеме духовен отец? Од една страна, гледаме дека Богочовекот Христос непослушанието кон свештенството го изедначува со одрекување од Него и Неговиот

Отец. Од друга страна, неподготвеноста на голем дел од свештенството за опитно духовно раководство како да ни дава основа за самооправдување – да не ја послушаме оваа заповед. Исто така, ваквата состојба, во содејство со нашата болна состојба, нѐ наведува на уште една збунетост: хиерархиски и административно да мораме надворешно да го слушаме свештенството, а внатрешно постојано да го осудуваме.

Накратко ќе ви објаснам за што се работи: Бог ниту постави вечни и свети луѓе (апостоли, епископи, старци и духовници), ниту секогаш и секаде можеме да ги најдеме таквите (напротив – ретки се), кои духовно ќе нѐ раководат овде – во овој свет и век, туку Бог, преку Својот Единороден Син, Богочовекот Исус Христос, во Светиот Дух, ни даде сила и ни остави и постави вечни критериуми според кои самите ќе можеме да се раководиме. Еден од тие основни критериуми е и послушанието кон духовниот отец на почетокот од православниот духовен живот сѐ до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва.

Што конкретно значи ова? Прво, значи дека подвигот на послушание не смее да се прескокне, освен во случај на маченичко страдање. И второ, значи дека нашиот подвиг да стапиме во единство и личносна заедница со Бог е личен и независен од кој било човек, освен од самите нас. Односно, ако духовниот отец е свет, тоа е многу добро, но ако не можеме да најдеме таков, тогаш ќе го одбереме оној на кој сме насочени од самата Божја

Промисла (на пример, тоа може да биде и парохискиот свештеник). Согласно Светите Отци, ако правилно го извршуваме подвигот на послушанието, дури и погрешните поуки на духовниот отец Бог ќе ги претвори во наша полза и нема никогаш да нè изневери. Тешко нам ако Преданието на духовниот живот во Православната Црква зависеше само од светоста на свештенството – Апокалипсата ќе беше одамна завршена. Послушанието не подразбира чинење грев и прифаќање ерес.

Очигледно, на овој начин Бог апсолутно ја сочувува нашата лична слобода, односно Неговиот лик во нас, а со тоа апсолутно ја сочувува и неусловеноста на нашата љубов и личен однос со Него. Така, целата одговорност за нашиот љубовен однос кон Него Бог ни ја препушта нам, со што не ни остава ни најмал простор за самооправдување.

Четврта недоумица е што е тоа болно, а што здраво поврзување со духовниот отец? Прво, и пред сè, вистинскиот духовен отец инсистира да не се врзуваме за ништо друго, дури ни за самиот него, освен за неговиот збор и за Христос. Ние сме само Христови и само заради Христос слободно сме прифатиле подвиг на привремено послушание, сè до нашето исцеление, и само за Него се приврзуваме. Нашата острастеност постојано ќе нè влече душевно да се приврзуваме кон духовниот отец, а таквото поврзување е многу очигледно, иако донекаде и неизбежно. Значи, не смееме да се врзуваме душевно (телесно) за духовниот отец, туку само за неговото слово. Разликата меѓу овие две врзувања е како

разликата помеѓу прелеста и вистината. Вистински духовен однос со духовниот отец се остварува дури на крајот од подвигот послушание, со просветлувањето, не пред тоа.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, дарувај ни вистинско послушание и помилуј нè!

## ЛОВЦИ НА ЛУЃЕ

Зошто во денешното евангелско четиво[1] Богочовекот вели дека Своите ученици ќе ги направи „ловци на луѓе“, а не, на пример, нивни учители, водачи или нешто слично? Ајде да видиме зошто.

Да почнеме најпрвин од самите себе, како што е духовниот ред, и да се запрашаме: дали сме носители на дарот на умно-срдечната молитва, односно дали нашиот ум може молитвено да престојува во нашето срце и дали таму се просветлува? Очигледно, не. Што е причината? Причината е заробеноста на нашето срце од бесловесните страсти. И знаеме убаво дека, пред сè, тоа е бесловесната страст на славољубието, на високото мислење за самите себе, односно фактот дека нашиот острастен разум (без оглед на нивото на нашата интелигенција) го поставуваме за врвен критериум на сè она што го перципираме околу нас и врз основа на него донесуваме заклучоци.

Посебно проблемот се состои во тоа што ако стварноста е сосем поинаква од тоа што ние си мислиме, не се ни запрашуваме за негативните последици од погрешните заклучоци по нашиот ду-

[1] Види: Лука 5, 1–11.

ховен развој. Во најдобар случај, еден ден ќе ги освестиме тие последици како затвореност на срцето за молитва на умот внатре во него. Лекот го знаеме, а не го користиме. Тоа е восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, односно тоа е целосрдечното послушание.

Сега, ако ние кои сме свесни дека сме заробени од бесловесната страст на високоумието и се бориме против неа, а сè уште не можеме да се ослободиме, тогаш што ли се случува со оние кои ниту се свесни дека се заробени од бесловесните страсти, ниту се свесни дека се водени преку нив во пропаст? Посебно, пак, кога знаеме дека водач на секоја бесловесна страст е злословесниот демон. Затоа и гледаме дека како што бесловесното животно бега од ловецот така и луѓето, заведени од бесловесните страсти, демонот ги води далеку од Црквата и од духовните отци. И затоа, како што обичниот ловец треба да биде искусен за да го фати својот плен така и ловецот на луѓе, односно духовниот отец треба да биде опитен за да ги приведе луѓето кон спасение. Духовниот отец е, всушност, сведок Христов, а истерувач на демони, и затоа ловец на луѓе – заробеници на демоните.

Духовен отец може да се нарече само човек кој со помош на Божјата благодат се подготвил за тоа и е повикан за тоа. Човек кој го просветлил својот ум молитвено во срцето, човек со слово што извира од неговото очистено срце и кое допира до длабочината на срцето на ближниот, човек со присуство во силата на благодатта Божја. Во негово

присуство страстите се парализираат, демонот бега далеку, а неговото слово внесува светлина, сила и надеж во срцето на другиот човек.

Но, и кога човекот ќе се оддалечи физички од духовниот отец и кога страста повторно ќе живне, и кога демонот повторно ќе се врати, тој не е оставен сам. Духовниот отец со молитвата во своето срце, во доволна мера, ги одржува светлината, силата и надежта, односно духовното семе што го посеал во срцето на својот ближен, така што семето во содејство со слободната волја на оној во кој е посеано и со помош на благодатта на Светиот Дух може да изрти, да порасне и да донесе плод – ослободување на срцето од страстите и демонското влијание.

Да запомниме: злословесниот демон од другите можеме да го истераме само ако претходно сме го истерале од себе. Ако не допреме до своето срце, преку умно-срдечната молитва, не можеме да допреме ни до срцето на другиот. Јасно ли ни е сега зошто немаме успех во проповедта и зошто кога некој и ќе ни пристапи го правиме сличен на нас или и полош од нас самите, а не сличен на Христос? И зошто ги одбиваме луѓето од Богочовекот Христос, наместо да ги придобиеме за Него и за нивно спасение?

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

# ЗЛОТО ВНАТРЕ ВО НАС САМИТЕ НÈ РАЗГРАДУВА

Рече Господ: *'Како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив. Љубете ги непријателите ваши и чинете добро, и на заем давајте – не очекувајќи ништо.* (...) *Така, ќе биде голема наградата ваша, и ќе бидете синови на Севишниот; зашто и Он е добар кон неблагодарните и кон лошите'*[1]. Оваа заповед се однесува, пред сè, за сферата на личните односи. Има и сфера на црковно-соборни односи, каде што се бара и малку повеќе расудување.

Толкувајќи го денешното евангелско четиво, би сакал да ги нагласам, од една страна, теоретската едноставност на христијанскиот подвиг и живот, онака како што е запишан во Светото Евангелие, а од друга страна – потребата од личен и конкретен подвиг, и напор во остварувањето на евангелските заповеди Христови.

Зашто, што има поедноставно од оваа заповед: *Како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив?* Зарем сакате некој да ви мисли лошо? Тогаш немојте ни вие

[1] Види: Лука 6, 31–36.

да прифаќате лоши помисли за никого внатре во вашето срце! Зарем сакате некој да зборува лошо за вас, да ве нарече лажговци или крадци на црковни пари, или неморални, или теолошки неписмени? Тогаш немојте ни вие да ги озборувате, судите и осудувате своите ближни! Немојте ни за вистински случувања, а камоли за она што не се случило!!! Зарем сакате некој да ви направи нешто лошо? Тогаш немојте ни вие да правите никому ништо лошо.

Но, има и ситуација од поширок црковен контекст, при што едно е нашиот личносен однос, а друго кога мора да се преземат одредени мерки заради воспоставување на канонскиот ред и поредок во Црквата. И ова се случува во Црквата, но тоа е прашање на расудување за доброто на Црквата – согласно економијата или акривијата на каноните, а не заради барање лична правда, односно враќање на злото со зло – и се нарекува педагошка мерка.

Што има теоретски поедноставно од ова – да постапуваме со луѓето како што сакаме и тие да постапуваат со нас? Се подразбира дека во пракса треба да вложиме голем напор да ги исконтролираме своите мисли, зборови и дела, но постепено, со континуиран подвиг и со помош на Божјата благодат ќе успееме. Никој не станал одеднаш светител, преподобен, туку со континуиран и долгогодишен напор во внимание над самиот себе, при исполнувањето на заповедта за љубов кон своите ближни. Но, секако, не треба за тоа да ни се малку и педесет години труд. Тоа е подвиг што треба,

барем аскетски, да се заокружи уште во нашата младост.

Но, Господ нѐ опоменува во ова евангелие да не се залажуваме самите себе со „љубов“ од интерес: *Ако ги милувате оние што вас ве љубат, каква ви е наградата? Зашто и грешниците ги милуваат оние што ги сакаат нив!* (Лука 6, 32). Со ваква „љубов“ христијаните не можат квалитетно да се разликуваат од овој свет и да бидат подобни на својот Господ. Она што нѐ прави вистински христијани, она што нѐ дели од овој свет, кој лежи во зло, и она што нѐ ослободува од гревот, ѓаволот и смртта е исполнувањето на заповедта Христова: *Туку вие љубете ги непријателите ваши и чинете добро и на заем давајте – без да очекувате ништо.*

Во пракса, ова значи да не одговараме на злото со зло. Ваквиот одговор би значел умножување на злото во нашиот живот и во светот. А демонот токму тоа го чека: да останеме без благодатта Божја, да пронајде некоја непреобразена страст во нас за да нѐ извалка преку неа и за да го стави нашиот живот под негова контрола. Значи, злото внатре во нас самите нас нѐ разградува, а не оној против кого е насочено. Ако на злото што ни го прават одговориме со добро, тогаш и благодатта Божја ќе ја задржиме во нас, и себеси се заштитуваме од демонското влијание, а и на нашиот „непријател“ му оставаме време, можност, па дури и сила за покајание. Да внимаваме кому му служиме! Не можеме истовремено да бидеме и слуги Божји и слуги демонски!

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нѐ!

## ДЕДО ТИМОТЕЈ

Насловот на мојата беседа е едноставен – „Дедо Тимотеј“. Таков наслов се користи кога човек говори за свој пријател, исто како и за некој што со својата човечност ги надминал рамките на формалноста, но и за некој што со својот духовен опит и мудрост ги опфатил димензиите на одандестраното, и затоа сите почнуваат да го чувствуваат како многу близок, како вистински во Христос брат, па дури и како духовен отец. Јас, и сите ние овде собрани, именувањето „Дедо Тимотеј“ го користиме и разбираме и во првите две, но најмногу во последнава наведена смисла.

Сите во својот живот правиме грешки, така и Дедо Тимотеј, и сите имаме свое покајание – па така и тој. Но, никој не знае ништо за внатрешното покајание на другиот – така и ние за неговото; тоа само Бог го знае. Никој од нас не е сам по себе совршен; совршен е само Единиот Бог во Троица – Отецот и Синот и Светиот Дух. Но, нам толку и не ни треба некој совршен човек, туку токму ваквиот и овој, наш Дедо Тимотеј – како конкретна историска личност. Совршенството на нас, несовршените, ни го обезбедува самата Црква, која е Тело Христово и чија Глава е Христос, и која, користејќи

ги нашите таленти и способности, прави да си ги надополнуваме недостатоците еден на друг и да функционираме како еден совршен и свет Богочовечки организам, преку кој се совршува Тајната на спасението на светот.

Токму според овие таленти, како што споменав, кои Богочовекот Исус Христос совршено ги всадил и однапред ги видел како ќе се развиваат во него уште од неговата младост, но кои и ние, колку што ни дал Он, можеме да ги видиме кај Дедо Тимотеј, преточени во неговите дела, токму според нив, велам, ќе биде нашата благодарност до него, за што и се собравме денес овде. И, сега, кога само општо ќе ги набројам неговите дела, ќе видите дека се многу, а камоли, пак, подробно да почнам да говорам за нив. А едно сигурно знаеме – верата без дела е мртва. А сите негови видливи дела, пред сѐ, тајно се измолени од Бог. Друг начин и нема.

Првата генерација наши епископи учествуваше во долгоочекуваното возобновување на Охридската Архиепископија, која поради посебните пастирски потреби дејствуваше во Федеративна Република Македонија како Македонска Православна Црква. Освен Кирил и Доситеј, кои беа монаси, другите епископи: Климент, Методиј и Наум беа тоа што македонскиот православен народ во тој момент можеше да Му го принесе на Бог, и на сите нив многу сме им благодарни. Без нивната саможртва во 1967 година, не верувам дека ние денес ќе ги уживавме плодовите на фактичкиот автокефален живот.

Дедо Тимотеј ѝ припаѓа на втората генерација епископи, која требаше да го организира црковниот живот од речиси ништо и на таа автокефалност да ѝ даде спасителна пастирска содржина и ефикасност. Нивниот подвиг, во тој поглед, беше пионерски, а посебно неговиот. Зошто велам посебно неговиот? Еве зошто:

Ако говориме за црковни градби и црковни храмови, а посебно за манастири – што е за Црквата најважно, со Дедо Тимотеј ниту еден епископ не може да се спореди. Ќе ги спомнам само „Свети Климент“ на Плаошник заедно со возобновениот Светиклиментов универзитет, манастирот „Свети Наум Охридски“ – за кој, и покрај сите претрпени критики, на крај го заврши како комплетен манастирски комплекс, кој блесна во целиот свој сјај, манастирот „Света Богородица – Пречиста“, а посебна приказна се манастирите „Свети Јован Бигорски“ и „Свети Георгиј“ – Рајчица. Има уште многу други црковни градби, храмови и манастири, но мислам дека доволни се тие што ги нагласив. Тоа што сакам да го истакнам, во оваа прилика, е неговата храброст во борбата за црковниот имот до судир и со самите световни, и домашни и странски власти – за коешто мене лично ми е страв и поконкретно да говорам, а камоли да го направам истото. Дедо Тимотеј е бескомпромисен борец за она во што верува, за Божјата правда и вистина, и не се плаши од оние што само на телото можат да му наштетат, но не и на душата.

Организираноста на свештенството во Дебарско-кичевската епархија е навистина на завидно

ниво. Тоа што мене лично ме воодушевува е кога гледам како сите, на чело со Дедо Тимотеј, живеат како едно семејство. Очебијно е дека тој посебно внимание и труд му посветува на своето свештенство, со кое конкретно се дружи и на татковска основа, и на основа на организирање семинари за нивно дообучување и восовршување; и што е најбитно, со кое заедничари во Светите Литургии. Посебно треба да се потенцира, кога е во прашање Дедо Тимотеј, неговото лично и материјално вложување во академското образование на неговите свештеници, од кои утре се очекува да бидат носечките кадри во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“, како и на истоимениот Богословски факултет, од кои некои веќе и се. Тој е вистински татко на своето свештенство, кое со него соработува не од страв, туку од љубов.

Ако говориме за преведувачко-издавачката дејност, тука само еден епископ донекаде може да му парира. Но, ако ја спомнеме и културно-научната и просветната дејност, како што се разните научни симпозиуми, организирани во годините наназад, како и неговите лични книжевни дела – аскетско-етички есеи и толкувања на Новиот Завет, издадени во шест тома, веќе ниту еден епископ на МПЦ – ОА не може да се спореди со Дедо Тимотеј.

Она што, пак, посебно ме восхитува кај личноста на Дедо Тимотеј е неговото чувство за монаштвото. Тој има такво чувство за развој на монашкиот живот како многу години да поминал во манастир. Тоа чувство се состои во татковската грижа за монаштвото, а посебно во духовната сло-

бода што му ја дава. Без тоа, од Бог вдахновено чувство, ние денес ќе ги немавме двата општожителни манастирски бисери – Бигорската света обител и светото сестринство од Рајчица, најголемите украси на МПЦ – ОА. Сите ние за ова негово дело посебно му благодариме.

Со сите овие дела Дедо Тимотеј ја врати во полн сјај славата на некогашната трета по ранг Црква во христијанската икумена – Јустинијана Прима, основата на денешната Охридска Архиепископија. Дедо Тимотеј најпластично ни покажа дека лидерството во Црквата не е само позиција и титула, туку дека тоа е, пред сè, акција и личен пример; ни покажа како во подвигот да се сочува полнотата на Црквата и чистотата на верата, како човек духовно расте и созрева, и ни покажа дека ниту една добродетел, како и црковна цел, не се достигнува преку ноќ, туку со многу труд, трпение и саможртва.

Ако помисливте дека ова е сè, не е.

Дедо Тимотеј е најистакнат и најреспектабилен член на нашата црковна комисија за дијалог со останатите помесни Православни Цркви, а посебно со СПЦ, не само меѓу нас, туку како таков важи и меѓу епископите на другите сестрински Цркви. Човек без кого нашето отворено црковно прашање во овој историски период не ни може да се реши, и човек во чија дипломатско-црковна мудрост и чувство за црковна соборност – од една страна, и во чие чувство за достоинство, пастирска одговорност и црковен интегритет – од друга, јас лично, но и сите епископи и верниот народ на

МПЦ – ОА, ја полагаме својата надеж.

Што се однесува до нашиот црковно-внатрешен, а посебно синодски живот и работење, во една реченица: со Дедо Тимотеј секогаш знаеш на што си. Не можам да ви опишам каков дар е оваа негова искреност за Црквата, и не може човек да не го почитува тоа, без оглед дали секогаш се согласува со неговиот став.

Но, каква е поточно неговата улога во нашиот соборен, синодски, црковен живот и соработка? Тука веќе не знам што попрво да истакнам и со кои зборови да го искажам мојот восхит. Дедо Тимотеј е, долго време беше, и очекувам и верувам дека уште долго време ќе биде главниот мост меѓу помладите генерации епископи – од една страна, и постарите – од друга. Меѓу едните, кои се малку нетрпеливи и сакаат проблемите веднаш да се разрешат, и другите, кои по малку го губат здивот зад новите предизвици на современото и новиот начин на живот – предизвици што бараат нови, осмислени и брзи одговори. Затоа, тој е еден своевиден центар и чувар на единството во САС на МПЦ – ОА во сите такви клучни моменти. Секогаш кога првиот по чест центар на нашето единство поради разни притисоци и грижи, кои како човек го преоптоваруваат, разбирливо ќе се поколеба или затаи, веднаш се активира Дедо Тимотеј како привремена замена и сите проблеми во Црквата на најдобар можен начин се разрешуваат. Верувам дека и самиот Архиепископ знае каква потпора е Дедо Тимотеј за него и верувам дека знае тоа да го цени.

Знаете ли дека таа негова улога е најважната улога што во еден Синод епископот може да ја има? Знаете ли колкав црковен и животен опит зад ова мора да стои? Знаете ли какво расудување за успешно извршување на оваа задача е потребно – да се препознае вистинското време кога да се смири човек и да премолчи, а кога одлучно да пресече и да понуди решение? Знаете ли какво изострено чувство за Божја правда е потребно, за тоа каде Светиот Дух Господ во конкретен случај дише? Знаете ли колку понижување и смирение за ова човек треба да претрпи? Знаете ли низ кој ритам на градење личносни односи треба да се помине за тоа достоинство меѓу другите да се стекне? Знаете ли колку љубов за МПЦ – ОА за ова треба да се има? Знаете ли дека сето ова не може да се помине и без штета по сопственото здравје? Ако доловите само малку од сето ова што го говорам, тогаш веднаш ќе ви стане јасна големината на личноста и делото на Дедо Тимотеј. Тој за нас, за МПЦ – ОА, е вистински дар Божји!

Дедо Тимотеј, ми беше посебна чест и радост да ја направам оваа кратка рекапитулација на Вашиот 35-годишен епископски труд. Се чувствувам мал и недостоен за Вашата доверба јас да го направам ова скромно изложување, скромно во споредба со Вашето дело и Вашата жртва за нашата автокефална МПЦ – ОА, но го направив од синовска послушност кон Вас. Бидете ни жив и здрав уште многу години! Вие сте за сите нас, што Ве љубиме и разбираме, нашиот Ангел Чувар.

На многаја лета, Високопреосветен Владико Свет!

# ИЗЛЕЗЕ СЕЈАЧ

Почвата на која Богочовекот Исус Христос го сее своето семе, односно словото, т.е. благодатта Божја, е човечкото срце. Го сее преку оние луѓе што вистински Го сведочат, во Црквата. А тие, пак, го сеат преку своето, во сила, изговорено или пишано слово. Со своето присуство – во сила. И со своите дела – во сила.

Се сеќавате од една претходна беседа[1] дека *ловец на луѓе* може да се нарече само човек со просветлен ум, човек со слово кое молитвено извира од неговото очистено срце и кое допира до длабочината на срцето на ближниот, и човек со присуство во сила. Во негово присуство страстите се парализираат, демонот бега далеку, а неговото слово внесува светлина, сила и надеж во срцето на ближниот итн.

Читајќи го денешното евангелие со приказната за сејачот[2], иако Богочовекот Христос им го објаснува на Своите ученици, мене најмногу ми привлече внимание делот за семето што паднало во трње, па си помислив: како што трњето е пречка

---

[1] Види: „Ловци на луѓе“, стр. 251–253.
[2] Види: Лука 8, 5–15.

за нивата да донесе добар плод, така и гревовите се пречка за нашето срце да донесе добри плодови на Светиот Дух. Притоа, си велам, боцките од трњето ми личат на грев со сторено дело, листот – на грев со зборови, гранките – на грев со помислите.

Трњето на нивата од нашето срце сигурно има и корен. Што друго би бил коренот на гревот ако не страстите вгнездени во нашето срце (славољубието, среброљубието и сластољубието). Заробеноста на срцето од страстите не ѝ дава на благодатта на Крштението да се пројави и слободно да дејствува надвор од нашето срце – низ целото наше битие и надвор од нас; не му дава простор на словото посеано во нашето срце да пушти корен, да порасне и да донесе плод на покајание, односно преумување.

Ако сакаме зрното да донесе плод, треба земјата да ја очистиме од трњето, а трњето да го извадиме со корен. Но, за да стигнеме до коренот, трњето треба да почнеме да го уништуваме од врвот. Значи, треба да престанеме да грешиме со дело, потоа со збор и на крај со мисла. Христијанинот, освен што е должен да не греши со дело и со збор, должен е да не прима и да не се согласува со ниту една лоша демонска помисла, затоа што за него прифатената помисла има тежина на сторено дело. Зборувам за оние христијани што се трудат да го достигнат степенот на просветлување на умот.

Непрестајното усно и умно повикување на Христовото име, соединето со внимание и со плач, заедно со исполнувањето на Божјите заповеди, неизоставно ќе ги открие и страстите што се скриени

во нас. Секојпат кога доволно јасно ги гледаме нашите страсти, треба да знаеме дека енергијата на умот е соодветно очистена преку молитвата и делата на верата. Тогаш гледаме и колку многу страстите нè оддалечуваат од Бог и уште повеќе сакаме да ги искорениме преку делата на верата, и уште поревносно ја кажуваме молитвата, сè додека не биде прифатена од умот, а тој да се наоѓа во постојано прво гледање на несоздадената светлина.

Посебно за молитвата сум ви говорел и порано. Во умот се обидуваме да ја кажуваме молитвата постојано, а таа за тоа време невидливо го чисти срцето од страстите. И кога преку подвигот на молитвата срцето доволно ќе се очисти, се пројавува благодатта дадена на Крштението, а молитвата заедно со умот се симнува во срцето. Тогаш умот во содејство со благодатта може слободно да дејствува внатре во срцето, чистејќи ги страстите (корењата на гревот) докрај.

Не значи сето ова дека во нашето срце, во процесот на очистување од страстите, нема еден дел што е добра земја, друг дел што претставува место покрај патот, трет дел што претставува каменито земјиште и дел што претставува трње. Делот покрај патот значи дека немаме опит во подвигот. На пример: јас ви кажувам, но вие заборавате, затоа што поуката активно се памти само ако се спроведува на дело.

Лошо е што заеднички крај на сите ситуации со семето што не паѓа на добра земја е немањето плод. За сите нас тој плод е умно-срдечната молитва. И, воопшто, не може да стане збор за право-

славен духовен живот, во вистинска смисла на зборот, без дарот на молитвата во срцето. За православен духовен живот, како потенцијал, можеме да зборуваме и на првиот степен од духовниот развој, но само ако го восогласиме начинот на нашиот живот со тој степен.

*Кој има уши да слуша, нека чуе!* (Матеј 11, 15). Што значи: кој верува, нека го спроведе на дело кажаното и верата ќе ја претвори во знаење! Исто така, народната вели: не си ставај сам трн во здрава нога!

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нѐ!

# „И ДА ВОСКРЕСНЕ НЕКОЈ ОД МРТВИТЕ, ТИЕ НЕМА ДА МУ ПОВЕРУВААТ“

Светото Евангелие не им се обраќа само на децата Божји, туку и на оние со робовски и наемнички менталитет, како и на неверниците, само за да се спасат што е можно повеќе луѓе; а може на некои и ќе им текне дека најсоодветен одговор на љубовта Божја е да се стане дете Божјо. Затоа во него може да се прочитаат и поуки како денешната.

Гледаме дека богатиот нема име, а сиромавиот има – Лазар, односно гледаме дека првиот нема личносен однос со Бог, а вториот има. Гледаме дека преку себичните уживања од овој свет се стигнува до пеколот, а дека преку трпењето на страдањата со благодарност се стигнува до Рајот. Гледаме дека пеколот е место на големо и осамено страдање, а дека Рајот е место на голема утеха и заедница. И гледаме дека нема премин од пеколот кон рајот, и обратно. Додуша, ни разговор не би требало да има – ни во самиот пекол, ама ова е доволна педагошка порака, како материјал за размислување и мотивација за неверните, робовите и за наемниците.

Што е битно за оние што сакаат да станат деца Божји од денешното евангелско четиво? (Види: Лука 16, 19–31). Објаснувањето на овој дел: *Авраам му*

*рече: 'Штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат'* (Лука 16, 31).

Чујте го објаснувањето:

Како прво, добивањето статус на дете Божјо не е магиски чин, туку тоа е процес на растење и созревање. Овој заклучок произлегува од завршниот разговор помеѓу Авраам и богатиот. Богатиот му вели на Авраам: *ако некој од мртвите отиде при нив, тогаш ќе се покајат* (Лука 16, 30). А Авраам му одговара: *и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат*. Сведоци сме дека и Самиот Богочовек Воскресна, па ретко кој во тоа вистински верува.

Второ, самиот Авраам ни го открива восиновувањето како процес на растење и созревање преку послушание – дека треба да се слушаат Мојсеј и Пророците: *штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат*. Што конкретно значи тоа *да се слушаат Пророците?* И кои се тие Пророци денес?

Денешните Пророци се нашите духовни отци во Црквата, кои слободно и љубовно ги одбираме за преку нив да ја чуеме Божјата волја, кои и кога поради своите човечки слабости би дале и погрешен совет, Бог – поради нашата доверба во Него преку нив – сè на крајот ќе исправи во наша духовна полза.

Послушанието е подвиг на ставање на умот во процес на исцеление, без што никој не може да го очисти своето срце – и да Го види Бог. Послушанието е премин од противприроден во природен

начин на живот. Послушанието е восогласување на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата и во општествениот живот. Послушанието е процес на исцеление од невроза и од растројство на личноста, и превенција од религиозна невроза и од религиозно растројство на личноста.

Послушанието е активирање на примарната функција на умот – соединување на нашата создадена енергија со несоздадената Божја енергија преку молитвата, како и пренасочување на неговата секундарна функција кон исполнување на Божјите заповеди. Послушанието е прием на вистинското Предание на Светите Отци. Послушанието е останување во рамките на соборноста на Православната Црква – без оглед на тоа кој што си мисли. Послушанието е процес на Божествено преобразување, растење и созревање до достоинството на дете Божјо. Послушанието е сѐ во Црквата Божја. Послушанието е возможно само во Црквата Божја.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, дај ни што повистинско послушание и помилуј!

## ГАДАРИНЦИ

Бесомачениот што Христос го исцели побара да оди по Него, а локалните жители останаа без Него затоа што не Го примија, или поточно, побараа да си оди од нивниот крај. Ова евангелско четиво[1] покажува дека бесомачените можат полесно да бидат исцелени, бидејќи тие, потполно обземени од демонот, остануваат без можност слободно да одлучуваат за своето спасение; а оние што мислат дека се свесни и здрави – многу потешко, бидејќи според слободната волја, која Бог не ја нарушува, ако останат робови на страстите, остануваат неисцелени.

Слободната волја е како меч со две острици, бидејќи можеме да ја исползуваме за да го достигнеме подобието Божјо, а злоупотребувајќи ја можеме и да отпаднеме од Бог. А Бог ја почитува нашата слобода, затоа што ако се наруши слободата, се нарушува и Неговиот лик во нас, според кој сме создадени.

Значи, зошто не Го примаме Христос? Поради задоволувањето на нашите страсти, кои излегува дека ни се поважни од Него. Примерот со лу-

[1] Види: Лука 8, 26–39.

ѓето од земјата Гадаринска ни покажува дека ним им беа поважни свињите (т.е. имотот), поради страстите среброљубие и сластољубие, отколку Христос. А овие страсти се оние што се нарекуваат погруби и преку кои демонот најнапред напаѓа. Што ли да речеме за посуптилната страст на умот, како што е високото мислење за самите себе, односно суетата, преку која демонот нè држи заробени и преку која сериозно дури на крај нè напаѓа, односно која е последна на ред да се преобрази пред да се премине од еден степен на духовен раст на друг? Само поради славољубието нашето срце останува затворено за умно-срдечната молитва, а умот непросветлен.

Според Преданието на Светите Отци и учењето на Црквата, демонот го зазема центарот на нашето срце пред Крштението. Но, кога човекот на Крштението ја прима благодатта Божја во центарот на срцето, тогаш демонот се изгонува надвор од центарот и се сместува во околината на срцето. Сè додека срцето е заробено од страстите и сè додека доволно не се очисти, односно додека човекот не дојде до второт степен на духовниот раст – молитвата на умот во срцето и просветленоста, демонот останува во околината на нашето срце, го држи заробено преку страстите и затворено за умот. Затвореноста на срцето е блага форма на демонизираност и затоа е многу потешко забележлива и алармантна за самиот човек отколку видливата демонизираност. Видливата болест секој сака да ја исцели, но при невидливата најчесто е и доцна за исцеление. Особено кога некој мисли дека е духовно здрав.

Треба да знаеме дека вообичаено сè се случува според правилата на духовниот закон. Најпрвин демонот нè напаѓа преку погрубите страсти – сластољубие, среброљубие, а на крајот преку најсуптилната – славољубието. Демонот се бори секогаш да си ги поврати загубените позиции, па дури и да се врати во центарот на нашето срце.

Заклучок: за да говориме со демонот ни треба најмалку просветлување на умот (во секој друг случај треба да се игнорира), така што можно е преку разговорот или да го тргнеме од себе или да го откриеме кај другите. Само совршените сами можат да го истераат демонот од видливо (и невидливо) демонизираните, или молитвата на Црквата.

И свињите и свињарите побегнаа од Христос, само што првите (иако бесловесни) се издавија не можејќи да ги трпат демоните во себе, а другите – не препознавајќи ги демоните во себе, обземени од внатрешниот демонски страв и за да се оправдаат за загубениот имот, ги уплашија со Богочовекот Христос и другите жители слични на нив. Свињари се оние што ги задоволуваат своите страсти, а свињи се страстите.

Оној за кој јавно се знае дека бил болен (психички или физички), а за кого се знае дека Богочовекот Христос (преку Црквата) го исцелил, најдобро Го сведочи Бог во својот роден крај.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, откриј ни ја нашата скриена демонизираност и спаси нè!

# ВОВЕДЕНСКИ РАЗМИСЛУВАЊА

Премногу размислуваме во категоријата Бог – човек, наместо во категоријата личносни односи. Религиозниот човек размислува во рамките на првата категорија, а црковниот човек размислува и дејствува во откровението на втората категорија.

Догматиката е многу јасна: обожението на човековата природа во Синот Божји – Богочовекот Исус Христос, е основа на обожението на секој човек кој тоа го сака, во Црквата како Тело Негово – со учество во нејзините Свети Тајни и Добродетели. Иако велиме дека во процесот на преображението и обожението нашата и Божјата природа заемно се проникнуваат, ние сепак, знаеме дека проникнувањето бива од страна на Бог, Кој со Своите несоздадени енергии (благодат) ја проникнува и обожува човечката природа. Затоа Бог е единствениот наш Спасител и никој друг. Човек не може да спаси човек.

Во Догматиката нема ништо нејасно. Проблемот е во нејзиното разбирање на различен начин. Некој ја чита со затемнет ум (неверниот), некој со помисла дека има просветлен ум – иако нема умно-срдечна молитва (опрелестениот), некој со ум чија

енергија е доволно очистена (оној што правилно го чисти срцето од страстите, во послушание), некој со доволно просветлена суштина и енергија на умот (просветлениот, кој е носител на дарот на аскетската умно-срдечна молитва), а некој со својот обожен ум.

Значи, нема никаков проблем во Догматиката на Црквата. Проблем е што луѓето заглавуваат во неправилното разбирање и во неправилниот подвиг да ја надминат поделбата меѓу Несоздаденото и создаденото, и тука остануваат заглавени. Не сфаќаат дека таа поделба е надмината со воплотувањето на Синот Божји и дека ние ја добиваме на дар преку правилниот подвиг во кој се случува нов личносен однос и дијалог помеѓу Бог и човекот, кој воопшто не е еднострan – и човекот Го слуша Бог, но и Бог го слуша човекот. Секако, за ова да се сфати треба да се има жив опит од вистински личносен однос и со Бог и со ближниот.

Од воплотувањето на Синот Божји од Светиот Дух и Дева Марија па натаму, нашиот однос со Бог не го дефинира тоа што Тој е несоздаден Бог, а ние создадени луѓе, туку го дефинира фактот дека Тој е нашиот Небесен Отец, а ние сме Негови чеда и браќа на Богочовекот Христос – по благодат. Така и односот помеѓу Христос и Богородица не го дефинира тоа што Тој е Бог, а Таа човек, туку тоа што Таа е Негова Мајка, а Тој Нејзин Син. Христос може да биде стопати Бог, а Марија може да е стопати обичен човек, и тоа сега нам веќе не ни е битно. Но, суштински ни е битно што Таа Му е Мајка, а Христос Нејзин Син, и што ние сме Негови браќа и Нејзини чеда по благодат; како и фактот што

Мајката се почитува и слуша исто колку и Отецот.

Затоа, кога велиме „Пресвета Богородице, спаси нѐ“, ние не мислиме дека Таа нѐ спасува од Себе, поради Нејзината совршено обожена природа или затоа што Таа е некаква божица, туку поради Нејзината позиција – како Божја Мајка, Која има Син што Ѝ е послушен; поради Нејзиниот однос кон Бог и поради односот на Бог кон Неа.

Но, зошто дури и во ваква беседа ја спомнувам умно-срдечната молитва? Зашто ако ја имавме, ќе знаевме дека таа е Нејзино откровение и дар – кој од Неа се измолува, а тајната на новите личносни односи, која ја надминува поделбата меѓу Несоздаденото и создаденото, ќе ни беше јасно откриена.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# КАКО ДА СТАНЕМЕ БОГАТИ

Рече Господ во приказна: „*На некој богат човек нивата му беше родила многу и мислеше во себе, велејќи: 'Што да направам? Немам во што да ги соберам плодовите свои'. Па рече: 'Вака ќе направам: ќе ги урнам амбарите свои и ќе соѕидам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра, и ќе ѝ речам на душата своја: душо, имаш многу добра, приготвени за многу години; почивај, јади, пиј и весели се!*'" (Лука 12, 16–19).

Ова што го прочитавме во евангелското четиво за денот, начинот на кој богатиот размислува е верен опис на менталното заболување – растројство на личноста, односно на начинот на кој размислува и дејствува еден социопат. Во неговите мисли и чувства нема место за оние што страдаат од немаштија и од други телесни и душевни страдања, туку само за себе, за своето его и за своето добро.

*Но, Бог му рече: 'Безумниче, ноќеска ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе остане?' Така бива со оној што собира добра за себе, а не се богати во Бог* (Лука 12, 20–21). Бог ги дава најточните дијагнози, така што социопатот најточно го опишува како безумник. Но, како навистина да станеме бог(ати)?

Целиот наш живот е дар Божји. И сиромаштвото е дар Божји, кога сиромавиот со смирение и трпение Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. И богатството е дар Божји, кога богатиот со смирение и трпение им служи на сиромасите со своето богатство, и на тој начин Му благодари на Бог за него и го препознава овој дар. Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната смисла, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за нивно соборно надградување и остварување на нашата заедница во Богочовекот Христос – која е нашиот најголем дар Божји – и би служеле како средство за наше духовно богатење и преобразување.

Гледаме дека Господ се поистоветува (дури и најмногу) со секој еден страдалник. Затоа, секогаш кога со своето богатство ќе му помогнеме на еден од овие најмали Христови браќа што страдаат, ние не собираме за себе, туку се богатиме во Бог. Со други зборови, само на тој начин можеме да Му благодариме на Бог, кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сè“[1]. Делотворниот однос на благодарењето од севкупниот наш живот соборно се исполнува со нашето редовно учество и причест во Светата Евхаристија (Благодарење) на Црквата Божја.

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

И свети Никола, чиј спомен ќе го чествуваме утре, бил богат, но истовремено милостив и дарежлив кон сиромашните – уште пред да стане епископ. Има една народна поговорка која вели дека не треба да го мразиме свети Никола поради попот Никола, но најточно е дека треба да го љубиме секој Никола и секој друг човек – без оглед кој е и што е, ако навистина го љубиме свети Никола – бидејќи тој бил милостив и ги љубел сите. Впрочем, и поради тоа е свети Никола.

Така, никој не може да се нарече богат, односно подобен на Бог, без да ги збогатува и другите околу себе – пред сè, во духовна, но и во материјална смисла на зборот.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, а поради молитвите на свети Никола Мирликискиот Чудотворец, помилуј нè!

# ИЗБОР

Богочовекот Исус Христос ги победи ѓаволот, гревот и смртта – и тоа ги победи за нас и наместо нас, и го обезбеди нашето вечно благобитие. Ѓаволот, неговите демони, неговиот слуга – антихристот, гревот и смртта се поразени. Наше е само слободно, со вера и на дело да избереме дали ќе учествуваме во победата на Богочовекот или во поразот на ѓаволот, и никакви други победи или порази не постојат на овој свет, и никаков друг суштински избор немаме. И секој избор на ова се сведува.

Значи, или ќе бидеме со Христос и Неговата Црква, или со ѓаволот и со двете еднакво опасни групи луѓе со кои тој раководи – онаа, навидум побожната, што Го предаде исто како Јуда, и онаа што Го осуди и распна[1]. За жал, и многу христијани, поради потпирањето (свесно или несвесно) на сигурноста од овој свет се определуваат за припадност на една од овие две световни групи и се одрекуваат од Богочовекот Христос. Отпаѓањето од Богочовекот Христос ги внесува сите нив во светот на гревот и илузијата.

---

[1] Види: Јован 18, 2–13; 19, 1–16.

Ѓаволот, полека но сигурно, го гради апокалиптичниот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи таканаречените јавни личности или селебрити, како медиуми или преносители на неговата илузија, на пример: првосвештениците, филмските, музичките или спортските ѕвезди, политичарите, големите бизнисмени итн. – кои станаа урнек според кој целиот свет се раководи. Колку поголема слава или позиција има јавната личност во овој свет, толку е поголема веројатноста демонот да ја користи како свој медиум.

Улогата на медиумот е да дејствува директно на страстите (славољубие, среброљубие и сластољубие), да ги разбуди страстите, да нè убеди да ги задоволиме и од нашиот живот да направи што поголема илузија. Состојбата на илузија, пак, од своја страна, уште повеќе ги буди страстите во човекот и затоа е така лесно приемчива и општоприфатена од безличните маси. Целиот свет живее во помала или поголема мера на илузија. Вистината е тесниот пат на трезвеноумието, по кој малкумина врват.

Клучно, за нас христијаните, е дека секој што нема да го восогласи својот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓа, како и со местото и улогата што ги има во Црквата, отстапува од Божјата благодат и како таков многу лесно паѓа во грев, а со тоа и во илузија, и станува медиум на демонот – кој преку него дејствува и внатре во Црквата.

Три посебно опасни илузии имаат прифатено христијаните, во текот на својата историја, кои суштински ги одделуваат од Вистината, од Црквата:

поистоветувањето со државата, поистоветувањето со нацијата и поистоветувањето со политичките партии – наместо да задржат само пастирски пристап кон наведените општествени феномени. Едно е поистоветувањето, а суштински друго е пастирскиот пристап. Пастирскиот пристап не ги негира посочените општествени феномени, туку ги исправа и исцелува нивните девијации, а поистоветувањето е прифаќање и учество во нивните девијации и е голем грев.

Нашиот проблем е што за разбивање на илузијата мора да се појави Вистината, односно носител на Вистината, односно личност – партиципиент во Вистината, која со својата појава во сила ја разбива илузијата и носи трезвеност и покајание меѓу луѓето, а таквите се реткост. Но, таму каде што ќе се појави Вистината, илузијата исчезнува како темнината од светлината, се случува духовното прогледување, како и можност за здобивање со плодовите на Светиот Дух, а тие се: *љубовта* [и кон непријателите], *радоста, мирот, долготрпеливоста, добрината, милоста, верата, кротоста, воздржливоста* (Гал. 5, 22–23), како и единството и заемното помагање. Ги препознаваме ли овие плодови во себе денес, во овој момент?

Господи Исусе Христе, заради Богородица, и по молитвите на светите Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици – кои Тебе Те избраа, помилуј нè!

## ИЗБОР
(втор дел)

Маченииштвото, монаштвото и јуродивството (лудост) заради Христос се трите најекстремни начини на одрекување од овој паднат свет, и затоа – начини на живот што најбрзо и најблиску го соединуваат човекот со Бог. Затоа, најчесто кај овие подвижници, како што вели и светиот Јован Лествичник, можеме да ги забележиме изобилно излеани сите дарови Божји на обожението: и непрестајната умно-срдечна молитва, и гледањето на несоздадената светлина, и грабнувањето на умот, и телото духовно, и дарот на чудотворство, и љубовта и кон непријателите.

Овие три начина на христијански живот заемно се проземаат и во суштина се неразделни. Маченикот е речиси секогаш монах (сам) и јуродив. Вистинскиот монах е речиси секогаш јуродив и маченик. Јуродивиот е речиси секогаш маченик и монах. Дали Светиот Дух – Кој го поттикнува и му дава сила на човекот, од љубов кон Христос, екстремно да се одрече од овој свет – ќе ја преточи таа негова љубов во маченички, јуродив или монашки подвиг, зависи од историските потреби и околности во кои се наоѓа Црквата, како и од чо-

вековиот слободен избор.

И житијата на сите свети, а посебно на светите маченици, во основа се само незамолчливи сведоштва на екстремното одрекување од овој свет, коишто постојано ја будат заспаната христијанска совест низ вековите. На пример, маченикот, при полна и здрава свест, се одрекува од самиот себе и од сè свое, претпочитајќи ги дури и телесните измачувања и самата смрт, само за да не се одрече од својот Господ Христос и да не Го изгуби: *Кој се одрече од Мене пред луѓето, ќе се одречам и Јас од него пред Мојот Отец Небесен* (Матеј 10, 33). Читајте ги и ќе видите.

А што видовме ние во денешното евангелско четиво?[1] Видовме луѓе заробени од своите страсти – за човечка слава и власт, за пари и имот, за телесни задоволства, кои заради задоволување на истите – се одрекоа од Богочовекот Христос и од Неговата Тајна вечера, односно од Светата Причест. Зарем не се случува истото одрекување од Христос и денес, насекаде околу нас? Зарем не ја забележуваме истата млака и непостојана борба и со страстите внатре во нас?

Да не ме сфатите погрешно, не ви зборувам против задоволувањето на основните потреби за живот, ниту против законското стекнување имот, ниту против бракот, туку ви зборувам против гревот и против претворањето на даровите Божји во цел сами по себе, во идоли. Богочовекот Христос е целта на христијанскиот живот, а даровите Божји

[1] Види: Лука 14, 16–24.

се само средства преку кои се остварува таа цел – како што објаснив и во минатонеделната беседа. Затоа, одрекувањето од задоволувањето на нашите гревовни страсти, а заради влегување во спасителна заедница со Богочовекот Христос – во Црквата, ни останува како единствен избор на покајание и спасение.

И мало потсетување, во пресрет на големите празници. Бадниковите гранчиња не се обичај на МПЦ – ОА, ниту на која било друга Православна Црква, освен на СПЦ. Исто е и со ставањето паричка на Бадник (се става на свети Василиј или т.н. Стара Нова година), како и со славата и славскиот колач (наместо тоа, правилно е имenden и „петолебие“). Практикувањето туѓи обичаи е идентитетско прашање, така што – секој сам нека избере што е. Мене тоа не ми пречи, но должен сум да кажам – поради тоа што ние од СПЦ бараме автокефалност. Христовото Рождество не е некаков празник на семејството, туку, нормално, по црква го празнуваме и во семејството. Палењето огнови со нарушување на постот и пеењето недолични песни (меѓу кои и Коледе леде), воопшто не е христијански обичај. Каков е, нека му мисли тој што го прави. Она што сигурно е грев, е да оставиме многу семејства во Република Македонија без огрев и храна преку зима, а сме можеле да им помогнеме. Помогнете и ќе видите каква радост тоа дело на милосрдие ќе ви донесе.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА МИНАТОНЕДЕЛНАТА БЕСЕДА

*Рече Господ во приказна: „Еден човек приготви голема вечера и покани мнозина; и кога беше време за вечерата, го прати слугата свој да им каже на поканетите: 'Дојдете, оти сѐ е готово!' И почнаа сите, како договорени, да откажуваат; првиот му рече: 'Купив нива и ќе треба да одам да ја видам; те молам, извини ме!' Вториот рече: 'Купив пет чифта волови и одам да ги пробам; те молам, извини ме!' Третиот рече: 'Се оженив и затоа не можам да дојдам'"* (Лука 14, 16–20).

Ајде уште еднаш да се навратиме на минатонеделното евангелско четиво[1], затоа што на некои како да им остана нејасно. Видете ја посебно оваа реченица: *И почнаа сите, како договорени, да откажуваат*. Сигурно овде не се мисли на директен и осмислен договор, туку на индиректен и несвесен. А од каде произлегува индиректниот и несвесен договор? Од прифаќањето на гревовниот модел на живот што суптилно ни го наметнуваат и преку кој нѐ заробуваат овој паднат свет и демонот.

А еве што имам напишано за тоа: не плашете

[1] Види: Лука 14, 16–24.

се од страдањата, тие секако ќе дојдат во нашиот живот. Прашањето е само дали ќе пострадаме следејќи го моделот на живот што ни го предлага Богочовекот Христос или ќе пострадаме следејќи го моделот на живот што ни го наметнуваат овој свет и демонот. (...)

Моделот што ни го предлага Христос е да се жртвуваме себеси за другите, а моделот што ни го наметнуваат или на кој веќе нè навикнале светот и демонот е да ги жртвуваме другите заради себе и заради задоволувањето на своите гревовни страсти. Христос ни предлага модел во кој преку учество во Крстот Негов ќе воскреснеме духовно – уште веднаш, а потоа и телесно. Овој свет и демонот ни наметнуваат модел во кој преку учество во неговите гревовни уживања ќе умреме духовно – уште веднаш, а откако ќе се разболиме или ненадејно, ќе умреме и телесно[2].

И внимавајте: Христос ни предлага бидејќи не сака да ја наруши нашата слобода, а светот и демонот ни наметнуваат бидејќи веќе ја нарушиле нашата слобода.

Уште едно прашање: зошто сите – барем формално, го замолуваат пратениот да ги извини, а само оженетиот – како заслепен, не го вели тоа?

Еве што вели свети Јован Лествичник: „Неженетиот човек, врзан за светот исклучиво со работни обврски, личи на оној на кого само рацете му се врзани (зашто кога ќе посака да појде по

[2] Види: Митрополит Струмички Наум, *Плодоносна девственост*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2012, стр. 38.

патот на монашкиот живот, овие врски не го спречуваат). А оженетиот личи на роб на кого му се оковани и рацете и нозете“[3]. Ова е првата причина зошто не побара извинување.

А втората е затоа што очигледно не си ја сака личносно жената, туку острастено е врзан за неа, да не речам и за други – по можност. Цел и на Бракот е Богочовекот Христос.

И да заклучиме: даровите Божји (слава и власт, пари и имот, тело, брак и семејство, јадење и пиење) не ни пречат да Го следиме Богочовекот Христос, туку нивната злоупотреба.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, спаси нè!

[3] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 22.

## КАКО ПРАВИЛНО ДА БДЕЕМЕ – И НАД СЕБЕ

Пред почетокот на секое бдение, добро е да се потсетиме на две духовни правила што треба да ги оствариме за време на бдението, како и општо во нашиот живот, за да не ни излезе повеќечасовното стоење во црква напразно, а со тоа и нашиот духовен живот.

Прво, на бдението дојдовме да им дадеме на Бог и на блиските тоа што можеме – пред сè, молитвено, а не да бараме да добиеме тоа што ние мислиме дека е нужно за задоволување на нашите потреби. Потребите за нашето спасение најдобро ги знае само Бог и тие сигурно ќе бидат задоволени: видливо – преку послушание кон духовниот отец, и невидливо – преку Божјата несоздадена благодат. Сето тоа Бог го промислува и раководи, и тоа не е наша грижа – ние за тоа не се молиме. Наше е да ја откриеме убавината на духовниот православен живот, односно да одбиеме да бидеме робови на своите барања, а да станеме слободни деца Божји на давањето.

Меѓу другото, на бдението, во своите молитви посебно ги спомнуваме оние што во овие претпразнични или празнични денови се болни,

оние што се во затвори, оние што се сиромашни и сите оние што на некој начин страдаат. Кога ќе можеме, не смееме да ја пропуштиме можноста и конкретно да им помогнеме. Без конкретно милосрдие кон страдалниците не само што напразно одиме во црква, туку не можеме ни христијани да се наречеме. Да го запаметиме ова добро – нема конкретно милосрдие, нема христијанство!

Второ, да внимаваме, сите, да не ни се потградне некоја демонска мисла од типот: еве, ние сега овде се подвизуваме, се воздржуваме и се молиме, а таму некои неверници, на пример, дочекуваат и слават некаква измислена Нова година со многу надворешни ефекти и надразби, а со празни души, или, на пример, незаинтересирано спијат. Вистина ви велам, тоа е една од полошите помисли со кои можеме да застанеме пред Лицето Божјо. Да го запаметиме добро и ова – нема конкретно смирение, нема христијанство!

И другпат сум ви рекол: без оглед на тоа на која функција се наоѓаме, кои таланти ги поседуваме, какви добри дела сме направиле и која Божја промисла треба да исполниме, должни сме секогаш во срцето и умот да го чуваме последното место, односно не смееме да помислиме дека сме подобри и повредни од кој било човек. Кога суштински би прифатиле таква помисла, тоа би било крај – едно бесплодно падни-стани на првиот степен од духовниот развој или една религиозна невротичност, а и полошо (зависи каде сме), до крајот на животот.

Како на самото бдение и во православниот духовен живот – воопшто, ќе знаеме дека ги оствaруваме овие две духовни правила? По плачот и солзите. Нема ли барем внатрешен плач и солзи поради нашата отпаднатост од Бог – нема христијанство! Ако не ми верувате мене, читајте го свети Симеон Нов Богослов, кој вели дека без солзи не смееме ни на Света Причест да пристапуваме.

Можеби од разни причини не можеме да имаме солзи токму за време на Светата Причест, но внатрешниот плач не смее да изостане од нашата душа во тој момент. Можеби и во текот на целото бдение нема да ни капне ни солза, но не смееме да го прекинеме внатрешниот аскетски подвиг на принудување на плач. Ова е повеќе теоретски, оти кој го негува овој внатрешен подвиг секако ќе го добие дарот и на надворешните солзи. Има и лажни солзи – на барањето и гордоста.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, дарувај ни солзи на покајание и помилуј нè!

# Содржина

ПРЕДИСЛОВИЕ
проф. д-р Венко Андоновски 9

Празните витлеемски домови 47

Едно Крштение, а чудни браќа 50

Обожување пепел 53

Злосторство или „казна“ 56

Параноја или метаноја – прашањето е сега 60

Јуда или Петар 64

Пресвета Богородице, спаси нас! 68

Плач 71

Кога те видовме... 74

Ако не си простиш самиот... 78

Автономија како црковна аномалија 82

Свети Григориј Палама, спаси нè! 89

Крстот Христов како сигурност во Бог 92

Благовест на Благовест 95

Моќно превентивно или ризично куративно 98

Светилникот на нашето време 102

Христијанска беда 106

Дали Христос и за мене плаче? 109

Тајната Вечера – Царство Небесно пред Царството Небесно 112

Смрт, добредојде! 115

Зарем не гореа срцата наши? 118

Тогаш им се отворија очите 123

И откако благодари... 130

Потешко ни беше да бегаме отколку да се бориме 135

Зошто жени? 137

„Ниту, пак, сакам да знам како живее и што прави светот“ 140

Не бидете неверни, туку верни 144

Сладост и бол; бол и сладост 147

Преобразување или религиозно растројство 150

Да, Секогашдева Марија е Богородица, а не божица 154

Вознесение при симнувањето на Светиот Дух Господ 158

| | |
|---|---|
| Искушенијата се соодветни на духовниот развој | 162 |
| Последици согласно гревовите | 166 |
| Процеси на црковна централизација и децентрализација | 169 |
| Аскетска болка и духовна сладост | 172 |
| Нели сме сведоци Христови? | 175 |
| Рождество на свети Јован Крстител | 179 |
| Словото убива, а духот оживотворува | 181 |
| Дела Апостолски | 184 |
| Последиците од Христовото воплотување | 187 |
| Илузија на непријателство | 191 |
| Илузија – отсуство на благодатта Божја | 194 |
| Во стилот на светиот пророк Илија | 198 |
| Светите Отци за трите степени на духовниот развој | 202 |
| Светите Отци за трите степени на молитвата (прв дел) | 206 |
| Светите Отци за трите степени на молитвата (втор дел) | 209 |
| Преображение, наше | 212 |

Богородица 215

„Ако не сакаш да страдаш, не барај ни да се искачуваш“ 218

Свети Јован Крстител 221

Обедини и служи 224

Пресвета Богородице, спаси нè! 227

Напразно потрошено време 232

Го сведочиме ли Крстот Христов или само својот крст? 235

Двоедна заповед 238

Неблагодарност 241

Појаснување на послушанието во Црквата 245

Ловци на луѓе 251

Злото внатре во нас самите нè разградува 254

Дедо Тимотеј 257

Излезе сејач 264

„И да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат“ 268

Гадаринци 271

Воведенски размислувања 274

Како да станеме богати 277

Избор 280

Избор (втор дел) 283

Дополнување на минатонеделната беседа 286

Како правилно да бдееме – и над себе 289

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-584

НАУМ, митрополит струмички
Нови личносни односи / Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2016.
- 300 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон текстот.
- Книга – Литургија / Венко Андоновски
стр. 9–43

ISBN 978-9989-893-25-4

а) Духовен живот - Православие

COBISS.MK-ID 102291466

Печати:
„Европа 92“ - Кочани

На корицата:
Икона на Пресвета Богородица – Утешителка,
Манастир Ватопед, Света Гора, 8 век.